

# РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК

Програма за континуирана професионална едукација

*Прирачник за обука*

Проф. д-р Сунчица Димитријоска

Скопје, март 2023

Овој прирачник е подготвен со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Р.С. Македонија, во соработка со ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје како Техничка помош во развојот на содржина и прирачник за обука на стручните лица во социјалните служби за дигитална платформа за учење.
Ставовите изразени во овој прирачник се ставови на авторите и не треба на кој било начин да се сметаат за одраз на официјалните ставови на УНИЦЕФ. Заклучоците изразени во прирачникот се заклучоци на авторите и не треба да се сметаат за одраз на ставовите на УНИЦЕФ.

unicef
for every child

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ** ..... **4**

*За прирачникот* ..... 5
Во рамки на обуката, кон прирачникот има два дополнителни делови: ..... 7
*Цели на прирачникот* ..... 7
*Целна група* ..... 9

**ТЕМА 1: ВОВЕД ВО РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК** ..... **10**

1.1. *Идентификувана состојба преку показатели за заштита на децата во Р.С.Македонија* ..... 12
1.2. *Дефинирање на поимот „дете“* ..... 14

**ТЕМА 2: ЗАШТИТА НА ДЕЦА** ..... **17**

2.1. *Заштита на деца - поим и пристапи* ..... 19
2.2. *Клучни принципи за заштита на деца* ..... 22
2.3. *Видови заштита на деца* ..... 27

**ТЕМА 3: РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО** ..... **30**

3.1. *Психологија на развојот на детето* ..... 32
3.2. *Фази на психосоцијален развој* ..... 40
3.3. *Приврзување – воспоставување афективен однос и безбедна средина на детето* ..... 41

**ТЕМА 4: ДЕФИНИРАЊЕ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЗАНЕМАРУВАЊЕ, ЗЛОУПОТРЕБА И ИЗЛОЖЕНОСТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ДЕЦА** ..... **52**

4.1. *Занемарување на деца* ..... 54
4.2. *Злоупотреба на деца* ..... 61
4.3. *Изложеност на семејно насилство* ..... 71

**ТЕМА 5: ТРАУМА И ВЛИЈАНИЕ НА ТРАУМАТА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕТЕТО** ..... **75**

5.1. *Што е ТРАУМА?* ..... 77
5.2. *Причини за траума* ..... 79
5.3. *Видови траума* ..... 81
5.4. *Третман на траумата – насоки за стручните работници* ..... 84

**ТЕМА 6: ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ВО СТРУЧНАТА РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК** ..... **87**

6.1. *Концепт на „ризик“* ..... 89
6.2. *Идентификување и проценка на ризик* ..... 91

**ТЕМА 7: ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦА ВО РИЗИК** ..... **95**

7.1. *Што е проценка на потребите на деца во ризик?* ..... 97
7.2. *Зошто ни е потребна проценката на потребите на деца во ризик?* ..... 98
7.3. *Што проценуваме кога правиме проценка на потребите на децата во ризик?* ..... 98
7.4. *Како го спроведуваме процесот на проценка на потребите на деца во ризик?* ..... 102

**ТЕМА 8: ИЗДРЖЛИВОСТ (РЕЗИЛИЕНТНОСТ) КАЈ ДЕЦАТА ВО РИЗИК** ..... **104**

**8.1.** *Дефинирање на издржливоста (резилиентноста) кај деца во ризик* ..... 106
**8.2.** *Делата на Daniel и Wassell (и други) – приказ на модел на издржливост и релевантност за договарање?* ..... 108

***8.3.*** *Користење на матрицата за издржливост за разбирање на проценката и согледување на потребите на децата ....................112*

***ТЕМА 9: КОМУНИКАЦИЈА ВО СТРУЧНАТА РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК ........ 120***

*9.1. Градење релација/однос ....................122*
*9.2. Поставување прашања ....................123*
*9.3. Околина /опкружување ....................124*

***БИБЛИОГРАФИЈА .................... 127***

# *ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ*

- ✓ *За прирачникот* - краток вовед со преглед на содржината
- ✓ *Цели на прирачникот*
- ✓ *Целна група* - за кого е наменет прирачникот
- ✓ Методологија - метод врз основа на кој ќе се спроведе целокупниот прирачникот



# ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ

Ова е вашиот прирачник за обука на учесниците „РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК“. Прирачникот „РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК“ е наменет за обука во рамки на Програмата за за континуирана професионална едукација за стручни работници во дејноста социјална заштита во Рерублика Северна Македонија. Изработен е со цел да ви овозможи да го надградите вашето лично и стручно знаење за потребите и работата со деца во ризик и да ви овозможи да ги надградите веќе постоечките, но и да стекнете вештини што ќе ви помогнат да бидете делотворни во вашата стручна работа работа со оваа група деца како корисници.

**Формат на прирачникот[1]:**
Прирачникот е составен и структуриран да може да се применува при онлајн обуки.

**Спроведувач на обуката:**
ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје

**Јазик на прирачникот:**
Македонски јазик

## *За прирачникот*

Овој прирачник за заштита на децата има за цел да ги подобри и надгради основните професионални знаење и вештини на стручните работници во системот на социјална заштита за потребите и стручната работа со деца во ризик.

Прирачникот е составен од девет теми и претставува насока за професионалците во системот на социјална заштита кои постапуваат и работат со деца во ризик. Децата во ризик се изложени на краткотрајни или долготрајни фактори што влијаат негативно на нивниот личен, емоционален, психолошки и социјален развој и им оневозможуваат да го достигнат/остварат својот најдобар потенцијал. Честопати кај децата во ризик се забележува однесување што отстапува од очекуваното и соодветно однесување, согласно нивната возраст и развојна фаза во која се наоѓаат; може да покажуваат агресија, анксиозност, хиперактивност, па дури и посериозни емоционални и психички нарушувања. За спроведување соодветна стручна работа и заштита на децата во ризик, стручните работници во дејноста социјална заштита што работат со деца во ризик потребно е да имаат соодветна и добра стручна подготовка и знаење. Појдовна точка за соодветно разбирање и почеток на стручната работа со деца во ризик е идентификувањето на причините и изворите на ризик факторите кои влијаат врз децата и поттикнуваат несоодветно однесување, а во некои случаи и нарушување. Такви сознанија и самосвест се неопходни за делотворно работење. Прирачникот ќе овозможи поддршка на стручните работници во установите за социјална заштита, овластени и лиценцирани даватели на социјални услуги кои

[1] Овој Прирачник, како документ може да се користи и за едукации кои ќе се реализираат со физичко присуство на стручните работници во дејноста социјална заштита.

работата со деца изложени на ризик и/или жртви на насилство, злоупотреба и занемарување да ги подобрат и надградат основните професионални вештини и знаење за стручната работа со нив. Прирачникот не ја заменува или репродуцира наставната програма и/или обука за стручни работници/водители на случај, туку се надоврзува и се повикува на нив. Сите линкови дадени во рамките на прирачникот се за информативни и едукативни цели.

Прирачникот е составен од следните *девет теми*:

| | |
|---|---|
| *ТЕМА 1:* | **Вовед во разбирање на потребите и работа со деца во ризик** |
| *ТЕМА 2:* | **Заштита на деца** |
| *ТЕМА 3:* | **Развој на детето** |
| *ТЕМА 4:* | **Дефинирање и препознавање на занемарување, злоупотреба и изложеност на семејно насилство на деца** |
| *ТЕМА 5:* | **Траума и влијание на траумата врз развојот на детето** |
| *ТЕМА 6:* | **Проценка на ризик во работа со деца во ризик** |
| *ТЕМА 7:* | **Проценка на потреби на деца во ризик** |
| *ТЕМА 8:* | **Издржливост (резилиентност) кај деца во ризик** |
| *ТЕМА 9:* | **Комуникација во стручната работа со деца во ризик** |

Секоја од темите е конципирана во рамки на редоследноста на содржините и активностите кои се планирани да бидат спроведени. Секоја тема се состои од *пет главни делови*, со следните наслови и ознаки:

**Резиме на темата**
Дел во кој е даден краток преглед на темата – содржината, активностите и општата цел на темата.

**Цели на темата**
Воведен дел во секоја од темите во кој се наведени целите што треба да се постигнат при Вашето активно учење.

**Содржина на темата**
Дел во кој табеларно е претставена содржината на темата, преку приказ на поттемите и активностите.

**Завршни согледувања и заокружување на темата**
Завршен дел од темата во кој се дадени заклучоците и важните поенти од темата.

Во секоја тема, во нејзини рамки се наоѓаат и сини „прозорчиња“ со оваа ознака и со содржина за одредена активност.

**Активност**

Овие активности се вметнати со цел да се одржи Вашето активно учество и да Ви помогнат во Вашето независно размислување, креативност и поврзување на тероретско и практично стекнатото знаење.

НАПОМЕНА: Секој од овие делови од секоја тема е задолжителен и треба да се помине сукцесивно и детално; не може да се премине од една на следната тема доколку се изостави некој дел од содржините на темата. Темата е завршена откако ќе се решат тест прашањата.

Во рамки на обуката, кон прирачникот има два дополнителни делови:

1. *Дополнителна литература - ОБРАСЦИ* и *ПРИЛОЗИ.*
2. Тест за проверка на знаењеата стекнати во обуката.

## *Цели на прирачникот*

Целта на овој прирачник е да обезбеди систематизирани содржини и активности во теми кои се важни за вас како стручни работници што работите со деца во ризик:

### ТЕМА 1: ВОВЕД ВО РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И СТРУЧНА РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК

- Да се воведете во темата на прирачникот – разбирање на потребите и стручната работа со деца во ризик;
- Да ве поттикне и да ви помогне да ја воспоставите и одржите насоката кон активно учење во текот на прирачникот;
- Да се информирате и да ја осознаете идентификувана состојба за заштита на децата во РС Македонија преку конкретни показатели;
- Да се дефинира поимот дете, како важно сознание во стручната работа со деца и негово точно определување во меѓународни и национални рамки;
- Да се дефинира поимот дете, како важно сознание во стручната работа со деца и негово точно определување во националното законодавство.

### ТЕМА 2: ЗАШТИТА НА ДЕЦА

- Да се дефинира заштитата на децата преку определување на помот, принципите и правата на децата.
- Да се појаснат и разберат начелата и пристапите во заштитата на децата како теоретска и практична основа за унапредување на стручната работа со деца во ризик.
- Да се направи информативен преглед на правата и услугите за децата уредени со соодветни закони и подзаконски акти како национална рамка за заштита на децата.

### ТЕМА 3: РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО

- Да ги запознаете и да ги научите развојните фази во растот на детето, со осврт на развојните карактеристики за одредени возрасни групи;
- Да ги разберете и идентификувате фазите на психосоцијален развој на децата;
- Да ги осознаете карактеристиките и важноста на поврзувањето во развојот на децата;

- Да ги разберете и идентификувате видовите приврзување и безбедната средина во рзавојот на децата;
- Да ги разберете и осознаете ефектите од лишеност од афективен однос.

## ТЕМА 4: ДЕФИНИРАЊЕ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЗАНЕМАРУВАЊЕ, ЗЛОУПОТРЕБА И ИЗЛОЖЕНОСТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ДЕЦА

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за злоупотреба и занемарување на деца, нивните карактеристики и нивните видови, во контекст на вашата стручна работа
- Да ги осознаете и да ги имате предвид знаците на занемарување и злоупотреба
- Да ја осознаете потребата од препознавање на занемарување и злоупотреба
- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за ризикот на изложеност на деца на семејно насилство
- Да ги осознаете и да ги увидите сопствените вредности и нивното влијание врз вашето стручно расудување и постапување.

## ТЕМА 5: ТРАУМА И ВЛИЈАНИЕТО НА ТРАУМАТА ВРЗ РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО

- Да ја осознаете и разберете дефиницијата за траума
- Да го осознаете и разберете влијанието на траума врз развојот на детето
- Да научите како да ги поврзете овие сознанија со својата пракса
- Да се информирате за конкретни насоки во контекст на траумата при работа со деца во ризик.

## ТЕМА 6: ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ВО РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за концептот и дефинирањето ризик и видови ризик
- Да ги поврзете вашите постоечки знаење и вештини за проценка на ризик со рамката за проценка на ризикот при стручната работа со деца во ризик
- Да се информирате за поврзаноста меѓу дискриминацијата и изложеноста на ризик на децата
- Да ги поврзете вашите постоечки знаење и вештини за примена на општите техники и алатки за проценка/прибирање податоци за ризикот во стручната работа со деца во ризик
- Да ги осознаете и да ги имате предвид специфичните техники/алатки за проценка/прибирање податоци за ризикот во стручната работа со деца во ризик.

## ТЕМА 7: ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИ НА ДЕЦА ВО РИЗИК

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за значењето на проценка на потребите на деца во ризик и нивните семејства;
- Да ги осознаете и да ги имате предвид знаците на занемаруавње и злоупотреба
- Да ја осознаете потребата од препознавање на незадоволена/и потреба/и и последиците кои ги предизвикуваат кај децата во ризик и нивните смејства;
- Да ги поврзете теоретските со практичните знаење и вештини за проценка на потребите кај децата во ризик преку примена на соодветни методи, техники и алатки во стручната работа.

**ТЕМА 8: ИЗДРЖЛИВОСТ (РЕЗИЛИЕНТНОСТ) КАЈ ДЕЦАТА ВО РИЗИК**

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за значењето на издржливоста на децата во ризик;
- Да осознаете како да ги поттикнете силните страни кај децата во ризик во процсот на надминување на ризикот/ците;
- Да ја осознаете и разберете улогата на семејството, социјалната средина и заедницата во поддршката на децата во ризик.

## *Целна група*

Стручни работници во дејноста социјална заштита кои работата со деца во ризик и/или жртви на насилство, занамарување и злоупотреба.

# *ТЕМА 1: ВОВЕД ВО РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК*

1.1. **Идентификувана состојба преку показатели за заштита на децата во РС Македонија**

1.2. **Дефинирање на поимот *„дете“***

**Завршни согледувања и заокружување на тема 1**



# ТЕМА 1: ВОВЕД ВО РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК

## Резиме на тема 1

Темата 1: Вовед во разбирање на потребите и работа со деца во ризик од овој прирачник, претставува вовед и во содржината на прирачникот и во индивидуалната работа на учесниците. Важна е од аспект на општиот осврт и конкретното определување на поимите, принципите, но и елементите поврзани со определување на поимот „дете“ и приказите на состојбите со децата во државата, преку конкретни индикатори. Оваа тема претставува всушност основа врз која ќе се „гради“ целиот прирачник, тема по тема.

## Цели на тема 1

- Да се воведете во темата на прирачникот – разбирање на потребите и работа со деца во ризик;
- Да ве поттикне и да ви помогне да ја воспоставите и одржите насоката кон активно учење во текот на прирачникот;
- Да се информирате и да ја осознаете идентификувана состојба за заштита на децата во РС Македонија преку конкретни показатели;
- Да се дефинира поимот дете, како важно сознание во стручната работа со деца и негово точно определување во меѓународни и национални рамки;
- Да се дефинира поимот дете, како важно сознание во стручната работа со деца и негово точно определување во националното законодавство.

## Содржина на тема 1

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **1.1. Идентификувана состојба преку показатели за заштита на децата во РС Македонија** | • Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Активност 1: Вашата прва помисла -„Ваша дефиниција за *дете?*“** | • Бура на идеи<br>• Top-of-mind Awareness (прва помисла) | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **1.2. Дефинирање на поимот *„дете“*** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## *1.1. Идентификувана состојба[2] преку показатели за заштита на децата во Р.С. Македонија*

**1** 2 3 4 5

**Показатели за состојбата на детската сиромаштија**

- Недостатоците во образованието, во раниот детски развој, во исхраната, во безбедноста и во љубовта и грижата се меѓу првите пет фактори кои придонесуваат за појава на детската сиромаштија.
- 12% од децата на возраст од 5 до 17 години и 9% од децата под 5 години се сметаат за повеќедимензионално сиромашни.
- Најмалку секое трето ромско дете доживува повеќедимензионална сиромаштија, во споредба со едно од девет во целокупното население.

Најчестите лишувања на деца во Северна Македонија беа откриени преку мултидимензионална студија за сиромаштија достапна на следниот линк

1 **2** 3 4 5

**Показатели за состојбата на деинституционализација**

- Процесот на деинституционализација беше завршен за децата, со тоа што не се оставија деца во големите институции во земјава.
- Децата без родителска грижа се или во згрижувачки семејства или во мали групни домови. Но, во институциите сè уште има лица со попреченост
- Република Северна Македонија успеа да не згрижува деца во големи установи за социјална заштита и заштита на деца; Владата ги пренасочи ресурсите, вклучително и за формирање центри за поддршка на згрижувачки семејства.
- Бројот на деца во згрижувачки семејства се зголеми од првичните 317 на 332 според последните податоци, додека има и 104 во роднинско згрижување.

[2] Извори:

- Годишен извештај на Канцеларијата на УНИЦЕФ во земјата за 2021 година Северна Македонија, достапно на следниот линк
- АНАЛИЗА на состојбата со правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија 2021, ООН Северна Македонија достапно на следниот линк
- Годишен извештај за остварени резултати на ООН во Северна Македонија за 2021, достапно на следниот линк

1 2 **3** 4 5

**Показатели за состојбата на насилство врз децата**

- Децата сè повеќе се изложени на насилство, пресликувајќи ги светските трендови.
- Во 2021 година, Народниот правобранител постапи по вкупно 23 претставки за заштита на дете од насилство и несоодветно постапување, од кои во 7 случаи по сопствена иницијатива, а по добиени сознанија од средствата за јавно информирање. Претставките за заштита на правата на детето се поднесуваа од страна на родители и граѓански организации, а се бараше интервенција заради сексуално насилство, меѓуврсничко насилство, насилство врз дете преку интернет, физичко и психичко малтретирање врз дете во градинка, во семејство и училиште[3].

1 2 3 **4** 5

**Показатели за состојбата на децата во контакт со законот**

- Состојбата на децата во контакт со правосудниот систем и понатаму е исклучително загрижувачка.
- Четирикратно зголемување е забележано кај изречените воспитно-поправни мерки.
- За 39 процентни поени помал е процентот на деца во ризик на кои им се изречени мерки за помош и заштита во однос на претходната година.

1 2 3 4 **5**

**Показатели за состојбата на децата со попречност**

- Со Законот за социјалната заштита од 2019 година (Сл весник бр. 104/19) се унапредува принципот за еднаков третман и недискриминација во остварувањето на правата од социјална заштита, коишто се засноваат на еднаков и правичен третман, вклучително и препознавање на попреченоста како основ за дискриминација. Новиот Закон за социјална заштита и обемното ревидирање на Законот за детска заштита го преструктурираа и го консолидираа системот за парична помош, помеѓу другото, со цел да се обезбеди зголемен опфат и соодветност. Со реформата се воведоа и нови услуги за социјална поддршка и грижа за децата со попреченост и нивните негуватели

[3] Народен правобранител, Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021, достапно на следниот линк

- ✓ Беа направени подобрувања на системите за функционална проценка за деца и млади со попреченост во Скопскиот, Пелагонискиот, Југоисточниот и Полошкиот регион. Поточно, започна успешно да се спроведува системот на проценка по Меѓународната класификација на функционирање (МКФ) за деца и млади до 26 години, во четири од осум плански региони.

**Активност 1**

**Ваша дефиниција за *„дете“***

- Која е Вашата прва помисла кога ќе се спомене поимот *„дете“*?
- Која е Вашата дефиниција за *„дете“*?



**Цел:**

- Да се воведете во темата на прирачникот;
- Да воспоставите и одржите насока кон активно учење во текот на прирачникот.

## *1.2. Дефинирање на поимот „дете“*

*„Дете“* наједноставно се дефинира како младо лице што сè уште не е возрасно; младо човечко суштество на возраст под пубертет или под законската возраст за полнолетство.“[4]. Генерално за дефинирање на поимот дете се зема законски пропишаната возраст за полнолетство (зрелост). Па така, законски, *„дете“* обично се однесува на поединец кој е малолетник/малолетничка, кој/а е под законски определената (пропишаната) возраст. Одредената возраст во повеќето држави на светско ниво е 18 години што истовремено се дефинира и како *полнолетство*.

### 1.2.1. Дефинирање на поимот *„дете“* на меѓународно ниво

Меѓународната рамка за заштита на децата се состои во почитување и спроведување на Конвенција за правата на детето[5]. Конвенцијата за правата на детето во првиот член дефинира дека *„дете значи секое човечко суштество под возраст од осумнаесет години, освен ако според законот што се применува за детето, полнолетството се стекнува порано“*. Во Конвенцијата постојат права што продолжуваат да важат за сите лица под осумнаесет години, без оглед на возраста на стекнување на полнолетството, вклучително забрана за примена на смртна казна за лица под 18 години и според Факултативен протокол на Конвенцијата, забрана за регрутирање лица под 18 години во вооружени сили. Во член 5 се вели дека: *„Државите потписнички ќе ги почитуваат одговорностите, правата и должностите на родителите или кога е соодветно, членовите на поширокото семејство или заедница, како што е предвидено со локалните обичаи, законските застапници/старатели или други лица кои се правно одговорни за детето, да обезбедат, на начин што е*

[4] Дефиниција во Oxford Learner’s Dictionaries линк

[5] Конвенција за правата на детето, усвоен на 20 ноември 1989, а стапи во сила на 2 септември 1990, достапна на следниот линк

*конзистентен со развојните капацитети на детето, соодветна насока и водство во остварувањето на правата признати во оваа Конвенција“*. Овој принцип е надополнет со друг содржан во член 12 од Конвенцијата, во кој се вели: *„Државите потписнички ќе му обезбедат на детето кое е во можност да формира свои ставови и гледишта право да ги искаже тие гледишта слободно за сите работи што влијаат на детето, а на ставовите на детето да му се даде соодветна тежина во согласност со возраста и зрелоста на детето*“.

Правата на децата за заштита од насилство, злоупотреба и експлоатација не се на никаков начин ограничени ниту условени од нивната возраст. Ограничениот капацитет на децата да се заштитат себеси секогаш значи дека релевантните документи, како насоките за нивна имплементација можат да сугерираат само посилни права за заштита, никогаш послаби.

### 1.2.2. Дефинирање на поимот *„дете“* во македонското законодавство[6]

Националното законодавство го дефинира почетокот на детството со раѓањето, а неговиот крај на возраст од 18 години, кога се стекнува *полнолетство*, *полна деловна способност* и *способност за остварување на избирачкото право*.

Лицата со попреченост до 26 години во земјава се третираат како деца, во однос на остварување одредени права и услуги од социјална заштита и заштита на деца.

***Табела бр. 1*** **Приказ на дефиниции за детето во законите во РС Македонија**

| **Дефиниции за детето во македонското законодавство** | |
|---|---|
| **Уставот на Република Северна Македонија[7] (член 22 ст.1)** | ... секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. |
| **Законот за заштита на деца[8]** | Дете се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот. |
| **Законот за правда на децата[9]** | Како дете се дефинира секое лице на возраст до 18 години. Во овој закон за прв пат се дефинира терминот *„дете во ризик“*, се воведува дефиницијата за *„дете жртва“* и се воведува дефиниција за *„дете во судир со законот“.* |

[6] Преземено и адаптирано од Богоевска Н., Димитријоска С., (2020) Заштита на деца, Униврзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Филозофски факултет, Скопје
[7] Устав на Република Македонија, Собрание на Република Македонија (Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија 1991, Одлука за прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија 1992, 1998, 2001, 2003, 2005, 2009, 2011)
[8] Закон за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22)
[9] Закон за правда на деца („Службен весник“ бр. 148/13, 152/19)

| | |
|---|---|
| **Закон за социјална заштита**[10] | Во Законот за социјална заштита терминот „дете“ се споменува 58 пати, но нема наведено дефиниција за „дете“. |
| **Законот за семејство**[11] | Полнолетството се стекнува со наполнување 18 години од животот, кога полнолетното лице се здобива со деловна способност. |
| **Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (чл.3, став 2, точка 13)**[12] | Дете е секое лице на возраст до 18 години. |
| **Закон за работни односи**[13] | Законодавството ја дефинира возраста од 15 години како минимална возраст на која поединецот има право да работи. Покрај ова законодавството ги регулира и условите за работа и работното време. Имајќи го превид воведувањето на задолжително средно образование, постои одредена колизија со одредбите од Конвенцијата бр. 138 на Меѓународната организација на трудот, која вели дека минималната возраст на која може да се вработи лицето не би требала да биде под возраста на која се завршува задолжителното образование. |

## Завршни согледувања и заокружување на тема 1

- ✓ Меѓународната рамка за заштита на децата се состои во почитување и спроведување на Конвенција за правата на детето, според која „дете значи секое човечко суштество под возраст од осумнаесет години, освен ако според законот што се применува за детето, полнолетството се стекнува порано“.
- ✓ Националното законодавство го дефинира почетокот на детството со раѓањето, а неговиот крај на возраст од 18 години, кога се стекнува полнолетство, полна деловна способност и способност за остварување на избирачкото право.
- ✓ Лицата со попреченост до 26 години во земјава се третираат како деца, во однос на остварување одредени права и услуги од социјална заштита и заштита на деца.

[10] Закон за социјална заштита („Сл. весник“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22)
[11] Закон за семејството („Службен весник на РМ“, бр.153/2014, пречистен текст)
[12] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство „Службен весник“ бр. 24/21, достапно на следниот линк
[13] Закон за работни односи – пречистен текст („Сл. весник“ бр. 167/2015, 27/2016)

# *ТЕМА 2: ЗАШТИТА НА ДЕЦА*


**2.1. Заштита на деца - поим и принципи**

**2.2. Видови заштита на деца**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 2**




# ТЕМА 2: ЗАШТИТА НА ДЕЦА

## Резиме на тема 2

Темата 2: *Заштита на деца* од прирачникот „Разбирање на потребите и работа со деца во ризик“ важна е од аспект на општиот осврт и конкретното определување на поимите, принципите, но и елементите на заштитата на децата. Особено е важна бидејќи дава перспектива и на меѓународно и на национално ниво што се подразбира под ефикасен и ефективен систем на заштита на децата; тоа е систем кој обезбедува права и услуги за децата и семејствата со цел превенција, заштита и надминување на ризиците и проблемите кои се одразуваат на добросостојбата на децата.

## Цели на тема 2

- Да се дефинира заштитата на децата преку определување на помот, принципите и правата на децата.
- Да се појаснат и разберат начелата и пристапите во заштитата на децата како теоретска и практична основа за унапредување на стручната работа со деца во ризик.
- Да се направи информативен преглед на правата и услугите за децата уредени со соодветни закони и подзаконски акти како национална рамка за заштита на децата.

## Содржина на тема 2

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **Активност 2: Вашата прва помисла -„Што подразбирате под помот *заштита на деца*“** | • Бура на идеи<br>• Top-of-mind Awareness (прва помисла) | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **2.1. Заштита на деца - поим и пристапи** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **2.2. Клучни принципи за заштита на деца** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | |
| **2.3. Видови заштита на деца** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## *2.1. Заштита на деца - поим и пристапи*

**Активност 2**

**„Што подразбирате под помот заштита на деца“**

Која е Вашата прва помисла кога ќе се спомене поимот *„заштита на деца“*?



**Цел:**

- Да се воведете во темата на прирачникот;
- Да воспоставите и одржите насока кон активно учење во текот на

**Што се подразбира под „заштита на деца“?** - *Определување на терминот*

Терминот „заштита на деца“ се користи на различни начини со различно значење. Во наједноставна форма, заштитата на децата се однесува на правото на секое дете да не биде подложено на штетно влијание, односно на штетно однесување. Терминот ги надополнува другите права, кои, меѓу другото, обезбедуваат сигурност дека децата го добиваат она што им е потребно за да преживеат, да се развиваат и да напредуваат.

УНИЦЕФ го користи терминот „заштита на децата“, кој се однесува на спречување и реагирање на насилство, експлоатација и злоупотреба на деца – вклучително и сексуална експлоатација, трговија со луѓе, детски труд и штетни традиционални практики[14]. Програмите за заштита на децата на УНИЦЕФ, исто така, се насочени кон децата кои се ранливи на овие злоупотреби, како, на пример, деца кои живеат без родителска грижа, деца во судир со законот и деца во вооружен судир. Децата подложени на насилство, експлоатација, злоупотреба и занемарување се изложени на ризик од смрт, лошо физичко и ментално здравје, воспитни проблеми, раселување, бездомност, питачење и неразвиени вештини за родителство подоцна во животот.

Заштита на деца во Закон за заштита на деца во РС Македонија[15] е дефинирана на следниот начин: *„Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата“.* Заштитата на децата тесно се поврзува со сите аспекти на благосостојба на децата. *Благосостојба на детето* е термин кој се користи за опишување на збир на владини услуги дизајнирани да ги заштитат децата и да ја поттикнат семејната стабилност. Тие на пример, вклучуваат истрага за наводна злоупотреба и занемарување на

[14] Достапно на следниот линк

[15] Закон за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22)

деца, згрижување, услуги за посвојување и услуги насочени кон поддршка на семејствата во ризик. Честопати, истото дете е подложено на сиромаштија, недоволна ухранетост и болести, лишено од рано стимулирање, не е вклучено во образовниот процес и со поголема веројатност да биде злоупотребено и експлоатирано.

### 2.1.2 Теоретски и практични основи на заштита на деца

Практичарите генерално се согласуваат дека рамката „пристап фокусиран на детето, пристап фокусиран на семејството и пристап насочен кон различностите“ за практикување на благосостојбата на децата ги промовира најдобрите резултати за децата[16] е интегративна и основна рамка во работата со деца. Оваа интегративна рамка за пракса се надоврзува на шест главни перспективи или пристапи, кои комплементарно се надоврзуваат и можат да се комбинираат во практиката на стручната работа со деца (теоретска основа за добра практика). Во продолжение краток преглед на овие пристапи:

| | |
|---|---|
| **Еколошки пристап** | Овој пристап го концептуализира човечкото однесување и општественото функционирање во контекст на животната средина. Личните, семејните и факторите на околината комуницираат едни со други за да влијаат на поединците, во овој случај децата и семејствата. Заштитата на децата се смета како одговор на интеракцијата помеѓу комплексен збир на ризик и заштитни фактори на ниво на поединец, семејство, заедница и општество. |
| **Пристап насочен кон детето**<br><br>**(Child Centered Approach)** | Пристапот фокусиран на детето е фундаментален за заштита и унапредување на благосостојбата на секое дете. Пристапот насочен кон детето значи *да се задржи детето во фокус кога се донесуваат одлуки за неговиот живот и да се работи во партнерство со нив и нивните семејства.* Следниве принципи се од суштинско значење за ефективна практика насочена кон детето:<br>• Темелните проценки на децата треба да го земат предвид нивото на нивниот развој од сите аспекти.<br>• Поврзувањето на децата, особено многу малите деца и нивните семејства со услуги и поддршка го зајакнува нивното физичко, когнитивно, емоционално и социјално функционирање.<br>• Децата треба да бидат информирани за правните и административни одлуки кои ги засегаат на соодветен начин и да им се дадат можности да ги изразат, разјаснат и да ги соопштат своите чувства и желби, имајќи ја предвид нивната возраст, зрелост и способност да разберат.<br>• Сите интервенции треба да се обидат да создадат и зајакнат |

[16] Лига за благосостојба на децата на Америка. (1999). CWLA стандарди за извонредност на услуги за злоупотребени и запоставени деца и нивните семејства (Rev. ed.). Вашингтон.

| | |
|---|---|
| | детски мрежи и да обезбедат соодветни информации за да им овозможат на децата да ја зголемат заштитата и поддршката.<br>• Интервенциите во кои се вклучени деца во период на подоцнежна адолесценција треба да ја препознаваат важноста на младото лице да развие чувство за себе и дека можеби не е секогаш соодветно семејството да биде вклучено во решавањето на адолесцентните прашања.<br>• Комбиниран со пристап фокусиран на семејството, овој пристап има за цел да обезбеди на стручниот работник соодветно да процени и интервенира на прашањата кои влијаат на капацитетот на семејството да се грижи и да ги заштити своите деца. Исто така, има за цел да обезбеди основа потребите на детето да се разгледуваат во контекст на неговото/нејзиното семејство. |
| **Пристап заснован на силни страни** | Овој пристап се однесува на практични методи и стратегии кои се потпираат на силните страни на децата, семејствата и заедниците. Практиката заснована на силни страни вклучува промена/пренасочување од пристапот фокусиран на недостатоците/проблемите, кој ги нагласува проблемите и патологијата, кон позитивно партнерство со детето и семејството. Проценките се фокусираат на сложената интеракција на ризиците и силните страни поврзани со детето, членовите на семејството, семејството како единица и пошироката заедница и околина (во зависност дали се применува методот на работа со поединец, група или заедница). |
| **Пристап насочен кон развој** | Оваа перспектива се однесува на разбирање на индивидуалниот раст и развој и развојот на семејството од перспектива на животниот век. Ги вклучува поединците и семејствата кои комуницираат со нивните средини со текот на времето. Ефективното планирање на случајот зема предвид кои интервенции се ефективни за одреден проблем на дете или семејство, во специфичен амбиент на животната средина и во одредена развојна фаза.[17] |
| **Пристап насочен кон планирање стабилност** | Во основата на овој пристап е правото на сите деца да имаат постојан дом. Планирањето на услугите за заштита на децата треба да се фокусира на безбедно одржување на децата во нивните домови или доколку е потребно, нивно трајно сместување во мали групни домови или згрижувачки семејства. Интервенциите вклучуваат збир на активности насочени кон целта дизајнирани да им помогнат на децата |

[17]Pecora, PJ, Whittaker, JK, Maluccio, AN, Barth, RP, & Plotnick, RD (2000). Предизвикот за заштита на децата (второ издание). Њујорк, Њујорк: Алдин де Грујтер; Zlotnick, J. (2000). Кои се основните надлежности за практичарите во агенциите за заштита на децата? Во H. Dubowitz & D. DePanfilis (Eds.), Прирачник за пракса за заштита на децата (стр. 571-576). Thousand Oaks, CA: Sage.

| | |
|---|---|
| | да живеат во безбедна средина која нуди лувство на припадност, во законски уредени и долготрајни релации со родителите/старателите/згрижувачите. |
| **Пристап базиран на докази** | Согласно овој пристап, заштитата на децата е процес кој вклучува креирање прашање за потребите на децата кое може даде одговорено преку идентификување на најдобрите достапни докази како одговор на прашањето, кое ќе овозможи оценување на квалитетот на доказите, како и применливост на доказите и евалуација на ефективноста и ефикасноста на решението. Практиката базирана на овој пристап е процес во кој стручниот работник комбинира добро истражени интервенции со примена на искуство, етика, преференции на корисниците (во овој случај децата) и култура за да води и испорача соодветен третман и услуги. |
| **Холистички пристап** | Системски и/или холистички пристап во заштитата на децата подразбира насоченост на системите во кои секојдневно функционира детето, како и унапредување на адаптацијата меѓу детето и системите со кои е поврзан/а и во кои функционира. |
| **Пристап на интеркултурна компетентност** | Овој перистап бара од стручните работници да ја разберат перспективата на децата со кои работата дека можат да имаат културно различно потекло и соодветно да ја прилагодат нивната практика. Основната интеркултурна компетентност се постигнува кога организациите и практичарите ќе ги прифатат и почитуваат разликите, ќе се вклучат во тековно културно самооценување, ќе ги прошират своите знаења и вештини за различноста и ќе ги приспособат моделите на услуги за да одговараат на целните популации, културата, ситуацијата и согледаните потреби. |

## *2.2. Клучни принципи за заштита на деца*

### 2.2.1. Универзални принципи за заштита на деца

Универзалните, основните принципи на кои се заснова универзалната заштита на децата всушност подразбираат почитување и примена на правата на децата преку спроведување на *Конвенцијата на ООН за правата на детето*[18], усвоен на 20 ноември 1989, а стапи во сила на 2 септември 1990 година. На 25 мај 2000 година, беа донесени два факултативни протоколи. Со Првиот факултативен протокол се ограничува вклучувањето деца во воени конфликти, а со

[18]Достапна на следниот линк

Вториот факултативен протокол се забранува трговија на деца, детска проституција и детска порнографија.

Според Конвенцијата, секое дете има право на слобода од сите видови насилство, злоупотреба или занемарување, а државата има обврска да примени мерки и активности за превенција од насилството врз децата и да обезбеди соодветна заштита на детето од сите видови насилство во сите опкружувања и услови: во семејството, во формалните и неформални облици на предучилишно образование, во училиштата, во институциите за домување и во институциите во поширокото општествено живеење. Дефинирајќи ги политичките, граѓанските, социјалните и економските права на децата (Ruck and Horn 2008), Конвенцијата за правата на детето е најсеопфатната меѓународна конвенција и се однесува на целиот спектар на права за децата (Ben-Arieh, 2005). Кои се принципите на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето? Тоа се: недискриминација, најдобриот интерес на детето, правото на живот, опстанок и развој и почитување на ставовите на детето. За поголема информираност, ви приложуваме лесно читлива верзија од Конвенцијата за правата на детето (в. во дополнителна литература).

### 2.2.3. Принципи за заштита на децата во македонското законодавство

Принципите на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето се преточени и во законодавната рамка на Република С Македонија за заштита на деца. На пример, во Законот за заштита на деца се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување други социјални права и слободи на детето. Во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права утврдени со закон се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и од установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помошна децата.

Сумирано, основните принципи на кои се заснова заштита на децата во македонското законодавство се следните:

| | |
|---|---|
| **Принцип на недискриминација** | Овој принцип подразбира дека децата не треба да бидат дискриминирани по ниту еден основ и дека треба да имаат еднакви можности за најголеми достигнувања, без оглед на нивната расна, полова или религиска припадност, политичка ориентација, национално, етничко или социјално потекло, економска позиција, попреченост, јазикот или која било друга состојба на детето, или на неговите родители/старатели. |

| | |
|---|---|
| **Најдобар интерес за детето** | Во сите мерки, активности и иницијативи кои се однесуваат на децата и во кои се вклучени децата, од примарно значење е најдобриот интерес на детето, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите, административните органи или законодавните тела. Ова начело подразбира мерки за заштита и грижа за детето, неопходни за неговата благосостојба, земајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители/старатели или други лица кои правно се одговорни за грижата за детето. |
| **Право на детето на живот, опстанок и развој** | Секое дете има неотуѓиво право на живот и опстанок, што значи неповредливоста на ова право дава основа за натамошен развој на децата. Од тука произлегува и обврската на државата да обезбеди адекватни законски, административни, социјални и образовни мерки за заштита на децата од сите форми на физичко и психолошко насилство, повреда или злоупотреба, занемарување или занемарувачки третман, експлоатација, сексуална злоупотреба, додека за него се грижат родителите/старатели или некое друго лице на кое му е доверена грижата за детето. |
| **Право на партиципација (активно учество)** | Принципот на активно учество предвидува право на секое дете да формира свое мислење и став и да ги искаже и артикулира истите секогаш кога смета дека тоа му е потребно, без разлика на возраста. Тоа подразбира дека детето има право да биде активно вклучено во сите општествени случувања, а посебно кога се во прашање неговите интереси. |

Кога станува збор за социјалната заштита на деца, согласно Законот за социјалната заштита (Службен весник бр. 104/19, II Глава) таа се заснова врз неколку начела кои претставуваат смерници за развој на системот и во исто време обезбедуваат правилна примена на законските одредби во практиката:

| | |
|---|---|
| **Начело на еднаков третман и недискриминација** | Корисникот/детето има право на социјална заштита, која се заснова на еднаков и рамноправен третман. Се забранува секаков вид и облик на дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, |

| | |
|---|---|
| | здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа во остарување на парична помош од социјална заштита и социјални услуги. Заштитата од дискриминација се обезбедува во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација. |
| **Начело на партиципативност** | Корисникот (детето) на социјална заштита има право да учествува во процената на неговата состојба и потреби, да биде информиран за расположливите социјални услуги, да учествува во подготовката на индивидуалниот план, во донесувањето одлуки за користење на потребните социјални услуги, како и во изборот на давателот на услугата. Без согласност на корисникот/детето, односно неговиот законски застапник/старател, не може да се даде социјална услуга, освен во случаи утврдени со закон.<br><br>Детето има право, во согласност со неговата возраст и зрелост, да учествува и да го изрази своето мислење во сите постапки во кои се одлучува за неговите права. |
| **Начело на индивидуализација** | Социјалните услуги се обезбедуваат преку користење индивидуализиран пристап, приспособен на карактеристиките и потребите на корисникот/детето. |
| **Начело на зајакнување на корисникот/детето** | Правата и услугите од социјална заштита му се обезбедуваат на корисникот/детето на начин кој овозможува максимално користење на неговите потенцијали и зајакнување на неговите капацитети за независно организирање на животот и самопомош во иднина. |
| **Начело на приватност** | Корисникот/детето има право на почитување на приватноста при остварување на права и услуги од социјална заштита. Барање на информации од корисникот/детето при преземање мерки неопходни за давање услуга или остварување право, не се смета како нарушување на приватноста на корисникот/детето. |
| **Начело на почитување на интегритетот и правата на корсникот** | Физичкиот и психичкиот интегритет, достоинството и сигурноста на корисникот/детето се почитуваат при остварување на социјалната заштита, во согласност со гарантираните човекови права и слободи. |
| **Начело на најдобар интерес** | Правата и услугите од социјална заштита се обезбедуваат во согласност со најдобриот интерес на корисникот/детето, со почитување на неговиот интегритет, возраста во кој тој се наоѓа, животните навики, развојните потреби и потребите за поддршка во секојдневното функционирање. |

| | |
|---|---|
| **Начело на најмалку рестриктивно опкружување** | Социјалните услуги се обезбедуваат во непосредното и најмалку рестриктивно опкружување за корисникот/детето, првенствено преку услуги во домот или во локалната заедницата, кои му овозможуваат да му се подобри квалитетот на живот и да продолжи да живее во сопствениот дом и заедницата. |
| **Начело на доверливост** | На корисникот/детето на права и услуги од социјална заштита му се обезбедува тајност и заштита на личните податоци, во согласност со закон. На корисникот/детето му/ѝ се обезбедува доверливост на сите приватни податоци од документацијата која се обработува за потребите на известување, односно евиденција, вклучително и оние кои се однесуваат на неговата личност, однесување, семејна животна ситуација и начин на користење на правата и услугите на социјална заштита, освен во случаи утврдени со закон. |
| **Начело на јавност во работењето** | Министерство, општините, град Скопје и општините во град Скопје на својата интернет-страница, во средствата за јавно информирање, како и на други начини во согласност со закон, ја информираат јавноста за социјалната заштита и даваат други информации утврдени со закон. Установите за социјална заштита и давателите на социјални услуги обезбедуваат слободен пристап до информации за својата работа, во согласност со закон. |

## *2.3. Видови заштита на деца*

### 2.3.1. Кој е одговорен за заштита на децата?

Заштитата на децата е колективна одговорнот, првентвено на родителите/старателите/згрижувачите, потоа на заедницата и на државата.

***Слика 1.*** **Кој е одговорен за заштитата на децата?**

Главно се одговорни за грижата за своите деца и работат на исполнување на сите нивни физички, емоционални, психолошки, социјални потреби.




Обезбедува права и услуги за сите деца и семејства. Исто така, презема исклучителни и ограничени мерки за да се надомести недостигот од родителска грижа и/или неможноста на родителите/старателите/згрижувачите да овозможат соодветна безбедност и раст на децата.

Обезбедува помош и поддршка на родителите/старателите/згрижувачите за соодветно преземање и извршување на нивните одговорности.

### 2.3.2. *Социјална заштита на деца = парични права од социјална заштита + социјална превенција и социјални услуги*

Социјалната заштита се уредува со Закон за социјалната заштита и подзаконски акти што произлегуваат од овој Закон[19]. Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,
- спречување на социјалната исклученост,
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Дејноста на социјалната заштита на деца се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување социјални услуги и други мерки уредени со Закон за социјалната заштита.

Краток преглед на правата и услугите од социјална заштита прикажан е во дополнителна литература.

### 2.3.3. *Општествена заштита на деца*

Оваа заштита се уредува со Закон за заштита на деца и подзаконски акти што произлегуваат од овој Закон[20]. Заштита на децата, во смисла на Законот за заштита на деца, се остварува преку обезбедување определени права, средства и облици за заштита на децата. Права за заштита на децата се:

1) **Детски додаток**
2) **Посебен додаток:**
3) **Еднократна парична помош за новороденче**
4) **Родителски додаток за дете**
5) **Додаток за образование**
6) **Додаток за образование на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа**
7) **Партиципација.**

Краток преглед на основата и бенефициите кои ги остваруваат корисниците во рамки на овие права прикажан е во дополнителна литература.

[19] Достапно на следниот линк
[20] Достапно на следниот линк

### 2.3.4. *Семејно-правна заштита на деца*

Семејно-правната заштита на деца се уредува со Закон за семејство и подзаконски акти што произлегуваат од овој Закон[21]. Заштита на децата, во смисла на Законот за семејство, се остварува преку уредување на: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови.

НАПОМЕНА: ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје спроведува прирачник за едукација на стручните работници во центрите за социјална работа за мировна постапка и доверување на дете, каде детално е презентирана законската регулатива и стручната работа во оваа област на заштита на децата.

### 2.3.5. *Правда за деца*

Овој аспект на заштита на деца во судир со законот се уредува со Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр.148/2013).

## Завршни согледувања и заокружување на тема 2

- ✓ Во основата на заштитата на деца е почитување на универзалните права на детето и на принципите на недискриминација, најдобар интерес на детето, право на детето на живот, опстанок и развој и право на активно учество (партиципација) во сите општествени случувања.
- ✓ Заштитата на децата е колективна одговорност на: родителите/старателите/згрижувачите, општеството/заедниците и државата и на национално ниво е уредена со соодветни закони и подзаконски акти, со цел спроведување соодветен и ефикасен систем за заштита на децата и одговор на нивните потреби (како развојни, така и заштитни).
- ✓ Националниот систем на заштита на децата обезбедува права и услуги за децата и семејствата со цел превенција, заштита и надминување на ризиците и проблемите кои се одразуваат на добросостојбата на децата; правата и услугите се уредени со соодветни закони и подзаконски акти.

[21] Достапно на следниот линк

# *ТЕМА 3: РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО*

**3.1. Психологија на развој на детето**

**3.2. Фази на психосоцијален развој на личноста (Е.Ериксон)**

**3.3. Приврзување - воспоставување афективен однос и безбедна средина**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 3**



# ТЕМА 3: РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО

## Резиме на тема 3

Темата 3: *Развој на детето* од овој прирачник во себе содржи елаборирани содржини поврзани со психологија на развојот на детето – фази и карактеристики на развој во секоја фаза; фази на психосоцијален развој на личноста и приврзување – воспоставување афективен однос и безбедна средина. Оваа тема иако на изглед содржи многу теоретски материјал, вие како стручни работници читајќи ја соджината ќе препознаете многу познати нешта кои ги знаете теоретски, но и кои сте ги сретнале во практиката. Темата опфаќа содржини кои се основа врз која понатаму се надградуваат вашите знање и вештини во работата со деца, поврзани со некој ризик, загуба и/или траума.

## Цели на тема 3

Оваа тема ќе ви овозможи да се запознаете и да стекнете ново знаење, но и да ги надградите вашите постоечки знаење и вештини поврзани со стручната работа со деца во ризик. Преку оваа тема очекувано е:

- Да ги запознаете и да ги научите развојните фази во растот на детето, со осврт на развојните карактеристики за одредени возрасни групи;
- Да ги разберете и идентификувате фазите на психосоцијален развој на децата;
- Да ги осознаете карактеристиките и важноста на поврзувањето во развојот на децата;
- Да ги разберете и идентификувате видовите приврзување и безбедната средина во рзавојот на децата;
- Да ги разберете и осознаете ефектите од лишеност од афективен однос.

## Содржина на тема 3

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **3.1. Психологија на развој на детето** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Активност 3**<br>**Квиз за развој кај децата: Во која фаза би очекувале да ги видите следниве однесувања?** | • Бура на идеи<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **3.2. Фази на психосоцијален развој на личноста** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

| | | |
|---|---|---|
| **3.3. Приврзување – воспоставување афективен однос и безбедна средина.** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## *3.1. Психологија на развојот на детето*

### 3.1.1. Вовед

Децата постојано растат и се развиваат, физички, умствено и емоционално.

Растот и развојот на детето се забележуваат и се видливи низ биолошките, психолошките и социјалните промени. Растот и развојот на децата се поттикнува и одвива под влијание на две групи на фактори:

- ***Ендогени (внатрешни) фактори*** се поврзани со наследноста (генетиката), односно сè она што детето го наследува од своите родители, односно предци (темперамент, развој на мозокот итн).
- ***Егзогени (надворешни) фактори*** на раст и развој на децата – спаѓаат фактори на средината и опкружувањето во кои расте и се развива детето; спаѓаат природната средина, семејството/родителите/старателите/згрижувачите кои се грижат за детето, културата, традицијата, верската припадност, заедницата и општеството/државата.

Во контекст на влијанието на овие фактори, цениме дека е важно да се истакне важноста на:

| | |
|---|---|
| **Нега и грижа за децата** | Негата и грижата се од суштинско значење за раниот развој на детето, бидејќи се важни за стабилната средина создадена од примарните старатели за децата, односно бебињата (родители/ старатели/ згрижувачи). Позитивното искуство од дадената нега и грижа во раното детство вклучува добра исхрана, безбедна домашна/семејна средина, одговорна грижа и можности за рано учење и ран детски развој. Кога на децата не им се обезбедува вакво ниво на грижа, тие може да се сметаат за загрозени.<br>Ризиците на негата и грижата за детето може да се појават уште пред тоа да се роди. Несоодветната исхрана во бременоста, користењето лекови, психотропни супстанции и алкохол од страна на мајката може да доведе до ниска родилна тежина, пореметувања во пренаталниот развој, што подоцна може да резултира со поголем ризик од болест и нарушувања во растот и развојот на детето - физичкиот, психичкиот, емоционалниот и социјалниот развој. Извештај на Светската здравствена |

| | |
|---|---|
| | организација (СЗО) покажа дека децата на кои им недостигала грижа во раното детство им било тешко да се поврзат со другите и се изложени на ризик да бидат во постојани циклуси на сиромаштија како возрасни. Сепак, ова може да се промени преку рана интервенција, која се покажа дека ги подобрува вештините за воспоставување врски, емпатија и благосостојба[22]. |
| **Менталното здравје на децата** | Во контект на соодветната нега и грижа за децата спаѓа и менталното здравје на детето. Менталното здравје е нешто за што јавноста разви повеќе свест во изминатите неколку години. Често гледаме кампањи за ментално здравје во мејнстримот, при што темата сега се дискутира поотворено од кога било досега. Менталното здравје често се смета за нешто што главно влијае на возрасните, но менталното здравје на децата често може да има влијание врз нивниот ран период од животот.<br>За се поддржи менталното здравје на децата, потребно е родителите/старателите/згрижувачите да користат што е можно повеќе грижлив вербален и невербален говор на телото, како што е контакт со очите, насмевка и позитивен допир. Пример за позитивен допир може да биде прегратка или држење за раце. Покрај ова, од суштинско значење е постојаноста во рутината и очекувањата, како и користењето пофалби за признавање и наградување на позитивното однесување и интеракции. Исто така, важно е да се поминува време со детето слушајќи ги неговите/нејзините мисли и чувства и правејќи заеднички активности кои се сметаат за забавни и наградувачки – да се гради и негува грижлив и доверлив однос[23]. |
| **„Емоционален премин“ - транзиција од една во друга развојна фаза на децата** | Транзициите се нормален дел од животот. Како што растат луѓето од бебиња до возрасни, тие ќе наидат на многу преодни фази, како што се преселување во нова област, започнување на училиште или губење на луѓе кои им се блиски.<br>Возрасните (родителите/старателите/згрижувачите) играат интегрална улога во поддршката на децата низ овие фази на транзиција и пресврт во раниот период на развој од живот. Постојат чекори што возрасните можат да ги преземат за да им помогнат на децата во преодните периоди во животот, вклучително и да бидат позитивен модел на однесување, соодветно да одговараат на потребите на децата во текот на транзициите и да бидат топли и поддржувачки настроени за време на |

[22] World Health Organisation. (2018). Nurturing care for early childhood development A global framework for action and results. Достапно на следниот линк.
[23] raisingchildren.net.au. (2021). Good mental health for children: 3-8 years. Достапно на следниот: линк.

интеракциите поврзани со она што се случува. Јасната комуникација и конзистентните рутини исто така може да бидат поддршка во текот на овие периоди.
Ако децата не се соодветно поддржани во периодите на емоционални транзиции, тоа може да има негативно влијание врз нивниот социјален и емоционален развој[24].

Децата по природа се склони кон интеракција со нивната околина и сакаат да учат нови вештини. Развојниот процес, иако е придвижуван одвнатре, сепак е воден и од надворешни влијанија. Како ќе се развива детето е одредено делумно од надворешни влијанија. Децата активно растат и се развиваат во хармонија со нивната околина.

Врз развојот влијае интеракцијата – меѓу детето, луѓето и околината. Па така, развојните искуства се различни за дете кое живее и расте во урбана средина од она кое живее и расте во рурална средина.  Постојат многу ризик фактори, како што е на пример сиромаштијата, кои може многу да попречат во позитивниот развој на едно дете. Ако родителите на детето се сиромашни и постојано се грижат за обезедување средства за егзистенција, ќе имаат малку енергија или време за видот на родителство што би го подобрил развојот на детето. (Токму во тој дел социјалната заштита игра многу важна улога во добросостојбата на децата, за што подетално е прикажано во тема 2 од овој прирачник: Заштита на деца).

Според културата и заедницата во кои живеат, луѓето имаат различни вредности и очекувања од децата. Нешто што му помага на детето да преживее во една средина може да го изложи на ризик во друга. Кога се проценува нивото на развој на детето, многу е важно да се води сметка за средината во која расте детето (в. Теоретски и практични основи на заштита на деца, тема 3: Заштита на деца).

### 3.1.2. Развојни фази во детсвото

Детството како период на човековиот живот е поделен во шест развојни фази:

1) **Доенче (0-2 години):** Во овој период децата брзо растат, учат да ползат, одат и минуваат низ многу биолошки промени. На емоционално поле, приврзаноста со мајчинската фигура е главната социјална и емоционална задача за доенчето. Ова ја поставува основата за односи исполенти со доверба подоцна во животот. Во однос на моралниот равој, во очите на детето, сè што сака детето е исправно и добро, а она што не го сака детето е лошо или погрешно.

2) **Дете што проодело (2-4 години):** На оваа возраст децата се преокупирани со нивните тела и телесни функции. Нивната моторна контрола се подобрува со учењето да трчаат и да се качуваат. Стануваат многу посамостојни бидејќи можат да прават повеќе работи и сакаат сè повеќе работи да прават самите, на пример да се облекуваат, да налеваат млеко во својата чаша, итн. Нивниот социјален свет се проширува и поширокото семејство и соседите добиваат

[24] Early Education Partners. (2021). Supporting tranSitionS: Using Child Development as a Guide. Достапно на следниот линк

на важност. Децата почнуваат да учат да си играат со други. Децата на оваа возраст имаат многу мал опсег на внимание, почнуваат да учат за причини и последици и стекнуваат основно разбирање за правилно и погрешно. Во оваа фаза детето верува дека ако возрасно лице каже дека нешто е правилно, тогаш е правилно, а ако возрасното лице каже дека е погрешно, тогаш е погрешно.

За доенчињата и малите деца, клучните задачи се во контекст на блиски односи со возрасни лица во родителска улога. Тој однос и сигурноста што ја обезбедува истиот ја обликуваат способноста на детето да постигне развојни нивоа. Нарушувања во овие односи може да имаат драматични ефекти врз растот и развојот на детето.

3) **Дете на предучилишна возраст (4-6 години)** Како што децата продолжуваат да растат, така стануваат сè посвесни за своите тела и разликите меѓу половите. Децата на возраст 4-6 години се многу физички активни. Обично се многу љубопитни за сè и изразуваат љубопитство за сексуални работи низ игра. Нивниот друштвен свет многу се проширува со тргнување на училиште, играње со други и учење да се споделува. Нивните вештини за комуникација се подобруваат со проширување на речникот и говорот. На оваа возраст, децата се многу заинтересирани да ги задоволат возрасните и закаат да постапат правилно и да избегнат неправилни постапки.

4) **Дете на училишна возраст (6-10 години)** Во оваа фаза од детство, физичкиот развој на детето забавува и почнуваат да развиваат поголема физичка сила и вештини. Вештините за играње во група продолжуваат да се развиваат со учење на соработка со врсниците, решавање проблеми и почеток на склопување пријателства низ играњето (другарување). Иако интеракциите во група се многу важни на оваа возраст, пријателствата се нестабилни и лојалноста кон групата е минлива до доцните делови на оваа фаза кога децата стануваат многу поориентирани кон врсниците и повеќе се трудат да ги импресионираат нивните пријатели отколку возрасните. Постои одредена конкуренција на оваа возраст така што децата учат да ја мерат сопствената вредност преку споредби со други на иста возраст. Децата имаат потреба да развијат чувство на постигнување во однос на способноста да научат и применат вештини, да имаат интеракција со врсниците, да се натпреваруваат и да покажат самоконтрола. Тие ентузијастички учат, почнуваат да размислуваат логично, и развиваат чувство за правичност, што станува многу важно.

Биологијата и општествените влијанија движат многу аспекти на адолесценцијата. Ниедна друга развојна фаза не бара толку прилагодувања како адолесценцијата, бидејќи ништо кај младите не останува исто во овој период. Нивните тела брзо се менуваат. Нивните чувства и емоции драматично се менуваат. Нивните односи со семејството и врсниците добиваат нови значења и се менуваат. Замислите за светот целосно се менуваат.

5) **Рана адолесценција (10-14 години)**: Во оваа фаза пристигнува пубертетот и со себе носи драматични промени во телото на детето. Обично има фаза на брз раст, половите органи

созреваат и почнуваат да функционираат, и има голем број на секундарни полови промени. Коските растат побрзо од мускулите и често адолесцентите стануваат мошне несмасни. Драстичните промени во телесните хормони што го придружуваат сексуалниот развој може да предизвикаат возбудливи, интензивни и збунувачки сексуални и агресивни импулси. Ова има огромни ефекти врз емоционалната стабилност на адолесцентот и често резултатот се брзи промени во расположението. Емоциите се нагласени и екстремни.

Децата на возраст 10-12 години влегуваат во интензивни пријателства, најчесто со деца од истиот пол. Стравот или непријатните чувства за сексуалноста во оваа фаза често предизвикуваат децата да негираат било каков афинитет најчесто кон спротивниот пол. Често експериментираат со „срамни зборови" и споредба на телата. Како што адолесцентот расте, односите најчесто со спротивниот пол стануваат поважни.

Младите адолесценти обично развиваат силно чувство на правда и разликуваат исправно од погрешно. Имаат развиено морален кодекс и силно реагираат кога истиот ќе се прекрши. Бидејќи промените во способноста за мислење се одвиваат постепено, нормално е адолесцентите да имаат способност да размислуваат апстрактно за една тема, а да бидат врзани за конкретно размислување за други теми. На пример, еден адолесцент може да има способност за зрело размислување за правда, религија или висока математика, но да нема способност да ги разбере ризиците поврзани со полов однос без заштита. Важни информации и вештини треба да се пренесат на разни начини.

Друштвото на адолесцентот е претежно составено од врсници. Оваа група го заменува семејството како извор на очекувања за однесувањето и чувство на припадност. Адолесцентите имаат потреба да развијат здрави и задоволувачки односи со пријатели од двата пола. Имаат потреба да развијат способност за независност од возрасните. Адолесцентите може да се чувствуваат несмасно во друштво и да се трудат да стекнат грациозност и стаменост во нивните друштвени однесувања. Иако врсничката група може да биде извор на негативни влијанија во некои ситуации за некои адолесценти, сепак дружењето со пријатели е неопходно за младите да станат социјално компетентни возрасни личности.

6) **Подоцнежна адолесценција (15-18 години):** Во овој период завршува физичкото созревање и сè поверојатно е дека постарите адолесценти ќе дејствуваат кон исполнување на нивните сексуални желби и истражуваат различни врски како подготовка за животен партнер. Може да имаат романтични врски и да минат низ многу промени на расположението.

Адолесцентите често сметаат дека се извонредно важни и единствени и дека никој не ги разбира и не знае како се чувствуваат. Постои и чувство на осаменост. Адолесцентите почнуваат да излегуваат од овие форми на себичност како што растат и созреваат. Преку градење на блиски односи со други адолесценти и споделување на најличните грижи и соништа, почнуваат да сфаќаат дека и други луѓе го доживуваат животот слично како нив.

Адолесцентите често имаат чувство на бесмртност. Лоши работи им се случуваат на други луѓе, но не на нив и нивните блиски. Ова може да доведе до опасни ризични однесувања кај адолесценти кои сметаат дека се имуни на последиците на нивните постапки и неповредливи. Како што стекнуваат животно искуство и согледуваат неволји во кои запаѓаат други поради

опасно однесување, почнуваат да разбираат дека не се имуни на последиците од нивните дејства.

Постарите адолесценти почнуваат да се грижат за иднината и имаат способност за апстрактно мислење. Лесно се разочаруваат поради противречноста на вредностите и однесувањата и ги збунува кога се случуваат вакви појави. Адолесцентите имаат сé подобра способност за креативно и логичко размислување. Во оваа фаза на развојот, способноста за размислување за апстрактни поими како што се вистина, реалност и прифаќање ги води кон истражување на факти и теории, и објективно толкување на ситуации и реалноста. Однесувањето повеќе се заснова на должност и совест отколку задоволство и задоволување на егото. Адолесцентите почнуваат да се водат од морална одговорност и идеали, наместо да зависат од одобрување од другите.

### 3.1.3. Задачи за развој

Општо земено, очекувањата за растот и развојот се поврзани со критериуми познати како *задачи за развој*. Спроведени се различни истражувања за да се утврдат конкретните задачи што детето треба да ги исполни за да израсне во зрела возрасна личност. Овие области опфаќаат мисловен, социјален, емотивен, физички, сексуален и морален развој.

Табелата подолу дава преглед на некои примери за задачи во различни фази на развојот на децата.

***Табела бр. 2*** **Приказ на примери за развојни задачи во различни фази од развојот на децата**

| **Развојна фаза и задача** | **Физички/сексуален развој** | **Социјален и емоционален развој** | **Интелектуален/морален развој** |
|---|---|---|---|
| **Доенче (0 - 2 години)** ***Доверба*** | Орални потреби, брз раст, лазење, одење | Доминира мајчинската фигура, доверба, поврзување | Рутини, награди, повторување, доследност, правилно е она што детето посакува |
| **Проодено дете (2 - 4 години)** ***Самостојност*** | Моторна контрола, трчање, контрола на мочен меур и празнење на црева, се храни сам/а, интерес за сопственото тело | Мајка, семејство, изливи на „збеснување”, почнува играње во група | Брз когнитивен развој, краток опсег на внимание, почнува да разликува правилно и погрешно |
| **Дете на предучилишна возраст (4 - 6 година)** | Многу активно, брз раст на мускули, свесност за полови разлики, го | Си игра со други, учи да споделува, говорот е суштински за друштвена | Исклучително љубопитен/на, сака да постапи правилно и да избегне погрешни постапки, може да обвинува други за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Иницијатива*** | истражува сопственото тело | интеракција, сака да им угоди на возрасните | погрешно постапување |
| **Дете на училишна возраст (6 - 10 години)** | Физичкото растење забавува, поголема физичка сила и вештини, заинтересираност за сексуална игра и експериментирање | Се идентификува со возрасни надвор од семејството, пријатели од училиште, се споредува со други, кооперативно играње во група, се дружи со истиот пол | Многу сака да учи, развива хоби-активности, чувствува вина и срам, логичко размислување, се развива совест, важна е праведност |
| **Рана адолесценција (10 - 14 години)** ***Идентитет*** | Пубертет, сексуални пориви, брз раст и промени на телото, акни | Критикува возрасни, има најдобар пријател, приватност, врсници, сака натпреварувачки игри и екипи, променливо расположение, грижи, интроспективност | Силно чувство за правда и морален кодекс, разликува правилно и погрешно |
| **Доцна адолесценција (15 - 18 години)** ***Идентитет*** | Завршено физичко созревање, зголемена веројатност за исполнување на сексуалните пориви | Љубовни состаноци, многу пријатели, променливо расположение | Збунетост и разочараност од расчекорот вредности/однесувања, загриженост за иднината, креативност, апстрактно размислување |

### 3.1.4. Посебни задачи за адолесцентите

Важно е да се истакне дека постојат четири развојни задачи што адолесцентите треба да ги исполнат за да станат здрави и функционални возрасни личности:

**(1) Разделба од семејството:** Адолесцентите почнуваат да се гледаат себеси како посебни личности од нивното семејство. Ова може да биде напорна емоционална борба со безброј расправии за слобода, одговорност и контрола. Врсничката група станува референтна. Ова може да биде предност или проблем, во зависност од врсничката група и способноста на адолесцентот да се издвои кога тоа е потребно.

**(2) Формирање сексуален идентитет:** Адолесцентите мора да научат да управуваат со своите романтични и сексуални чувства. Мора да научат да вреднуваат и да се поврзуваат со романтичен

партнер. Повеќе влијанија, како што се медиумите и социјалните мрежи, отсуството од сеопфатно сексуално образование во училиштата ги попречуваат можностите за адолесцентите да развијат задоволувачки ненасилни трајни односи.

**(3) Подготвување за иднината:** Иднината му дава на адолесцентот причина да се обиде да постигне цели и да го вреднува својот живот и животите на другите. Училиштето и вонучилишните активности помагаат адолесцентите да се подготват за иднината. Тоа им дава на младите можност да се посветат на нешто друго освен на самите себеси. На адолесцентите им требаат и возрасни ментори – примери – кои може да ги инспирираат.

**(4) Развивање систем на морални вредности:** Моралното размислување се развива заедно со когнитивните способности, иако опфаќа и мислење и чувствување. Адолесцентите постепено го согледуваат моралниот и правниот контекст и импликациите во разни ситуации. Со време, тие ги согледуваат сложените детали на светот и разбираат како правилата/законите се од полза и за заедницата и за поединецот.

## Активност 3

**Квиз за развој кај децата:** Во која фаза би очекувале да ги видите следниве однесувања?

1) Постојано прашува како? зошто? што?
2) Први препознатливи зборови
3) Сака блесави загатки / шеги за кикотење
4) Способност да потскокнува
5) Први знаци на играње со врсничка група
6) Се чини мрзлив/а и индиферентен/на
7) Први чекори
8) Пубертет
9) Страв од темнина
10) Издвојување на посебен пријател
11) Изливи на “збеснување”
12) Насмевнување
13) Желба за приватност
14) Покажување на први знаци на внатрешна контрола
15) Почнува да преговара за да се извлече од неволја

**Цел:**

- Да ги утврдите познавањата за развојните фази на детето.

Стручните работници согласно своите компетенции, знаења и вештини потребно е да определат мерки и активности во работата со децата во ризик, кои ќе бидат согласно нивната развојна фаза, способности, потенцијали и потреби. Ваквите активности ќе овозможат децата да продолжат да растат и да се развиваат.

## *3.2. Фази на психосоцијален развој*[25]

Како надоврзување на претходната тема за психологија на развој на детето, важно е да се споменат и фазите на психосоцијален развој според психологот Ерик Ериксон. Ова е една од најпопуларните и највлијателните теории за развој на личноста. Според оваа теорија, постојат осум фази на развој на личноста; во секоја од овие фази индивидуата се соочува со криза (или конфликт) која има две можни решенија/исходи: едно позитивно и едно негативно. Развојот и способноста за решавање на проблемите во идниот живот ќе зависат од ефективноста со која се решаваат овие кризи. Во табелата подоле прикажани се исходите од развојните фази од психосоцијалниот развој на личноста според Ерик Ериксон.

***Табела бр. 3*** **Приказ на исходите од развојните фази од психосоцијалниот развој на личноста според Ерик Ериксон**

| ФАЗА НА РАЗВОЈ | ПОЗИТИВЕН ИСХОД | НЕГАТИВЕН ИСХОД |
|---|---|---|
| ***Фаза 1:*** **Доверба наспроти недоверба** **(раѓање до 18 месеци)** | Доколку се задоволат потребите на доенчето, тоа ќе развие чувство на доверба кон светот. | Ако не се исполнети, ќе почувствуваат чувство на недоверба. |
| ***Фаза 2:*** **Автономија наспроти срам и сомнеж** **(2 до 3 години)** | Доколку се задоволат потребите, тие детето ќе развие чувство на независност. | Ако потребите не се задоволени, детето нема да чувствува дека може да направи нешто самостојно (сомнеж). |
| ***Фаза 3:*** **Иницијатива наспроти вина** **(3 до 5 години)** | Доколку се задоволат потребите, детето ќе почувствува дека светот е доверливо место и ќе ги истражува сопствените способности. | Ако потребите не се задоволени, детето нема да чувствува дека светот е безбедно место и нема да се обидува самостојно да ги извршува задачите или да се соочи со предизвици. |
| ***Фаза 4:*** **Продуктивност наспроти инфериорност** **(6 до 11 години)** | Доколку се задоволат потребите, детето ќе почувствува чувство на исполнетост. | Ако потребите не се задоволат, детето ќе се бори да развие самодоверба и да чувствува дека не е „исто“ како другите деца. |

[25] Cherry, K. (2022) Psychosocial Development Guide, Erikson's Stages of Development

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| ***Фаза 5:*** **Идентитет наспроти конфузија** **(12 до 18 години)** | Ако потребите се задоволени, адолесцентот ќе развие силно чувство за себе (силен идентитет). | Ако потребите не се задоволени, адолесцентот ќе се бори да формира идентитет (конфузија во формирањето идентитет). |
| ***Фаза 6:*** **Интимност наспроти изолација** **(19 до 40 години)** | Доколку се задоволат потребите, младиот возрасен ќе формира силни врски со другите (интимни врски). | Ако потребите не се задоволат, младиот возрасен ќе стане осамен и изолиран. |
| ***Фаза 7:*** **Креативност наспроти стагнација** **(40 до 65 години)** | Доколку се задоволат потребите, возрасното лице ќе се чувствува компетентно и дека придонесува за светот на смислен начин (креативност). | Доколку потребите не се задоволени, возрасното лице ќе остане „заглавено“ во состојба на стагнација. |
| ***Фаза 8:*** **Интегритет наспроти очај** **(+65 до крај на животот)** | Ако потребите се задоволени, зрелиот возрасен се чувствува задоволен од животот. | Ако потребите не се задоволат, зрелиот возрасен ќе почувствува дека животот не поминал како што треба и ќе има чувство на жалење. |

### Зошто е важна теоријата на Е.Ериксон за стручните работници?

Теоријата е значајна затоа што се однесува на развојот во текот на животот на една личност, не само во детството. За нас во контекст на темата важни се првите пет фази на развој. Осознавајќи ја секоја од фазите, ќе согледаме дека истакната е важноста на социјалните односи во обликувањето на личноста и растот во секој момент од развојот.

## *3.3. Приврзување – воспоставување афективен однос и безбедна средина на детето*

### 3.3.1. Вовед

Приврзувањето, разделбата и загубата се во основата на разбирањето како се развиваат децата. Како што е истакнато во воведниот дел од оваа тема, растот и развојот на децата се одвива под влијание на надворешни и внатрешни фактори. Најголемиот дел од развојот на мозокот кај човекот се одвива после раѓање, наместо пред раѓање и се одвива по определен

редослед. Врз развојот влијаат настаните и околината што ги доживува детето од самото раѓање. Она што му се случува на детето во првите три години од животот има влијание врз развојот на мозокот и затоа ги поставува основите на развојот понатаму во животот. Најзначајниот фактор за развој на детето е квалитетот на односите во првите неколку години од животот. Затоа на детето уште од самото раѓање му/ѝ е потребна сигурна основа со компететни и конзистентни згрижувачи (родители/старатели) во раните формативни години.

### 3.3.2. Теорија на приврзување (Џон Болби/ John Bowlby)

Теоријата на приврзување претежно се гледа како теорија на развој на личноста што произлегува од работата на Bowlby во областа на детскиот развој. Филозофијата на родителството со приврзаност/афективен однос, се базира на студиите на британскиот психолог Џон Болби во 1940-тите и 1950-тите години на најсовремена студија за однесувањето во при лишеност од афективен однос во раното детство, детската тага и приврзаноста на старателите. Работата на Болби за приврзувањето (воспоставувањето на афективен однос) и сепарацијата (лишувањето од афективен однос) има далекусежни последици многу пошироко од психотерапевтскиот свет. Фактот дека родителите можат да останат со нивните деца во болница, дека патронажните сестри ги охрабруваат новите мајки да воспостават афективен однос со нивните бебиња, дека згрижените деца треба да живеат во семејни единици е резултат од неговото влијание.

Џ.Болби е еден од главните автори на темата приврзување и голем број од неговите идеи произлегуваат од набљудување на однесување на животните, теорија на системи и теорија на еволуција, и од проучување на ефектите врз деца евакуирани од британските градови за време на Втората светска војна. Како психијатар почнал да се бави со однесувањето на адолесценти со воспитно-социјални проблеми и во конфликт со законот, нивното рано детство и искуства на немање/загуба на мајка (Bretherton 1992). Нема сомневање дека претходните искуства влијаат врз сегашните односи и разбирањето на тие искуства може да ни помогне да ги разбереме силните страни и потешкотиите со кои се соочува едно дете.

Bowlby верувал дека децата имаат вродени инстинкти за сигнализирање до нивните мајки, да им бидат во близина. Главниот нагон за ова приврзување, оваа блискост, е за бебето да се чувствува безбедно и заштитено. Едно бебе треба да знае кој ќе го чува и штити и треба да е сигурно дека ќе може таа потреба да ја искажат на таа личност. Квалитетот на згрижувачката околина има важна улога во развојот на детето. Едно бебе плаче за да ја донесе мајка си поблиску за да му ги задоволи поребите; со задоволување на оваа потреба мајката гради трајна врска што му овозможува на детето да се чувствува безбедно и сигурно без оглед дали фигурата за приврзување е присутна или не.

***Слика 2*** **Круг на возбуда и опуштање (Fahlberg 1994)**




Ова е познато како круг на возбуда и опуштање (Fahlberg 1994) каде возрасниот и детето се прилагодени еден на друг, односно може да ги насетат чувствата на другиот.
НАПОМЕНА: Ако сакате да прочитате повеќе за ваквото прилагодување, Dan Hughes[26] има напишано интересни материјали за ефектите на прилагодувањето врз детскиот развој, постои верување дека има дел од мозокот што се развива само преку контакт со погледи.

Bowlby се фокусирал на улогата на мајката, но широко е прифатено дека тоа е улога на примарниот згрижувач, или згрижувачи, што е важно за детето. Примарниот згрижувач треба да е заинтересиран за физичката и емоционалната состојба на детето, да размислува за однесувањето на детето и да сака да реагира на начин што ја задоволува потребата на детето, а истовремено сигнализира дека згрижувачот е достапен (стои на располагање на детето).

Искуството на детето да му бидат задоволувани потребите и опуштањето е еден вид учење. Згрижувачот се опушта кога ќе ја задоволи потребата на детето и преку тоа детето учи како да го регулира стресот и да се опушта. Детето исто така се учи да верува на околината и се чувствува побезбедно да ги искажува своите потреби поотворено, така што овој круг се повторува, постојано од ден во ден. Тој веруваше дека кога детето се чувствува безбедно и заштитено, тоа му овозможува да го истражува светот. Ако детето е анксиозно во однос на достапноста на згрижувачот, ќе доживее стрес, а стресните хормони го оштетуваат мозокот.

### 3.3.3. Внатрешен работен модел

Внатрешните работни модели претставуваат рамка за очекувањата за сите значајни односи, и предизвикуваат да се однесуваме, поврзуваме и реагираме на одреден начин – ја

[26] http://www.danielhughes.org/treatment---parenting-model.html

формираат нашата личност. За да функционираат соодветно и ефективно, децата треба да ги разберат сопствените реакции, емоции и верувања, и истите кај другите луѓе, и тоа им помага во организирањето на нивните очекувања од себе и од другите.

Приврзувањето е „афективна“ врска што опфаќа „афект“ или чувство - ова може да биде било кое чувство - љубов, лутина или страв[27]. Децата во доенечкиот период на развој градат односи со нивните примарни згрижувачи преку силните чувства што ги имаат за нив. Овие чувства влијаат врз начинот на кој физички се развива мозокот на детето, а исто така преку овие односи со примарните згрижувачи децата развиваат внатрешен работен модел кој ги содржи нивните очекувања и верувања за:

- нивното сопствено и однесувањето на другите луѓе,
- како светот ги гледа, колку може да бидат сакани и ценети,
- достапност на возрасните.

Искуствата на детето и односот со другите го гради овој внатрешен работен модел, и затоа односот со примарниот згрижувач е толку важен. Преку односи со другите учиме да ги разбереме другите луѓе и себеси. Во првите неколку месеци регулацијата и контролата е во односот меѓу детето и згрижувачот и како што расте детето се формира внатрешниот работен модел и детето создава стратегии со кои обезбедува исполнување на своите потреби, и конктролата и регулацијата постепено се преместува од возрасниот на детето.

### 3.3.4. Безбедни поврзувања

Клучен концепт е можноста детето да ја користи личноста кон која се приврзува како безбедна база (Bowlby 2005). Ако детето има доверба во личноста кон која се приврзува, знае дека ќе биде покрај него/неа во време на стрес и може да смета на личноста кон која се приврзува да ги исполни потребите на детето, тогаш детето нема да биде анксиозно и ќе се смета за слободно да ја истражува и да учи од околината.

*Здрави или „доволно добри“ искуства од раното детство* и *блиски односи на приврзаност* му помагаат на детето да се развиваат во секој аспект од растењето – физички, емотивен, интелектуален, социјален и морален развој. Кога детето има доверба во згрижувачот и може да смета на него/неа да ги исполни потребите на детето, тогаш системот на приврзување не црпи од енергијата на детето, па тоа може да се фокусира на истражување, размислување и учење за светот. Детето има можност да научи проценување на ризик, разбирање на социјалните односи и други важни лекции.

*Безбедно дете* исто така научува дека има влијание врз својата средина; може да научи дека има способност да го наведе згрижувачот да дојде поблиску до детето и да ги задоволи неговите потреби, но исто така научува и дека може да движи или преместува предмети или да прави врева. Може да се чувствува безбедно да биде љубопитен/љубопитна и инволвиран/а во светот, наместо само да го набљудува. Безбедно дете исто така научува да ги регулира и да

[27] Howe et al 1999

управува со своите емоции, научува како да ги изразува своите чувства и влијанието што неговите/нејзините емоции го имаат на луѓето околу него/неа. Детето треба да има способност да ги разбере своите емоции за да не стане преоптоварено со нив; исто така, треба да научи и каде се безбедните граници.

*Емоционалната сигурност* произлегува од тоа што детето учи да ги разбере реакциите на згрижувачот кон него/неа и да ги гледа работите од гледна точка на згрижувачот. Кога ќе научи дека физичка близина не е толку важна, бидејќи знае од искуство дека згрижувачот психолошки му/ѝ е на располагање, се чувствува безбедно (Howe et al 1999). Да научиме како влијаеме врз другите и како другите се чувствуваат е неопходно за просоцијално однесување, треба да знаеме да разбереме како нашите постапки предизвикуваат да се чувствуваат и постапуваат другите и треба да бидеме способни да ги контролираме сопствените импулси.

Едно дете треба да разбере како да споделува, да покажува внимание, да биде љубезно и да не исмева други. Односот на детето со отворен и емоционално достапен згрижувач е основата за ова. Ако згрижувачот е заинтересиран за чувствата и намерите на детето, може да му помогне на детето да ги разбере и да ги опише со зборови. Детето може да вреска поради тоа што некоја играчка се скршила, и родителот може на тоа да одговори со тоа што ќе прифати дека детето е вознемирено и ќе објасни дека тоа што се случило е вознемирувачко, но има и други алтернативи, можеби прегратка за утеха или да најде друга играчка.

Наведување на зборови за чувствата им помага на децата да ги разберат и донекаде да управуваат со своите емоции – ова им помага на децата да ги ментализираат и регулираат своите чувства. Да му се каже на детето да замолкне и да најде друга играчка испраќа многу различна порака до детето, не дава валидација на чувствата, не му помага да ги разбере емоциите и може да го наведе да помисли дека не е во ред да се изразуваат чувства.

### 3.3.5. Небезбедни поврзувања

Ако искуствата од раното детство го наведат детето да верува дека примарниот згрижувач не ги чувствува нивните емоции, дека е непредвидлив/а или не реагира на нив, децата ќе создадат *амбивалентно привrзување*. Главните карактеристики опфаќаат длабока анксиозност за сопствената вредност и преокупација со тоа дали другите луѓе имаат доволно интерес за да бидат достапни нив.

Децата создаваат стратегии што им помагаат да ја контролираат својата околина иако сè уште не се сигурни за емоционалната достапност на другите луѓе. Ако сметаат дека нивниот згрижувач почнува да се лути, тие ќе се обидат да го/ја смират или „разоружаат“ преку манифестирање на беспомошност или ранливо однесување. Ако сметаат дека згрижувачот е несигурен или не реагира на нив, може да се разлутат, да почнат да манифестираат потреба или закана.

Млада личност со овој стил на приврзување може да ги нагласува своите барања, да „се лепи”, лесно да се фрустрира и да се вознемирува кога не добива внимание, да има потешкотии да прави работи сам/а и да смета дека односите не се сигурни.

Дете во доенечкиот период чијшто главен згрижувач е вознемирен/а, под стрес или непријателски настроен/а кон детето може да создаде избегнувачки стил на приврзување. Кога деца во деонечкиот период бебињата се анксиозни или вознемирени, вообичаено би го

активирале однесувањето за приврзување, но тоа е однесувањето што се чини дека претставува потешкотија за згрижувачот. Колку што бебето повеќе манифестира потреба, толку згрижувачот повеќе манифестира отфрлање. Згрижувачот може да му каже на бебето дека тоа не е повредено или вознемирено, што ја поткопува самодовербата на детето, односно однесувањето што би требало да донесе приврзување предизвикува отфрлање, па детето учи да ги придушува чувствата на вознемиреност, потреба или возбуда.

Нивниот внатрешен модел е дека тие се силни и имаат контрола, а другите се недостапни. Го менуваат сопственото однесување за да избегнат отфрлање од другите, и имаат анксиозност да „постапат точно" за да задоволат (некого) или да остварат високи постигнувања. Избегнувачки/одбранбени модели може да одат од друштвена резервираност до компулзивно потпирање само на себеси – ретко бараат помош, тешко им оди склопување на пријателства поради страв од отфрлање, сузбиваат силни емоции но создаваат алтернативи како што се злоупотреба на алкохол, нарушувања на исхраната и себеповредување, сметаат дека никој не би ги сакал и не се способни да размислуваат за својата иднина или управуваат со неа.

Моделот на несигурно дезорганизирано приврзување се поврзува со оние чијшто згрижувач бил изворот на нивната анксиозност или не успеале да разрешат загуба или траума - како што е злоупотреба или растење со родител со сериозна психијатриска болест или зависност. Ова значи дека лицето кон кое се обраќаат за безбедност е лицето што создава чувство на вознемиреност, но однесувањето на згрижувачот може да биде наизменично злоупотребувачко и полно со љубов. Детето е збунето и не може да предвиди како згрижувачот ќе реагира на неговото/нејзиното однесување.

Дезорганизирани млади личности тешко ги регулираат сопствените чувства, пресилно реагираат на врева или други дразби, отсутни се со мислите, тешко ги разбираат чувствата на другите, се однесуваат на агресивен и контролирачки начин, сметаат дека тешко може некој да ги сака и дека единствениот начин да се преживее е да се контролираат односите бидејќи се застрашувачки и непредвидливи.

### 3.3.6. Обезбедување СИГУРНА СРЕДИНА

Причините за обидот да им помогнеме на згрижувачите и стручните лица да ги разберат принципите на приврзувањето е со цел да и согледаат потешкотиите на детето во контекст на нивни минати искуства.

Двајца автори на темата приврзување и згрижување во друго семејство, Dan Hughes[28] и Kate Cairns одвоено еден од друг пишуваат за ставовите што згрижувачите треба да ги имаат кон згриженото младо лице со неисполнети потреби од приврзување:

[28] Dan Hughes (2012) Parenting Matters: Parenting a child with emotional and behavioural difficulties, British Association for Adoption and Fostering

Kate Cairns користи (S)* **С**игурно
(A)* **С**о внимание
(F)* **П**ријателски настроен/а
(E)* **С**очувствителен/на

Dan Hughes (P)* **Р**азиграност
(L)* **Љ**убов
(A)* **П**рифаќање
(C)* **Љ**убопитност
(E)* **С**очувствителност

[* безбедно место]

Не можете да принудите дете или младо лице да се приврзе за вас или да ги измени суштинските верувања за себеси. Однесувањето што го манифестираат е одбранбена стратегија што ја создале за да им помогне да се справат со чувствата на загрозеност и анксиозност. Она што можеме да сториме е да им дадеме можност да доживеат согурност, безбедност и конзистентност.

### 3.3.7. Можни однесувања во однос на видот на приврзувања

**АМБИВАЛЕНТНО**

Страв дека нема да добие
тоа од што има потреба:
- „се лепи”
- инхибиран/а
- зависен/на
- комбинација од потреба и лутина
- на штрек

**ИЗБЕГНУВАЧКО**

Обид да се биде независен и
емоционално:
- самостоен
- одбранет
- самодоволен
- независен
- инхибирани емоции
- лутина и страв

**СИГУРНО**

Знае дека од својот згрижувач ќе добие
одговор безусловно:
- слобода да се истражува околината
- организирани емоции
- може да искаже потреба за утеха
- страв/бес
- контролирачки агресивен/на

**ДЕЗОРГАНИЗИРАНО**

Нерешлив конфликт на посакување
да се приближи до фигурата за приврзување
кој/а истовремено е извор на напнатост:
- здрвен/а, смрзнат/а
- страв/послушност

### 3.3.8. Симптоми што често се среќаваат кај деца со проблеми во приврзувањето (Falhlberg 1994)

***Психолошки проблеми или проблеми со однесувањето***

Развој на совест:

1. Може да не покажува нормална анксиозност по агресивно или сурово однесување
2. Може да не покажува чувство на вина кога прекршува правила или закони
3. Може да префрла вина врз други

Контрола на импулси:

1. Покажува слаба контрола: се потпира на други да ја обезбедат
2. Покажува недостаток на способност за предвидување
3. Има слаб опсег на внимание

Самопочит:

1. Не може да оствари задоволство од добро сработени задачи
2. Се гледа себеси како незаслужен/на
3. Смета дека нема способност да се промени
4. Тешко му/ѝ е да се забавува

Меѓучовечки интеракции:

1. нема доверба во другите
2. бара нежност/љубов но нема длабочина во односот
3. покажува зависност со непријателска настроеност
4. има потреба да ги контролира сите ситуации
5. има нарушена друштвена зрелост

Емоции:

1. Има потешкотии во препознавање на сопствените чувства
2. има потешкотии во соодветно изразување чувства, особено лутина, тага и фрустрација
3. тешко препознава чувства кај другите

Когнитивни проблеми:

1. Име потешкотии со основни причинско-последични односи
2. Има проблеми со логичко размислување
3. се чини дека има забуна во мисловните процеси
4. Тешко му/ѝ оди размислување однапред
5. Може да има ослабени сетилата
6. Има потешкотии со апстрактно размислување

***Проблеми во развојот***

1. Може да има потешкотии со обработка на звучни дразби
2. Може да има потешкотии со вербално изразување
3. Може да има проблеми со груби моторни вештини
4. Може да има заостанување во развојот на прецизни моторни адаптивни вештини
5. Може да има заостанување во лично-социјалниот развој
6. Може да има невоедначени вештини во сите горенаведени области

За оцелосен опис на ефектите од приврзување кај секоја возрасна група видете во Howe, Brandon, Hinings and Schofield 1999.

### 3.3.9. ТРИФАЗЕН МОДЕЛ НА СЕПАРАЦИЈА (или на лишеност од афективен однос)

Во контекст на безбедното приврзување, за вас како стручни работници при вашата стручна работа со деца во ризик, пожелно е до го имате предвид и овој модел на сепарација или лишеност од афективен однос, исто така развиен од Болби. Овој модел особено е важен во подобро разбирање на состојбите на загуба и траума, кои ги разработуваме во понатамошните теми.

**ТРИФАЗЕН МОДЕЛ НА СЕПАРАЦИЈА (или на лишеност од афективен однос)**

Овој трифазен модел на сепарација имал далекусежни последици. Произлегол од обзервација (набљудување), потоа бил употребен од набљудувачите како шаблон со кој се споредувало однесувањето при лишувањето од афективниот однос. Подоцна бил применуван од професионалците кои се обидувале да ги разберат последиците од сепарацијата со кои се судирале при работата со нивните клиенти и исто така бил прифатен како модел на тага и жалење.

***Во првата фаза „Протест“,*** детето реагира со протест (се бунтува) на отсуството на мајката/примарниот згрижувач т.е. на лишеноста од афективниот однос. Протестот може да биде изразен преку плачење, врескање и спротивставување на одделувањето, лутина, непријателство па дури и насилно однесување. Реакцијата би зависела од различни варијабли, од возраста на детето, неговиот/нејзиниот темперамент и личност, од односот со личноста од која било одделено, како и од односот на детето со личноста или личностите кои ја заменуваат личноста со која тоа имало афективен однос.

***Втората фаза е наречена „Очај“*** и се карактеризира со депресија, апатија и вина кај детето.

***Третата фаза*** Болби (Bowlbi) ја нарекува фаза на ***„Рамнодушност“.*** Кај децата во случај на краткотраен прекин на афективниот однос со нивните згрижувачи се јавува привремена рамнодушност. Во јаслите, на пример, децата се одделуваат од своите родители/старатели и својот афективен однос го насочуваат кон негувателката, додека трае нивниот престој таму.

Ние би можеле да помислиме дека поради тоа што изворните откритија биле направени кај деца кои биле сместени во институција, истите би биле неприменливи кај деца кои живеат во „нормални“ семејни услови. Сепак, подоцнежните студии потврдиле дека **децата искусуваат интензивна вознемиреност при лишеност од афективен однос, било поради околностите како должина на лишеноста и како квалитетот на изворниот афективен однос, заедно со квалитетот на субституираниот афективен однос; може да констатираме дека, во зависност од горенавеадените околности, лишеноста од афективен однос има различни последици за детето.**

За оцелосен опис на ефектите од приврзување кај секоја возрасна група видете ги:

- Archer C and Burnell A eds (2003) Trauma, attachment and family permanence. London. Jessica Kingsley Publishers
- Cairns, K (2002) Attachment, Trauma and resilience, London BAAF
- Hughes D (2004) Facilitating Developmental Attachment. Oxford. Rowman and Littlefield
- Hughes D (2009) Attachment focused parenting. New York. Norton
- Taylor C (2010) A practical guide to caring for children and teenagers with Attachment Difficulties

**2) *<u>Студија на случај – Александар и Сузана</u>***

Александар има шест години, а неговата сестра Сузана има три години. Александар само што почна да оди на училиште, сака да учи и мисли дека неговата наставничка е одлична. Неговата маса и книги секогаш се подредени и секогаш прв крева рака кога наставничката ќе постави прашање. Дома тој е ‚мажот во куќата’, кратко време пред раѓањето на Сузана нивниот татко се иселил за да работи во фабрика за да го издржува семејството. Таткото ретко се враќа дома затоа што му пречат сите расправии и караници.

На нивната мајка Марија ѝ е тешко да се справи со двете деца и почнала да пие алкохол за да ги смири нервите, и сега пие речиси секој ден. Сузана како бебе многу плачела, а Марија се обидувала да го игнорира тоа, за Сузана да не се навикне премногу да ја држат во раце. Ова предизвика расправии меѓу Марија и нејзините родители, односите во домот многу се заостриja и Марија одлучи да се исели со двете деца во мал еднособен стан под кирија.

Набргу по преселбата, мајка ѝ на Марија умира пред да имаат можност да се смират после расправиите, и Марија нема можност да се збогува со мајка си. Марија има чувство дека е ужасна ќерка и разочарување за нејзиниот татко, кој сеуште не разговара со неа. Марија посакува нејзината ќерка да биде посилна од неа и затоа не ја разгалува, посакува Сузана да биде независна. Сузана се обидува да ги исполни очекувањата на мајка си, се облекува самата најдобро што може за мајка ѝ да не се разлутува и вика по неа.

Прашања:

- ☐ Низ колку промени/загуби поминале децата?
- ☐ Какви влијанија би можеле да имаат тие промени/загуби врз децата?
- ☐ Какви пораки испраќаат родителите до нивните деца?
- ☐ Какви чувства за/кон себе би можеле да имаат децата?
- ☐ Какви видови однесувања може да се очекуваат од децата?

## Завршни согледувања и заокружување на тема 3

- Развојот на детето се одвива низ фази на: детство (доенче, дете што проодело, дете на предучилишна возраст и дете на училишна возраст) и на адолесценција (рана и подоцнежна адолесценција).
- Компетентните стручни работници во стручната работа со деца, вклучувајќи ги и децата во ризик, планираат и спроведуваат, заедно со децата, активности што се во рамките на развојните способности на децата; им помогаат на децата да развијат и одржуваат позитивни врски и односи, вештини и чувство на идентитет што ќе им помогнат да израснат во компетентни и продуктивни возрасни личности.
- Социјалните односи, идентификувани во фазите од психосоцијалниот развој на личноста се подеднакво важни како и биолошките и психолошките карактеристики во развојните фази на детето.
- Приврзувањето е „афективна“ врска што опфаќа „афект“ или чувство – ова може да биде било кое чувство - љубов, лутина или страв; особено е важно да се воспостават безбедни поврзувања во доенечкиот период на детството.
- Моделот на *несигурно дезорганизирано поврзување* се јавува кај деца:
    - чијшто згрижувач бил извор на нивната анксиозност;
    - кои не успеале да разрешат загуба или траума – како што е злоупотреба;
    - кои растеле во средина, со родител со сериозни проблеми (како нпр. психијатриска болест или зависност).
- Децата искусуваат интензивна вознемиреност при лишеност/сепарација од афективен однос, било поради околностите како *должина на лишеноста/сепарацијата* и како *квалитетот на изворниот афективен однос* (безбедно поврзување или небезбедно/несигурно поврзување), заедно со *квалитетот на субституираниот афективен однос*; оваа вознемиреност може да има негативни последици врз развојот на детето.

# ТЕМА 4: ДЕФИНИРАЊЕ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЗАНЕМАРУВАЊЕ, ЗЛОУПОТРЕБА И ИЗЛОЖЕНОСТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ДЕЦА

**4.1. Занемарување на деца**

**4.2. Злоупотреба на деца**

**4.3. Изложеност на семејно насилство**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 4**



# ТЕМА 4: ДЕФИНИРАЊЕ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЗАНЕМАРУВАЊЕ, ЗЛОУПОТРЕБА И ИЗЛОЖЕНОСТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ДЕЦА[29]

## Резиме на тема 4

Темата 4: *Дефинирање и препознавање на занемарување, злоупотреба и изложеност на семејно насилство на деца* од овој прирачник во себе содржи елаборирани содржини поврзани со дефинирање на состојби кои негативно влијаат врз севкупниот развој на децата: занемарување, злоупотреба и изложеност на семејно насилство. Оваа тема дава можност за поврзување на теоријата со практичната работа со деца во ризик кај кои се преопзнаваат овие појави, преку нивно дефинирање и одредување. Вие како стручни работници читајќи ја соджината ќе препознаете многу познати нешта кои ги знаете теоретски, но и кои сте ги сретнале во практиката. Темата опфаќа содржини кои се основа врз која понатаму се надградуваат вашите знање и вештини во работата со деца, поврзани со занемарување, злоупотреба и изложеност на семејно насислтво.

## Цели на тема 4

Оваа тема ќе ви овозможи да се запознаете и да стекнете ново знаење, но и да ги надградите вашите постоечки знаење и вештини поврзани со стручната работа со деца во ризик. Преку оваа тема очекувано е:

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за злоупотреба и занемарување на деца, нивните карактеристики и нивните видови, во контекст на вашата стручна работа
- Да ги осознаете и да ги имате предвид знаците на занемарување и злоупотреба
- Да ја осознаете потребата од препознавање на занемарување и злоупотреба
- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за ризикот на изложеност на деца на семејно насилство
- Да ги осознаете и да ги увидите сопствените вредности и нивното влијание врз вашето стручно расудување и постапување.

## Содржина на тема 4

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **4.1. Занемарување на деца** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

[29] Извор: Child Protection Guidelines The North East of Scotland Child Protection Committee, June 2011

| | | |
|---|---|---|
| **Активност 4: Што мислите? Кое дете е повеќе изложено на ризик/опасност од злоупотреба?** | • Бура на идеи<br>• Студија на случај | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **4.2. Злоупотреба на деца** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Активност 5: Што е злоупотреба на деца?** | • Бура на идеи<br>• Студија на случај | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **4.3. Изложеност на семејно насилство** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## *4.1. Занемарување на деца*

Светската здравствена организација (СЗО) препознава дефиниција за *малтретирање деца (child maltreatment)* според која малтретирањето на децата е злоупотреба и занемарување што се јавуваат кај деца под 18 години. Тоа ги вклучува сите видови физичко насилство и/или емоционално малтретирање, сексуална злоупотреба, запоставување, занемарување, вклучително и комерцијална експлоатација, трговија со луѓе, детски труд и штетните традиционални практики како што е детски брак, или друга експлоатација, што резултира со вистинска или потенцијална штета по здравјето, опстанокот, развојот или достоинството на детето. Изложеноста на насилство од интимен партнер е исто така понекогаш вклучени како форма на малтретирање на деца (СЗО, 2016).

Економска или друга експлоатација на деца значи искористување на детето за работа или други активности во корист на други лица. Ова опфаќа, но не се ограничува на, детски труд и детска проституција.

Злоупотребените деца доаѓаат од сите нивоа на општеството, иако повеќето злоупотребени деца кои се пријавени во центрите за социјана работа се од семејства каде што има висока мобилност, недостаток на образование, социјална изолација, сиромаштија, невработеност или несоодветно домување. На физичка злоупотреба, емоционална злоупотреба и запоставување, момчињата се нешто повеќе изложени на ризик од девојчињата. Сепак, повеќе девојчиња се сексуално злоупотребувани отколку момчиња. Злоупотребата може да биде насочена само кон едно или повеќе деца во семејството. Децата можат да бидат злоупотребени на која било возраст. Децата под 2-годишна возраст и децата со попреченост се повеќе изложени на ризик од злоупотреба. Многу адолесценти се жртви на злоупотреба и запоставување на децата,

понекогаш поради тоа што родителите имаат потешкотии да се справат со однесувањето на адолесцентот и желбата за независност.

## Активност 4

**Што мислите?**

Погледнете ги примерите подолу. Дали мислите дека овие деца се изложени на ризик од занемарување, злоупотреба и насилство?





Ова дете живее под линија на сиромаштија, во петчлено семејство со еден родител и четири деца. Живеат во една соба во приградска населба.

Ова дете доаѓа од богато четиричлено семејство со двајца родители; мајката е домаќинка, а таткото е раководител на голема компанија. Семејството живее во куќа во урбана средина.

**Кое од овие две деца е изложено на ризик од занемарување, злоупотреба и насилство?**

***Одговор: Сите деца, богати или сиромашни се изложени на ризик од занемарување, злоупотреба и насилство.** Сепак, понискиот социо-економски статус може да се смета за ризик за занемарување и/или злоупотрена и/или насилтво но, тоа не е правило.

### *4.1.1.* Дефиниција за *занемарување на дете*

Занемарувањето, кое уште се нарекува и *запуштеност* може да се дефинира во смисла на пропуст, отсуство на соодветна грижа од страна на згрижувачите, каде што детето претрпува значителна штета или нарушување на развојот поради лишување/недостиг од храна, облека, топлина, хигиена, интелектуална стимулација, надзор и безбедност, приврзаност кон и

наклонетост од возрасните и/или медицинска нега. Занемарувањето генерално станува очигледно на различни начини во текот на одреден временски период и не може да се констатира во една конкретна точка/ситуација. На пример, дете кое страда од низа од мали повреди може да е последица поради тоа што не се задоволуваат неговите или нејзините потреби во смисла на неопходни надзор и безбедност. Дете чија висина или тежина се значително пониски од просекот може да трпи последица од лишеност од соодветна исхрана. Дете кое постојано го пропушта училиштето може да трпи полседици од лишеноста од интелектуална стимулација.

### *4.1.2. Степени* на занемарување на дете

Во теоријата и практиката постојат *четири степени* на занемарување деца, според кои се *идентификуваат поединечни случаи:*

| | |
|---|---|
| **1) Низок (благ) степен на занемарување** | Обично не подрзабира пријава на случајот до соодветните служби за заштита на децата, но може да биде предмет на осуда или поточно опомена од околината (на пр. родител не го стави детето на безбедносно седиште во автомобил). |
| **2) Умерен степен на занемарување** | Подразбира појава на некоја умерена штета кај детето, на пример дете постојано е несоодветно облечено за времето, како на пример да се биде во шорцеви и сандали во средината на зима). За умерено занемарување, Службата за социјална работа може да биде вклучена како поддршка, без конкретна интервенција и постапки кон згрижувачите, во партнерство со заедницата каде живее детето. |
| **3) Висок степен на занемарување** | Подразбира видлива, очигледна тешка или долгорочна штета на детето (на пр. дете кое видливо е хигиенски запуштено или кое има помала телесна тежина од пропишаната или покажува наружено здравје и симптоми на болест, а не прима соодветна терапија во текот на долг временски период и често е во болница). Во овие случаи, Службата за социјална работа ќе преземе истрага, која може да вклучи правни постапки за родителите / старателите /згрижувачите. |
| **4) Хронично занемарување** | Подразбира штетни обрасци на исти дела или пропусти по штета на детето, кои се провлекуваат или се повторуваат со текот на времето. Пример за хронично запоставување би биле родители со проблеми со злоупотреба на супстанции кои не ги обезбедуваат основните потреби на своите деца. Бидејќи некои однесувања се сметаат за занемарување само ако тие се јавуваат на честа основа, важно е да се погледне во историјата на однесување наместо да се фокусира на еден конкретен инцидент. |

### *4.1.3. Видови* занемарување на дете

Во основа, може да се направи дистинкција меѓу ,волево' или ,свесно' занемарување и ,несвесно' или ,занемаривање поврзано со околностите'. Првото генерално би вклучило директно и намерно лишување од страна на родителот/старателот/згрижувачот од најосновните потреби на детето, на пр. обезбедување помалку храна, несоодветно засолниште, топлина, облека, некомуникација со други (изолација). Второто почесто може да се должи на стрес/неможност за справување со одредени околности од страна на родителите/старателите/згрижувачите. Без оглед на тоа дали негрижата е посредна или намерна, има потреба од одговор кога постои загриженост дека детето доживува занемарување.

Додека занемарувањето може да биде потешко да се дефинира или открие од другите форми на злоупотреба на деца, што ги разгледуваме подолу во текстот, постојат вообичаени категории на занемарување, вклучувајќи:

| | |
|---|---|
| **1) Физичко занемарување** | Физичкото запоставување е една од најпознатите форми, а вклучува:<br>• ***Напуштање*** – кога родителот/старателот/згрижувачот го остава детето без претходно да обезбеди негова или нејзина разумна грижа и/или надзор. Обично, се смета дека дете е напуштено кога е оставено само на себе во рок од 2 дена.<br>• ***Протерување/бркање*** – очигледното одбивање од страна на родителот/старателот/згрижувачот да дозволи пристап на детето до нивниот дом на постојана основа без притоа да обезбеди соодветно организирање за негова/нејзина грижа од други. Тука спаѓа и одбивање на родителот/старателот/згрижувачот да се прифати старателството на детето кое било во бегство.<br>• ***Негрижа за исхрана*** – кога детето е недоволно ухрането или постојано е гладно долго време, што понекогаш може да се докаже со слаб раст и развој.<br>• ***Занемарување** на облеката и хигиената* – кога на детето му/ѝ недостасува соодветна облека и хигиена, а тоа е видливо во неговиот/нејзиниот надворешен изглед.<br>• ***Друго физичко занемарување*** – вклучува форми на непочитување на безбедноста и благосостојбата на детето (на пр. возење со дете Додека родителот / старателот / згрижувачот бил/а во алкохолизирана состојба, оставање мало дете во автомобил без надзор и сл). |
| **2) Занемарување на здравствената заштита на детето** | Занемарувањето на здравствената заштита на детето опфаќа одбивање или одложување од страна на родителот/старателот/згрижувачот при барање потребна здравствена заштита за дете како што е опишано подолу: |

| | |
|---|---|
| | • ***Негирање на здравствена заштита*** – неуспехот да се обезбеди или да се дозволи потребната нега како што е препорачано од надлежен здравствен работник за физичка повреда, болест, здравствена состојба или оштетување.<br>• ***Доцнење во обезбедувањето здравствена заштита*** – неуспехот да се бара навремена и соодветна медицинска нега за сериозен здравствен проблем што секој разумен човек би препознал/а дека има потреба од професионална медицинска помош. Примери за доцнење во здравствената заштита вклучуваат несоодветна превентивна медицинска или стоматолошка грижа за дете, не добивање грижа за болно дете или не следење на медицинските препораки. |
| **3) Бездомништво и запуштеност** | Нестабилните услови за живот може да имаат негативно влијание врз децата, а децата бездомници се повеќе изложени на ризик од други видови на запоставување во области како што се здравството, образованието и исхраната. Бездомништвото може да биде или да се смета за занемарување кога неможноста од страна на родителот или старателот да обезбеди засолништето е резултат на несоодветното управувањето со нивните финансии и има докази дека средствата за домување/кирија се потрошени за дрога, алкохол, хазард и сл. Тука се вбројуваат и ситуации кога семејството било ангажирано во антисоцијално однесување кое води до иселување. |
| **4) Несоодветен надзор** | Несоодветниот надзор опфаќа голем број однесувања, вклучувајќи:<br>• ***Недостаток на соодветен надзор / внимание*** **-** Не постои одредено време кога децата на различна возраст можат да бидат оставени без надзор и упатствата за овие возрасти и времиња варираат. Покрај тоа, сите деца се различни, така што обемот на потребниот надзор може да варира според возраста, развојот или ситуацијата на детето. Важно е да се оцени 1) зрелоста на детето, 2) пристапноста на другите возрасни лица, 3) времетраењето и зачестеноста на времето без надзор и 4) соседството или околината кога се утврдува дали е прифатливо да се остави дете без надзор.<br>• ***Изложеност на опасности*** **-** Примери за изложеност на опасности внатре и надвор од домот вклучуваат:<br>– *Безбедносни опасности*: отрови, ситни предмети, електрични жици, скали и лекови.<br>– *Пушење во средината на детето*: пасивно пушење, особено за деца со астма или други проблеми со белите дробови.<br>– *Оружје во домот*: присутност на видливо/достапно ладно или |

| | |
|---|---|
| | огнено оружје во домот.<br>– *Нехигиенски услови во домаќинството*: гнила храна, човечки или животински измет, наезда од инсекти или недостаток на проточна или чиста вода.<br>– *Недостаток на безбедносни ограничувања за деца*.<br>• ***Несоодветни старатели -*** Друго однесување кое може да потпадне под „неуспехот да се заштити“ е оставањето на детето на грижа за некој кој или не е во состојба или не треба да му се верува дека ќе обезбеди соодветна грижа за дете. Примери на несоодветни старатели се мало дете, познат насилник на деца или некој со проблем со злоупотреба на супстанции.<br>Вообичаен, но сложен пример се самохраните родители кои работат и имаат потешкотии да се договорат за соодветна резервна грижа за децата кога нивните редовни даватели на грижа за децата се недостапни. На пример, мајката/таткото може да го остави своето дете само дома кога давателот на грижа за деца нема да може да се грижи за детето (пр. болна дадилка, затворени градинки како што беше случајот во Ковид пандемијата и сл). Ако мајката/таткото отсуствува од работа, може да ја изгуби работата и нема да може да се грижи за детето. Меѓутоа, ако го остави детето само, таа/тој може да биде виновна/ен за занемарување. Важно е родителите во ситуации слични на оваа да добијат соодветна поддршка, за да не се принудени да ги носат овие тешки одлуки. |
| **5) Емоционално занемарување** | Вообичаено, емоционалното занемарување е потешко да се процени од другите видови занемарување, но општо е познато дека може да има потешки и подолготрајни негативни ефекти врз детето од физичкото занемарување. Често *се јавува комбинирано со други форми на занемарување или злоупотреба*, што може полесно да се идентификува и вклучува:<br>• ***Несоодветно негување или наклонетост*** – упорното, нагласено невнимание и незадоволување на потребите на детето за наклонетост, емоционална поддршка или внимание.<br>• ***Изложеност на хронично и/или екстремно семејно насилство***.<br>• ***Дозволена злоупотреба на дрога или алкохол*** – охрабрувањето или дозволата од страна на родителот/старателот употреба на дрога или алкохол од страна на детето.<br>• ***Друго асоцијално/антисоцијално однесување*** – охрабрувањето или дозвола за неприлагодливо однесување (на пр. хронична деликвенција, напад, булинг, насислство) под околности кога |

| | |
|---|---|
| | родителот или старателот има причина да биде свесен за постоењето и сериозноста на проблемот, но истото го прави и не интервенира.<br>• ***Изолација***– негирање на способноста на детето да комуницира или да контактира со врсници или возрасни надвор или внатре во домот. |
| **6) Образовно занемарување** | Родителите и училиштата се одговорни за исполнување на одредени барања во однос на образованието на децата. Видови на образовно запоставување подразбираат:<br>• ***Дозволено, долготрајно и повторувачко отсуство*** – дозволување вообичаено неоправдано отсуство од училиште во просек најмалку 5 дена месечно ако родителот или старателот е информиран за проблемот и не се обидува да интервенира.<br>• ***Исклученост од образовен систем или задоцнето вкчлучување во образовниот систем на детето*** – пропуст или избор на родителот/старателот да не го запише детето во редовно училиште или да го запише на подоцнежна возраст. Тука се вбројуваат и ситуации кога детето, поради родителите/старателите пропушта најмалку еден месец од наставата без валидни и/или оправдани причини.<br>• ***Невнимание на посебните образовни потреби*** – одбивање да дозволи или несакање на родителот/старателот да се користатт препорачани услуги за помош и поддршка на детето во неговото/нејзиното образование; или занемарување да се продолжи со третман за утврденте посебни образовни потреби на детето и нивно соодветно задоволување, без разумна причина на таквата одлука. |
| **7) Новороденчиња зависни или изложени на дрога** | Жените кои користат дрога или алкохол за време на бременоста можат да го стават своето неродено дете во ризик од ментална и физичка попреченост. Откако ќе се прими упат од други соодветни служби кои идентификуваат новороденче родено со последици од злоупотребата на нелегални супстанци на мајката, односно од пренатална изложеност на дрога, треба да се развие безбедносен план за бебето. Бебињата изложени на дрога и/или други нелегални супстанци во матката може да доживеат развојни последици, вклучително и нарушен раст, вродени дефекти и променет развој на мозокот. Пренаталната изложеност на дрога може долгорочно да влијае на однесувањето, јазикот, познанието и достигнувањата на детето. |

### 4.1.4. *Показатели* за занемарување на дете

Показателите за занемарување се видливи во изгледот или однесувањето на детето. Засегнатите страни треба да размислат за упатување до соодветните служби за заштита на деца доколку забележат:

А. Физички показатели за занемарување на дете

| | | | |
|---|---|---|---|
| Недоволна тежина, слабост во растење, на пр. ниска става, неразвиеност | Постојан недостаток на надзор, особено за опасни активности или долги временски периоди | Напуштање | Делови без коса на скалпот |
| Постојана глад, лоша хигиена, несоодветна облека | Истрошеност на поткожно ткиво | Несанирани физички проблеми или здравствени потреби | Дистензија на желудник |

Б. Показатели во однесувањето за занемарување на дете

| | | | |
|---|---|---|---|
| Питачење, крадење или трупање залихи на храна | Ретко посетување училиште | Постојан замор, млитавост или заспивање на час | Не го менува изразот (на лицето) |
| Користење или злоупотреба на алкохол/дроги | Зборува со шепот или цимолење | Изјавува дека нема згрижувач | Продолжен престој на училиште, пристига рано и останува до доцна |
| Задоцнет говор | Несоодветно барање нежност/љубов | Презема одговорности и грижи за возрасни | Однесување во судир со законот (на пр. крадење) |

## *4.2. Злоупотреба на деца*

### 4.2.1. Дефиниција за *злоупотреба на дете*

Злоупотреба на деца може да се дефинира како предизвикување или дозволување било каков штетен или неповолен контакт врз телото на детето; и секаква комуникација или

трансакција од било каков вид што го понижува, засрамува или заплашува детето. Некои експерти од областа на детски развој одат и понатаму, и ја дефинираат злоупотребата на деца како секој пропуст поради кој детето недоволно се негува или одгледува[30].

### *4.2.2. Основни видови* злоупотреба на дете

| | |
|---|---|
| **1) Физичка злоупотреба** | *Физичката злоупотреба* на дете подразбира *нанесување телесна повреда на дете*. Може да има поединечни или повторени инциденти. Ова може да опфаќа горење, удирање, протресување, клоцање, тепање или нанесување друга повреда на детето. Родителот/ старателот/згрижувачот можеби немал намера да го повреди детето, но повредата не е несреќен случај. Може да биде резултат на преостри дисциплински мерки или телесно казнување несоодветно за возраста на детето. Може да има *поединечни* или *повторени* инциденти.<br>Во овој вид злоупотреба спаѓа и состојбата на т.н *фабрикувана/индуцирана болест* - се јавува кога родителите, обично мајката, измислуваат приказни за болест за нивното дете или предизвикуваат физички знаци на болест, на пр. преку тајно давање опасни дроги или други супстанции на дете или со гушење. Симптомите кои алармираат за можноста за фабрикувани/индуцираната болест вклучува:<br>– симптоми кои не можат да се објаснат со никакви медицински тестови; симптоми никогаш не набљудувани од никој друг освен од родителот/старателот; симптоми кои се појавуваат само дома или кога родителот/старателот го посетува детето во болница;<br>– високо ниво на побарување од страна на родителот/старателот за испитувања на симптоми без никакви документирани физички знаци;<br>– необјаснети проблеми со медицинскиот третман, присуство на непрепишани лекови или отрови во крвта или урината. |
| **2) Емоционална злоупотреба** | (позната и како: вербална злоупотреба, ментална злоупотреба или психолошко малтретирање) Опфаќа дејства или пропусти од страна на родителите/старателите/згрижувачите што предизвикале или може да предизвикаат сериозни когнитивни, емоционални или ментални нарушувања кај детето. Ова може да опфати користење на екстремни или бизарни форми на казнување од страна на родителите / |

[30] UN General Assembly: 3rd Committee – Topic Area A 4

старателите / згрижувачите, како што е затворање во темна соба или орман, или врзување за стол долго време или закани или заплашувања насочени кон детето. Помалку остри, но не помалку штетни, се омаловажување или одбивање да се негува, употреба на погрдни изрази за опишување на детето, постојано обвинување или искористување како жртвено јагне.

Емоционалната злоупотреба обично се јавува кога развојната потреба на детето за наклонетост, одобрување, доследност и безбедноста не се исполнети. Освен ако не се присутни други форми на злоупотреба, таа е ретко манифестирани во смисла на физички знаци или симптоми.

Емоционалната злоупотреба може да се манифестира во однос на однесувањето на детето, когнитивно, афективно или физичко функционирање. Примерите вклучуваат несигурна приврзаност, несреќа, ниска самодоверба, образовни и развојни недоволно постигнување и опозициско однесување. *Прагот на значителна штета се* постигнува кога навредливите интеракции доминираат и стануваат типични за односот помеѓу детето и родителот/старателот.

Концептот на *значителна штета* како праг што ја оправдува задолжителната интервенција во семејниот живот во најдобар интерес на децата. Не постојат апсолутни критериуми на кои може да се потпреме кога се проценува што претставува значителна штета, но треба да се земе предвид следново:

- Тежината на лошото постапување што може да вклучува и степен на физичка штета, на пример, оштетување претрпено од гледање или слушање на малтретирањето на друг;
- Времетраењето и зачестеноста на злоупотреба и занемарување;
- Обемот на предумисла.

**3) Сексуална злоупотреба**

Подразбира несоодветно сексуално однесување со дете. Опфаќа допирање на гениталиите на детето, детето да се тера да допира гениталии на возрасно лице, полов однос, инцест, силување, содомија, егзибиционизам и сексуална експлоатација. Овие дејства се сметаат за злоупотреба на дете кога ги извршува лице одговорно за грижа за детето (на пример дадилка, родител, или негувател во градинка) или роднина на детето. Ако овие дејства ги стори непознато лице, тоа се смета за полов напад и е предмет на постапување на полицијата и судовите. Треба да се напомене дека дефиницијата за сексуална злоупотреба на деца претставена во овој дел не е законска дефиниција и не е наменет да биде опис на кривичното дело на *полов напад*.

| | | |
|---|---|---|
| **4)** | **Трговија со луѓе** | Трговија со луѓе - начин на заведување, измамување, принудување или на поинаков начин преселување на луѓе од нивниот дом или држава, кои потоа се принудени да работат за низок или без надомест или под екстремно експлоатирачки услови. Подразбира продажба на или тргување со луѓе, што има многу карактеристики на робување и кој е нелегален, на глобално ниво. Жртвите на трговијата со луѓе можат да бидат искористени во различни ситуации, меѓу кои присилна сексуална работа, присилна работа (тука спаѓа принудна работа или ропство поради долг) и други форми на принудно ропство. Продажбата на бебиња и деца за посвојување или за други цели исто така се смета за трговија со тие деца.<br>Во последните пет години (2018–2022) во РСМ идентификувани се вкупно 79 жртви на трговија со луѓе, од кои 28 се деца и во најголем број, односно 52 % се од женски пол. Во однос на експлоатацијата, доминантни форми на експлоатација се: 52% трудовата експлоатација, понатаму присилните бракови со 20%, сексуалната експлоатација со 18% но не се изоставени и останатите форми кои се јавуваат во помал број. Минатата 2022 година идентификувани се 9 жртви на трговија со луѓе од кои 7 се деца на возраст од 14-17 години. За одбележување е што во првите три месеци од оваа година (2023) идентификувани се 3 деца жртви на сексуална експлоатација[31]. |
| **5)** | **Злоупотреба на детски труд** | Злоупотреба на детскиот труд или детска работна сила се однесува на експлоатација на деца преку било која форма на работа што ги лишува децата од детство, им оневозможува да бидат вклучени редивно во формалното образование и влијае негативино на нивниот психички, физички, социјален и/или морален развој[32]. Таквата експлоатација е забранета со законодавството ширум светот.<br>Сепак, треба да се има предвид дека нашето национално законодавство[33] ја дефинира возраста од 15 години како минимална возраст на која поединецот има право да работи. Покрај ова законодавството ги регулира и условите за работа и работното време. Имајќи го превид воведувањето на задолжително средно образование, постои одредена колизија со одредбите од Конвенцијата бр. 138 на Меѓународната организација на трудот, која вели дека минималната возраст на која може да се вработи лицето не би требала да биде под возраста на која се завршува задолжителното образование. |

[31] Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, линк
[32] „What is child labour?“. International Labour Organization. 2012.
[33] Закон за работни односи – пречистен текст („Сл. Весник на РМ“ бр. 167/2015, 27/2016)

Стручните работници од дејноста социјална заштита што работата со деца во ризик, треба да ги имаат предвид овие законски одредби и да знаат да го одредат нивото на ризикот кога постои идентификуван детски труд.

***Слика 3*** **Приказ на нивоа на ризик на детски труд**

| | |
|---|---|
| **Висок ризик** | • **Злоупотреба на детски труд, трговија со деца, сексуална злоупотреба за комерцијални цели.**<br>• **Дете под минимална законски пропишана возраст на небезбедно/опасно работно место.** |
| **Среден ризик** | • **Дете над минимална законски пропишана возраст на небезбедно работно место. Работата го попречува образованието на детето.**<br>• **Дете под минимална законски пропишана возраст на безбедно работно место. Работата го попречува образованието на детето.** |
| **Низок ризик** | • **Дете надвор од образование изложено на ризик од детски труд.**<br>• **Дете над 15 години во законски дозволена дејност – лесна работа**<br>• **Дете над 15 години во пристојна работа.** |

### *4.2.3. Показатели* за злоупотреба на дете

**Физичка злоупотреба**

**А. Физички показатели**

| **Необјаснети модрици/подливи:** | **Необјаснети скршеници/исчашувања:** | **Необјаснети изгореници:** | **Необјаснети гребаници или исеченици:** |
|---|---|---|---|
| На лицето, усните или устата | На черепот, носот, лицето | Изгореници од цигара, особено на табаните, дланките, грбот или задникот | На устата, усните, непцата и очите |
| На торзото, грбот, задникот, бутините | Во разни фази на заздравување | Траги како електрична греалка, пегла, итн. | На надворешните полови органи |
| Во разни фази на заздравување (нијанси на модро и зелено) | Повеќекратни или спирални скршеници | Изгореници поради потопување (во форма на чорап или ракавица, во форма на крофна на задникот или гениталиите | Во разни фази на заздравување |
| Групирани, со правоаголна форма, што ја одразува формата на предметот со кој е нанесена повредата (електричен кабел, копча од ремен) | Делови без коса на главата | Изгореници од јаже на раце, нозе, врат или торзо | Инфицирани рани укажуваат на задоцнето лекување |
| На повеќе различни површини | Редовно се појавува откако детето било отсутно или во викенди | | |

### Б. Показатели во однесувањето за физичка злоупотреба

| | | |
|---|---|---|
| Смета дека заслужува казна | Екстремна агресивност | Екстремна повлеченост |
| Уплав од контакт со возрасни повеќе од нормално | Многу се вознемирува кога плачат други деца | Се плаши од родителите |
| Се плаши да оди дома или кај дадилка | Пријавува повреда од родител или згрижувач | Доенчето лежи неподвижно и ја набљудува околината повеќе отколку што е соодветно на развојната фаза |
| Манипулативно однесување за да привлече внимание | Бара нежност/љубов неселективно | Лошо поимање на себеси |
| Празен или замрзнат поглед | Одговара на прашања со еднослoжни зборови | Несоодветна или рана зрелост |
| Способност само за површни односи | | |

**<u>Емоционална злоупотреба</u>**

### А. Физички показатели за емоционална/ментална злоупотреба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Нарушувања на говор | Заостанува во физички развој | Блед, празен израз на лицето | Недоволна развиеност |
| Хиперактивно/ нарушувачко однесување | | | |

### Б. Показатели во однесувањето за емоционална/ментална злоупотреба

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Нарушувања во навики | Нарушувања во учење/однесување | Невротични особини | Претерано адаптивно однесување | Екстреми во однесувањето | Задоцнето развивање |
| Цицање | Антисоцијално однесување | Нарушувања на спиење | Несоодветна зрелост – сака да се грижи за други и да дисциплинира други деца | Детето не го менува изразот на лицето без оглед на ситуацијата | |
| Гризење | Деструктивност | Инхибиција | Несоодветна | Послушност, | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на играње | инфантилност - плаче, сака да биде во прегратка | пасивност/ млитавост | |
| Нишање | Обид за самоубиство | Необична плашливост | | Агресивност, поставува барања | |
| Репетитивно играње | | Се плаши да проба нови работи/страв од неуспех | Општа недоверба во себе, возрасните и светот | | |

**<u>Сексуална злоупотреба</u>**

### А. Физички показатели за сексуална злоупотреба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тешко одење или седење или постојано чешање во гениталната зона | Венерична болест, особено пред тинејџерска возраст и кај мали деца | Бременост | Слаб тонус на сфинктер |
| Искината, извалкана или крвава долна облека | Болно уринирање | Модрици, крвавење, исеченици или белези од гризење на надворешните полови органи, вагинални или други области | Болки при празнење на црева** |
| Габични инфекции* | Инфекции на мочен меур или уринарен тракт | Детето намерно се повредува, со самонанесени исеченици, гребаници, итн | |

### Б. Показатели во однесувањето за сексуална злоупотреба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Не сака да се пресоблече или да учествува на час по | Лоши односи со врсници | Деликвентност или бегање од дома | Промена во успехот на училиште |

| | | | |
|---|---|---|---|
| физичко | | | |
| Повлеченост, фантазирање или инфантилно однесување | Софистицирано или необично сексуално однесување или познавање | Пријавува сексуален напад од згрижувачот | Претерана мастурбација, повеќе од што е соодветно за возраста |
| Се однесува заводнички кон други деца и возрасни, особено возрасни мажи | Наведува или принудува други деца на сексуално играње (повеќе од обична љубопитност) | Инволвирање на деца од ист или спротивен пол во поопширно сексуално однесување | Создавање и одигрување на сексуални сценарија со играчки и кукли што покажува сексуално познавање несоодветно за возраста |
| Екстремно агресивно однесување, изливи на борбеност повеќе од што е соодветно за возраста | Повлеченост од социјални односи/ интеракции | Ниска самодоверба, лоша слика за сопственото тело | Регресија, мокрење или дефекација, размачкување на урина и фекалии повеќе од што е соодветно за возраста |
| Постојани прашања за секс, зборување за секс и полови дејства | Ирационален страв од тоалетот/бањата или не остава други сами во тоалетот/бањата | Се соблекува во јавност по многу прекор | Суровост кон животни |
| Симулирани сексуални движења (симулирана копулација, итн.) | | | |

*Присуство на габична инфекција не е нужно резултат на на сексуална злоупотреба. Габичните инфекции може да се јават како последица на земање на системски антибиотици. Сепак, габична инфекција во пред-адолесцентно дете укажува на потреба од медицински преглед и натамошна истрага.

**Болно празнење на црева може да биде предизвикано и од констипација.

(За дополнителни информации види во дополнителна литература)

## Активност 5

### Што е злоупотреба на деца?

Прочитајте ги сценаријата и ставете ги „најзлоупотребувачките“ картички на лева страна, а „најмалку злоупотребувачките“ сценарија на десна страна. **НАПОМЕНА: При разгледување на сценаријата имајте ги предвид сите горенаведени каракртеристики и видови на занемарување и злоупотреба.**

| | |
|---|---|
| ***Сценарио 1***<br><br>Горан има 3 години, неговите мајка и татко работат во ноќна смена и го оставаат дома да спие. Ја заклучуваат вратата од спалната соба за да не може да излезе од неа. Кога се буди во ноќта, тој ги повикува мајка си и татко си и многу се вознемирува кога нема се одзиваат. | ***Сценарио 5***<br><br>Евгениј има 7 години. Неговите родители често се караат и кога татко му ќе почне да ја удира мајка му, тој се обидува да се скрие зад мебелот, но сепак може да го слушне плачењето на неговата мајка и викотниците на негоиот татко. |
| ***Сценарио 2***<br><br>Сунита има 14 години и е најмладиот член во строго муслиманско семејство. Таа избегала од часови за да биде со нејзините пријатели, но нејзиниот татко ја видел како седи со група момчиња и девојчиња. Тој ѝ рекол дека нема да се врати во училиште, туку дека ќе мора да седи дома и да се подготвува за брак. | ***Сценарио 6***<br><br>Петар има 9 години, лесно му се одвлекува вниманието и често мокри во гаќи дома и на училиште. Татко му смета дека единствениот начин да го натера да престане е да го натера да носи пелена сѐ додека не остане сув една цела недела. Петар е принуден да оди во училиште носејќи пелена, а татко му ја известува наставничката дека го навикнува. |
| ***Сценарио 3***<br><br>Алма има 15 години и е најстарото од петте деца во едно семејство од албанско етничко потекло; таа е единственото женско дете и поголемиот дел од времето ѝ помага на мајка си. Сите нејзини браќа одат на училиште, но таа не. Бидејќи таа е единственото женско дете, не ѝ е дозволено да јаде во иста просторија со другите од семејството, нема време за лична хигиена и затоа постојано е валкана и има лош мирис | ***Сценарио 7***<br><br>Елена има 8 месеци, нејзиниот татко поминува долго време на работа, а нејзината мајка се обидува да ги нахрани другите три деца. Елена постојано плаче додека татко ѝ се подготвува да замине на работа и во налет на фрустрација таткото ја извлекува од нејзиното креветче и ја протресува додека не престане плачењето. |
| ***Сценарио 4***<br>Виолета има 10 години, нејзината мајка се премажила по смртта на нејзиниот татко, а очувот вели дека сака да биде нејзиниот нов татко и сака да покаже дека ја сака. Секоја вечер тој ја легнува во кревет и ја тера на орален секс со него за да ѝ покаже дека ја сака исто како што ја сака и мајка ѝ. | ***Сценарио 8***<br>Ардијан и Гента имаат по 6 години; живеат со мајка им, којашто е зависник од дрога. Таа е вмешана во сексуална работа за да ја финансира нејзината навика. Таа не сака семејството да дознае, не сака да замоли некој од семејството да ги чува децата, па затоа работи дома. Децата се загрижени поради сите мажи што доаѓаат во нивниот дом и за да ја заштитат мајка си ја набљудуваат кога има сексуални односи со тие мажи. |

**Цел:**

- да ги разјасните дилемите поврзани со злоупотребата на деца, прагови и различни ситуации што влијаат врз децата,
- да ги поврзете веќе постоечките со новостекнатите знаења и вештини од вашите лични искуства за заштитата на децата.

## *4.3. Изложеност на семејно насилство*

### *4.3.1.* Дефиниција за *семејно насислтво*

Во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник бр. 24 од 29.1.2021) семејното насилство е дефинирано како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Жртви на семејно насилство најчесто се жени и деца, а сторителите најчесто се мажи, што не значи дека не може да биде и обратно. Во повеќето ситуации, семејното насилство е насочено кон жените од страна на мажите. Ова ги вклучува партнерите/сопружниците и поранешните партнери/сопружници. Може да се појави и во пошироки семејни односи и вклучува злоупотреба или запоставување на децата од страна на возрасните, но можно е и насилничко однесување на детето врз родителот и злоупотреба од страна на детето кон неговиот/нејзиниот брат/брат/и. Многу термини се користат за да се определи семејното насилство кога тоа се случува помеѓу партнери, како што се семејно насилство, насилство од партнер, интимно насилство, злоупотреба на брачен другар, Во контекст на прирачникот ќе се фокусираме на деца кои се изложени на семејно насислтво.

### *4.3.2.* Развој на деца изложени на семејно насилство

Важно е да се напомене дека децата во однос на семејното насилство можат да се најдат во улога на жртви (директни жртви) или во улога на сведоци на семејно насислтво (индиректни жртви). И во двете ситуации изложеноста на семејно насилство (директна или индиректна) негативно влијае врз развојот на детето.  Реакциите на децата на овие ситуации зависат од многу фактори, но најмногу од нивната возраст и степен на развој. Тие може да се обидат да интервенираат за да го запрат насилството или може да се повлечат и да се чувствуваат преоптоварени и беспомошни. Како резултат на она што го сведочат во семејството, децата можат да развијат низа емоционални, бихејвиорални, развојни или образовни проблеми, од кои некои може да продолжат и во зрелата возраст.

Семејното насилство доведува до промени во развојот на мозокот на детето и анатомски и физиолошки, и последователно ја нарушува способноста на детето соодветно да реагира на социјалните ситуации; ја нарушува неговата/нејзината способност да се справи дури и со мали предизвици во текот на животот. <u>*Од клучно значење е да се разбере дека и индиректната изложеност на семејното насилство (кога детето е очевидец на насислство) е форма на злоупотреба и запоставување на децата*</u> (Tsavoussis et al., 2014).

Опсегот на влијанија што го има индиректната изложеност на детето на семејно насилство од сведочењето на семејното насилство може да го разгледаме низ возрасните групи на развој на детето:

***Табела бр. 4*** **Приказ на влијанија на семејното насилство врз развојот на детето по возрасни групи**

<table>
<tr><th>Развојна фаза</th><th>Влијанија</th></tr>
<tr><td>Доенче<br>(0-2 години)<br><br>Доверба</td><td>• нарушувања во спиењето и хранењето<br>• постојано грчење и плачење<br>• неможност да се утеши<br>• лесно се иритира или лесно се стресува</td></tr>
<tr><td>Проодено дете<br>(2-4 години)<br><br>Самостојност</td><td rowspan="2">• чести поплаки за физички потешкотии<br>• тешкотии при спиење или чести кошмари<br>• чести изливи на бес<br>• сурово постапување кон другите деца и возрасни</td></tr>
<tr><td>Дете на предучилишна возраст<br>(4-6 година)<br><br>Иницијатива</td></tr>
<tr><td>Дете на училишна возраст<br>(6-10 години)</td><td>• чести поплаки за физички потешкотии<br>• тешкотии при спиење или чести кошмари<br>• чести изливи на бес<br>• сурово постапување кон другите деца и возрасни<br>• тешкотии при концентрирање или следење на упатствата<br>• постојана неспособност да се завршат домашните задачи, слаб училишен успех, екстремна срамежливост или страв од возрасни<br>• регресивно однесување како што се цицање палец,ползење, неможност да се контролира мокрењето<br>• булинг, општо негативно однесување, агресија, насилство<br>• постојани обиди да ги задоволи другите за да се избегнете каков било конфликт во куќата</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • депресија и/или повлекување |
| **Рана адолесценција**<br>**(10-14 години)**<br><br>***Идентитет***<br><br>**Доцна адолесценција**<br>**(15-18 години)**<br><br>***Идентитет*** | • фрустрација, бес, лутина<br>• самоуништувачко или самоубиствено однесување<br>• чести физички поплаки<br>• злоупотреба на дрога и/или алкохол<br>• деликвентно однесување, како што се уништување имот, кражба итн.<br>• суровост кон животните, малите деца, врсниците од спротивниот пол<br>• агресивно/навредливо/насилно однесување, употреба на оружје<br>• депресија, анксиозност, нарушувања на спиењето, нарушувања во исхраната,<br>• повлекување од социјално вклучување со врсниците или семејството<br>• ниска самодоверба<br>• недостаток на почит кон едниот (или жртвата или сторителот) или двајцата родители/старатели<br>• прифаќање насилство во врските |

Ефектите од изложеност на семејно насилство се драматични и мерливи. Децата во домови каде е присутна агресија се во ризик не само од повреда или смрт, туку таа изложеност повлекува широка лепеза на психолошки и физички симптоми кои може да бидат долгорочни. Овие деца страдаат од голем број негативни ефекти, вклучително симптоми на траума, физички проблеми, тешкотии со учењето, компликации во односите, а исто така се во ризик самите да станат агресори во нивните идни односи. Поединците, особено доенчињата и малите деца, кои се изложени на стресна реакција во подолги периоди може да имаат препознатливи промени во структурата на мозокот.

Децата кои се изложени на насилство во домот треба да знаат дека не се сами и дека насилството не е нивна вина. Ним им се потребни услуги за поддршка за да ги задоволат нивните потреби. Децата треба да научат дека семејното насилство е погрешно и да научат ненасилни методи за решавање конфликти. На децата им требаат возрасните да проговорат и да ја нарушат тишината и повторно да потврдат дека семејното насилство е погрешно. Децата кои се изложени на насилство во домот треба да знаат дека работите можат да се променат и дека насилството во домот може да заврши. На децата им треба надеж за иднината (УНИЦЕФ, 2006).

## Завршни согледувања и заокружување на тема 4

- Занемарувањето, кое уште се нарекува и запуштеност може да се дефинира во смисла на пропуст, отсуство на соодветна грижа од страна на згрижувачите, каде што детето претрпува значителна штета или нарушување на развојот поради лишување/недостиг од храна, облека, топлина, хигиена, интелектуална стимулација, надзор и безбедност, приврзаност кон и наклонетост од возрасните и/или медицинска нега.
- Злоупотреба на деца може да се дефинира како предизвикување или дозволување било каков штетен или неповолен контакт врз телото на детето; и секаква комуникација или трансакција од било каков вид што го понижува, засрамува или заплашува детето.
- Индиректната изложеност на детето на семејното насилство (кога детето е очевидец на насисдство) е форма на злоупотреба и запоставување на децата.
- Компетентните стручни работници во стручната работа со деца, вклучувајќи ги и децата во ризик од знамураваање и злоупотреба потребно е да бидат свесни за степенот и видот на занемарување и злоупотреба кои ги идентификуваат кај децата, со цел да планираат и спроведуваат, со активна вклученост на децата, соодветни активности за заштита и надминување на ризикот.

# *ТЕМА 5: ТРАУМА И ВЛИЈАНИЕ НА ТРАУМАТА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕТЕТО*

**5.1. Што е *траума?***

**5.2. Причини за траума**

**5.3. Видови траума**

**5.4. Третман на траума - насоки за стручните работници**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 5**



# ТЕМА 5: ТРАУМА И ВЛИЈАНИЕТО НА ТРАУМАТА ВРЗ РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО

## Резиме на тема 5

Темата 5: *Траума и влијанието на траумата врз развојот на детето* од овој прирачник во себе содржи повеќе информативни содржини поврзани со траумата, причините за појава на траума кај децата, влијанието на траумата врз равојот на децата и насоки за стручните работници во контекст на траумата при работа со деца во ризик. Темата опфаќа содржини кои се основа врз која понатаму се надградуваат вашите знање и вештини во работата со деца, поврзани со некој ризик, загуба и/или траума.

## Цели на тема 5

Оваа тема ќе ви овозможи да се запознаете и да стекнете ново знаење, но и да ги надградите вашите постоечки знаење и вештини поврзани со стручната работа со деца во ризик. Преку оваа тема очекувано е:

- Да ја осознаете и разберете дефиницијата за траума
- Да го осознаете и разберете влијанието на траума врз развојот на детето
- Да научите како да ги поврзете овие сознанија со својата пракса
- Да се информирате за конкретни насоки во контекст на траумата при работа со деца во ризик.

## Содржина на тема 5

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **5.1. Што е траума?** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Активност 6: Низ ходниците на сеќавањата** | • Бура на идеи<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **5.2. Причини за траума** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **5.3. Видови траума** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Активност 7: Студија на случај** | • Бура на идеи<br>• Студија на случај<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

| | | |
|---|---|---|
| **5.4. Третман на траума** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## *5.1. Што е ТРАУМА?*

### *5.1.1.* Дефиниција за *траума*

Траумата се јавува кога некое искуство или низа искуства на кои е изложено детето толку го загрозуваат неговот/нејзиното постоењето што сите вообичаени механизми на заштита/одбрани не можат соодветно да „одговорат“. Траумата е искуство кое предизвикува чувство на интензивен страв, ужас, паника, беспомошност и ненормално интензивен и продолжен одговор на стрес (Пери, 2009). Траумата е емотивен одговор на стресен настан кој може да биде од различна природа, како на пример несреќа, силување или природна катастрофа. Веднаш по настанот типичен е шокот и негирањето. Долгорочните реакции вклучуваат непредвидливи емоции, ретроспективи, затегнати односи, па дури и физички симптоми кај децата кои биле изложени на траума.

При доживувањето траума, стручните и квалификувани лица треба да им помогнат на децата да најдат конструктивни начини за управување со нивните емоции и справување со стресот предизвикан од траумата. Стресот може да се дефинира како било каков вид промена што предизвикува физички, емоционален или психолошки напор.

Траумата е емотивен одговор на една личност на вознемирувачко искуство. Малкумина можат да поминат низ животот без да наидат на некаква траума.

### *5.1.2.* Психолошка и физиолошка основа на траумата

За подобро да ја разбереме траумата, важно е подобро да се запознаеме со нејзиното потекло или основа. Траумата има психолошка и физиолошка основа (позадина). Фројд првпат го идентификувал влијанието на стресните настани врз психата и однесувањето на луѓето кога ги набљудувал војниците кои се враќале од европската Првата светска војна, а кои не биле во можност да функционираат. Симптомите што тој ги опишува се забележани кај жртвите на холокаустот и бегалците во повоената миграција, а во сите нив основата е стресот и одговорот на стресот (Dulwich, 2014). Стресот е одговор на нашето тело на сè што бара внимание или акција. Секој до одреден степен доживува стрес. Начинот на кој реагираме на стрес, сепак, прави голема разлика во нашата целокупна благосостојба (СЗО).

*Физиолошка страна на стресот* - Стресот е примитивниот механизам на телото да ја преживее опасноста преку реакции во вид на борба (fight), бегство (flight) или страв (freeze). Телото автоматски ослободува краткорочни стресни хормони (адреналин, кортизол и

норепинефрин) за да го активира симпатичкиот нервен систем да реагира на согледаната опасност, реакција која во психологијата е позната како 3Ф паника (fight – flight – or - freeze panic/response[34]). Овој одговор е физиолошка реакција која се јавува како одговор на согледан штетен настан, напад или закана за преживување. За прв пат е опишан и практично воведен од психологот Волтер Бредфорд Канон (Walter Bradford Cannon[35]).
Накратко прикажан, овој одговор изгледа вака:

| | |
|---|---|
| **Борба (Fight)** | Телото е подготвено да се заштити себеси и другите преку агресија или самоповредувачко однесување. |
| **Бегство /„одлетување“ (Flight)** | Хипер возбуда, подготвен за трчање.<br>Телесните реакции на страв вклучуваат:<br>• Крвта се пренасочува кон мускулите од други делови на телото, на пр. рацете и стапалата стануваат ладни, бледо лице.<br>• Зголемен крвен притисок, забрзано отчукување на срцето, зголемување на нивото на шеќер во крвта и на масти за снабдување на телото со дополнителна енергија.<br>• Функцијата на згрутчување на крвта на телото се забрзува за да се спречи прекумерна загуба на крв во случај на повреда.<br>• Мускулната тензија се зголемува за да му обезбеди на телото дополнителна брзина и сила. |
| **Страв/Стаписување или „Замрзнување“ (Freeze)** | Чувство на вкочанетост, чувство на страв и вкочанетост, не чувствувајќи ништо. Другиот автоматски одговор за преживување е одговорот на „замрзнување“. Може да се случи кога сме преплашени и се чувствуваме беспомошни, како да нема шанси да преживееме или да избегаме. Тоа се случува во сообраќајни несреќи, на жртви на силување и на луѓе кои се уапсени под закана со оружје. Некои луѓе се онесвестуваат, замрзнуваат или ментално се отстрануваат од своето тело и не ја чувствуваат болката од нападот, а понекогаш и немаат (експлицитно) сеќавање за тоа. |

[34] Donahue, J.J. (2020). Zeigler-Hill, V.; Shackelford, T.K. (eds.). "Fight-Flight-Freeze System". Encyclopedia of Personality and Individual Differences: 1590–1595.
[35] Walter Bradford Cannon (1915). Bodily changes in pain, hunger, fear, and rage. New York: Appleton-Century-Crofts. p. 211.

**Активност 6**

## Низ ходниците на сеќавањата 1

Размислете за некое сеќавање од детството што се однесува на некаква загуба – посветете доволно време да се присетите колку години сте имале тогаш и колку што можете повеќе други детали за таа ситуација. Потоа размислете за следниве прашања:

- На кои ЧУВСТВА се сеќавате од тоа време?
- Како се однесувавте?
- Дали се сеќавате на некаква физичка реакција? на пр. проблеми со спиење, јадење, болки...
- Кој/што ви помогна во тоа време и/или што посакувавте?
- Што би било исто/различно во однос на Вашите чувства при загуба или промена во животот?
- Кој Ви помага кога имате чувство на загуба како возрасен? Од што се состои таа помош или поддршка за која Вие сметате дека е корисна?

Сетете се на некој период од своето растење кога сте се чувствувале навистина добро/среќно во своето семејство .

- Опишете го сеќавањето и што мислите (од сегашна перспектива) дека е причината што тоа биле добри времиња
- Каква улога играле важните возрасни луѓе во ова сеќавање?

**Цел: Преку лично искуство да осознаете и да го поврзете со Вашето стручно знаење за влијанието на настаните од минатото врз детето.**

## *5.2. Причини за траума*

### *5.2.1.* Трауматски настани

За разлика од обичните тешкотии, трауматските настани имаат тенденција да бидат *ненадејни* и *непредвидливи*, да вклучуваат сериозна закана за животот - како телесни повреди или смрт - и да се чувствуваат надвор од контролата на една личност. Што е најважно, настаните се трауматични до тој степен што го поткопуваат чувството на безбедност на детето и создаваат чувство дека катастрофа може да се случи во секое време. Родителска загуба во детството, сообраќајни несреќи, физичко насилство, сексуален напад, воени борбени искуства, неочекувана загуба на некој близок се примери за трауматични настани.

Траумата може да произлезе од доживување или сведочење на каква било форма на насилство, злоупотреба, малтретирање, напад, смрт, сериозни несреќи, рано отфрлање, запоставување, развод, загуба, дијагностицирање на болест опасна по живот, сексуален напад, закани за насилство (Гринвалд, 2005) или преку посведочување на нешто шокантно како што е повреден родител или брат или сестра, природни катастрофи како земјотрес, поплава или пожар или настани како улично насилство, убиство или сообраќајна несреќа. Траумата може да биде резултат на една појава или низа интеракции кои се трауматични (Дауни, 2009). Траумата може да се пренесе од една генерација на друга кога ќе бидат погодени цели заедници.

**Трауматски животни искуства**[36]

- Физичка или сексуална злоупотреба
- Напуштање, занемарување или предавство на довербата (како што е злоупотреба од примарен старател)
- Смрт или загуба на некој близок
- Негувател има болест опасна по живот
- Семејно насилство
- Сиромаштија и хронично хаотично домување и финансиски ресурси
- Сообраќајна несреќа или други тешки несреќи
- Силеџиство (Булинг)
- Здравствени ситуации опасни по живот и/или болни медицински процедури
- Сведочење или доживување насилство во заедницата, вклучувајќи пукање, прободување или грабежи
- Сведок на полициска активност или затворање на член на семејството
- Природни катастрофи опасни по живот
- Акти или закани за тероризам (гледани лично или на телевизија)

### *5.2.2.* Влијание на траумата врз сеќавањата на децата

Независно од видот на трауматскиот настан, при појава на траума кај децата настануваат промени во свесната и несвесната меморија и се појавуваат трауматски, несвесни спомени.

***Свесна или експлицитна меморија***

Информациите од сетилата (мириси, звуци, вкусови, допири, емоции, визија) во моментот на доживување натраумата минуваат низ патека во мозокот што им дава смисла преку развојно достапниот јазик и мисла (во зависност од развојниот период на детето). Децата не можат да имаат смисла на информациите исто како и возрасните. Меморијата е зачувана во свесната или експлицитната меморија (во хипокампусот на големиот мозок).

***Имплицитна или несвесна меморија***

За време на доживување траума, мозокот добива информации за заканувачки настан, а информациите одат директно во Амигдалата за складирање за да го подготви телото за физиолошката 3F реакција за опишана погоре, како физиолошка основа на траумата. Потоа, под придружни околности, информациите ќе бидат обработени и складирани во хипокампусот. Ако опасноста остане, личноста не се чувствува безбедно или нема јазичен капацитет или можност да сфати што се случило, сеќавањето останува како сурова емоција во амигдалата. Оттогаш натаму, работите што ја стимулираат таа меморија ќе предизвикаат одговор на 3Ф реакција - на пр. Ако траумата е предизвикана од пожар, мирисот на чад или гледање оган секогаш ќе предизвикува страв и реакција кај детето, што може да перзистира и во возрасниот период на таа личност.

[36] Извор: Национален Комитет на училишта за мрежа за трауматски стрес на децата, 2008 година

Деацта се раѓаат со капацитет за имплицитна меморија, што значи дека можат несвесно да ги перцепираат и да се сеќаваат на работите (Batmanghelidjh, 2006).

***Трауматски имплицитни спомени***

Трауматските имплицитни спомени остануваат „заглавени" во субкортикалните региони (амигдала, таламус, хипокампус, хипоталамус и мозочно стебло) каде што не се достапни за за „свесното", за  разбирањето, размислувањето, расудувањето. Парадоксот во срцето на траумата е тоа што лицата што преживеале траума се свесни за чувствата што ги чувствуваат, како нивна емоционална траума, од една страна или од друга страна воопшто не чувствуваат ништо.

## *5.3. Видови траума*

Во теоријата и практиката на работата со деца во ризик се препознаваат следните видови траума, со следните карактерестики:

***Табела бр. 5*** **Приказ на видови траума**

| Вид траума | Карактеристики |
|---|---|
| **1) Акутна траума** | Акутната траума рефлектира интензивна вознемиреност веднаш по еднократен настан и реакцијата е краткотрајна. Вообичаени примери вклучуваат сообраќајна несреќа, физички или сексуален напад (злоупотреба) или ненадејна смрт на некој близок. |
| **2) Хронична траума** | Хроничната траума може да произлезе од штетни настани кои се повторуваат или продолжуваат. Може да се развие како одговор на упорнималтретирање, занемарување, злоупотреба (емоционална, физичка илисексуална), исемејно насилство. |
| **3) Сложена траума** | Комплексната траума може да произлезе од доживување повторени или повеќекратни трауматски настани од кои нема можност за бегство. *Чувството да се биде заробен е карактеристика на оваа траума*. Како и другите видови траума, таа може да го поткопа чувството на безбедност во и да доведе до хипербудност, постојано (и исцрпувачко!) следење на околината за можноста за закана. „Комплексна траума" ја опишува траумата што се јавува како резултат на злоупотреба во однос на зависната грижа, како што се сексуална злоупотреба, семејно насилство и злоупотреба и запоставување во детството (Пери, 2009; Херман, 1992). Бидејќи сложената траума се јавува во контекст на врската, таа треба да се поправи во контекст на истата врска. |

| | |
|---|---|
| **4) Секундарна траума** | Секундарна траума излегува од изложеноста на туѓото страдање и може да ги погоди оние во професиите кои се повикани да одговорат на повреди и хаос, особено лекарите, лицата кои се во итните служби, вклучително и социјалните и органите на редот. Со текот на времето, таквите лица се изложени на ризик замор од сочувство, при што избегнуваат емотивно да инвестираат во други луѓе во обид да се заштитат од доживување на неволја. Секундарната траума е пренесување на ефектите од траумата од трауматизираното лице на старателот. Тоа се случува кога сведочиме или слушаме на трауматичните настани што ги доживуваат другите и стануваме обземени од нивното искуство, особено кога тоа се надоврзува на нашите сопствени трауми. Треба да се справиме со сопствените трауми пред да можеме да ги префрлиме ефектите од секундарната траума. Кога ја визуелизираме траумата на другата личност со високо ниво на емпатија со трауматизираната личност, можеме да ја игнорираме сопствената вознемиреност додека таа не влијае на нас како траума (Perlesz, 1999). |
| **5) Несакани искуства од детството како траума** | Несакани искуства од детството опфаќа широк опсег на тешки ситуации со кои децата или директно се соочуваат или сведочат додека растат, пред да развијат ефективни вештини за справување со стресот предизвикан од траумата. Овие настани може да го нарушат нормалниот тек на развој на децата и емоционалната повреда може да трае долго до зрелоста. Загуба на родител, занемарување, емоционална, физичка или сексуална злоупотреба, и развод се меѓу најчестите типови на несакани искуства од детството. |

Хроничната одвоеност од родителот/старателот може да има исклучително негативно влијание и да предизвика траума кај детето. Во зависност од околностите и нивното значење, детето може да ги доживее овие разделби како трауматични. Тие можат да бидат ненадејни, неочекувани и продолжени и може да бидат придружени со дополнителни кумулативни стресни настани. Ситуациите во кои може да се случи потенцијално трауматично одвојување од родителот/старателот/згрижувачот вклучуваат:

- Затворање на родител/старател
- Имиграција
- Заминување на родителот на работа во странство

– Престанок на родителските права

Во основата на овие несакани искуства се разделбата и загубата, кои во зависнот од возраста на детето предизвикуваат реакции на манифестирање траума:

| **Возраст** | **Реакции на разделба или загуба** |
|---|---|
| **0 - 3 години** | - зголемена надразливост поради промена на околина, згрижувач или рутина<br>- промена во апетит и спиење<br>- чувствуваат траума и промени преку сетилата (т.е. допир од други) |
| **3 - 6 години**<br>***Магиско размислување*** | - зголемена анксиозност поради разделба (повеќе "се лепи")<br>- регресија<br>- зголемена надразливост поради промена на околина, згрижувач или рутина |
| **7 - 9 години**<br>***Фаза на конкретно размислување*** | - веруваат дека ја предизвикале смртта<br>- заинтересирани што се случува после со телото<br>- зголемена физичка активност, особено кај машките<br>- насилно играње, дури и ако смртта не е насилна |
| **10 - 13 години**<br>***Бараат одговори ВЕДНАШ*** | - претерана претпазливост - небезбедни/предизвикувачки однесувања<br>- зголемена физичка активност, особено кај машките<br>- има потреба да дознае одговори за смртта веднаш<br>- помислување на самоубиство |
| **14 години и постари**<br>***Фаза на решавање на проблеми и апстрактно размислување*** | - интензивни и засилени емоции<br>- претерана претпазливост – небезбедни/предизвикувачки однесувања<br>- депресија<br>- помислување на самоубиство<br>- спори за сопствената морбидност<br>- може да одбие да разговара за смртта и жалоста, НЕМОЈТЕ да ги притискате да разговараат |

**СИТЕ ДЕЦА МОЖЕ ДА ДОЖИВЕАТ**

- интрузивни кошмари во кои тие се жртви во кошмарот, што резултира со неспиење
- намалено чувство на сигурност

- намален апетит
- промени во однесување и личност (т.е. од социјален /а во асоцијален /а)
- лутина
- чувство на вина
- изразена раздразливост
- намалување на успех во училиште

### Активност 7

**Студија на случај**

Јасмина има 12 години. Нејзината мајка е во затвор од нејзината 5-та година, а нејзината тетка (сестра на мајката) е нејзина старателка веќе 4 години. Јасмина ја посетува мајка си секој втор месец. Нејзината тетка прави сè што може за да ја направи среќна. Јасмина е љубезна, не е премногу приврзана и обично добро се однесува. Меѓутоа, кога тетка ѝ поставува ограничувања или ѝ го ограничува користењето на времето на мобилен телефон, Јасмина се лути и вика: „Ти не си моја мајка. Не можеш да ми кажеш што да правам. Таа е единствената што ќе ја слушам!“

Прашања:

1. Низ каква траума поминува детето?
2. Какви видови однесувања може да се очекуваат од децата?
3. Што сметате дека треба да се направи во овој случај?

## *5.4. Третман на траумата - насоки за стручните работници*

Третманот на траума го спроведуваат соодветно обучени стручни работници-терапевти. Во оваа област, покрај психотерпијата и други психотерапевтски пристапи, развиена е т.н. *резиденцијална терапевтска програма за деца*[37]. Сузан Џенкинс (2004) ја опишала резиденцијална терапевтска програма за деца кои биле толку повредени од злоупотреба и занемарување што не можат да живеат со семејство. Таа се залага за стратегии детето да се смири, да се справи со траумата и да се да се чувствува безбедно. Ги истакнува следните насоки за практичарите:

[37] Jenkins, S. (2004). Developing a Residential Programme for Children in Response to Trauma-Related Behaviours. Children Australia, 29(3), 22-29.

- ✓ Научете го детето на комуникација за да научи како да ги разграничува и изразува сложените чувства.
- ✓ Истражувајте преку сортирање – за да дојдете до соодветно сознание за тоа што му/ѝ се случило на детето.
- ✓ Разберете ги специфичните елементи на трауматизирачкото искуство.
- ✓ Перспектива – искуството се прифаќа како нешто што се случило без потреба од минимизирање или преувеличување на неговото влијание.
- ✓ Обезбедете безбеден простор за децата и родителите/старателите да изразат негативни и болни емоции.
- ✓ Изградете безбедни врски помеѓу децата и/или нивните родители/старатели.
- ✓ Обезбедете терапевтска работа, кога и ако сакате од соодветно обучен терапевт.
- ✓ Едуцирајте ги родителите/старателите за влијанието на насилството врз децата.
- ✓ Минимизирајте го срамот.

**Како стручни работници кои работат со деца во ризик, како да им помогнете на децата погодени од траума кои откриваат злоупотреба?**

Во текот на процесот на проценка на детето кое претрпело траума од злоупотреба, се собираат информации и при тоа се потребни одредени вештини од стручниот работник. Еве неколку насоки:

- ✓ Слушајте внимателно што ви кажува детето.
- ✓ Седнете на ниво со детето; обезбедете материјали за цртање или играчки и безбеден и удобен простор.
- ✓ Контролирајте ги вашите изрази на паника или шок.
- ✓ Изразете го вашето верување дека детето ја кажува вистината.
- ✓ Користете го јазикот или вокабуларот на детето.
- ✓ Кажете му на детето дека тоа им се случило на други деца и дека не се единствените.
- ✓ Уверете го детето дека зборувањето за тоа „што го/ја мачи“ е правилна работа.
- ✓ Нагласете дека што и да се случило не е вина на детето и дека детето не е лошо.
- ✓ Кажете му/ѝ на детето дека знаете дека некои возрасни прават погрешни работи.
- ✓ Кажете му на детето (без да давате конкретни ветувања) дека ќе дадете сѐ од себе за да го поддржите и заштитите.
- ✓ Наведете што ќе правите, како на пример да го поврзете со соодветен психотерапевт или давател на услугаа децата кој ќе помогне да се спречи повторувањето на злоупотребата.
- ✓ Пријавете го случајот до надлежните засегнати страни.

## Завршни согледувања и заокружување на тема 5

- ✓ Во основата на траумата е стресот и начинот на справување со стресот на детето.
- ✓ Стручните и квалификувани лица треба да им помогнат на лицата да најдат конструктивни начини за управување со нивните емоции и справување со стресот предизвикан од траумата.

Стресот може да се дефинира како било каков вид промена што предизвикува физички, емоционален или психолошки напор.

- ✓ Независно од видот на трауматскиот настан, при појава на траумата кај децата настануваат промени во свесната и несвесната меморија и се појавуваат трауматски, несвесни спомени.
- ✓ Во теоријата и практиката на стручна работа со деца во ризик се препознаваат: акутна траума, хронична траума, сложена траума, секундарна траума,  следните видови траума и несакани искуства од детсвото како траума.
- ✓ Третманот на траума го спроведуваат соодветно обучени стручни работници/терапевти.

# *ТЕМА 6: ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ ВО РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК*

*6.1.* **Концепт на „ризик“**

*6.2.* **Идентификување и проценка на ризик**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 6**



# ТЕМА 6: ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ВО РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК

## Резиме на тема 6

Темата 6: *Проценка на ризик* од прирачникот, елаборира содржини за определување на ризикот како концепт и дава краток преглед на општи и специфични алатки/техники за прибирање податоци за ризикот во вашата стручна работа со деца во ризик.

## Цели на тема 6

Оваа тема ќе ви овозможи да се запознаете и да стекнете ново знаење, но и да ги надградите вашите постоечки знаење и вештини поврзани со стручната работа со деца во ризик. Преку оваа тема очекувано е:

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за концептот и дефинирањето ризик и видови ризик
- Да ги поврзете вашите постоечки знаење и вештини за проценка на ризик со рамката за проценка на ризикот при стручната работа со деца во ризик
- Да се информирате за поврзаноста меѓу дискриминацијата и изложеноста на ризик на децата
- Да ги поврзете вашите постоечки знаење и вештини за примена на општите техники и алатки за проценка/прибирање податоци за ризикот во стручната работа со деца во ризик
- Да ги осознаете и да ги имате предвид специфичните техники/алатки за проценка/прибирање податоци за ризикот во стручната работа со деца во ризик

## Содржина на тема 6

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **6.1. Концепт на „ризик“** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **6.2. Идентификување и проценка на ризик** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## 6.1. Концепт на „ризик“

### 6.1.1. Дефинирање на поимот „ризик“

Концептот на „ризик“ во контекст на заштита на децата ги вклучува сите форми на:

- Злоупотреба,
- Закана
- Сомнителни околности на злоупотреба што можат да ја загрозат безбедноста и разввојот на детето.

*Социјален ризик* е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост (Закон за социјалната заштита, Службен весник на РСМ бр. 104/2019)

Во рамки на контекст на заштита на децата, се разликуваат:

- *Потенцијален ризик* - нивото на опасност што ги вклучува сите закани кои не влијаат директно и непосредно врз физичкиот, емоционалниот, интелектуалниот и социјалниот развој на детето.
- *Актуелен ризик* – подразбира:
  - Примена на на физичко насилство врз дете предизвикувајќи при тоа штета (телесни повреди)
  - Сите видови занемарување и негрижа
  - Реални закани (ризик од смрт, физичка повреда) и се што може да го попречи физичкиот, емоционалниот, менталниот и социјалниот развој на детето, како што се понижување, срам или притисок за извршување неморални дејствија
  - Повторливи состојби кои го попречуваат развојот и благосостојбата на детето како што се неухранетост, недостаток на заматување, засолниште, хигиена, медицинска нега и безбедност
  - Допирање, галење, сексуални односи, силување, вршење непристојни дејствија или вклучување на детето во сексуална експлоатација и/или сексуални активности

Во *Законот за правда на децата* („Службен весник на РСМ“ бр. 148/13, 152/19) за прв пат се дефинира терминот дете во ризик: секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, односно старателите, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питачење, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие

кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

### *6.1.2.* Дискриминацијата и изложеноста на ризик

Децата не се изложени на ризик само поради оваа возраст. Глобално, многу деца се соочуваат со повеќекратни, преклопувачки форми на дискриминација и депривација што се зголемуваат до одредени форми на исклученост на децата.

Форми на дискриминација поврзани со:

- ***Сиромаштијата*** кај децата претставува голема ранливост. Таа ги спречува децата да ги уживаат своите основни права. Во сите групи, децата треба да имаат/старатели кои ги задоволуваат потребите на балансиран начин. Родителите/старателите секогаш треба: да се труди да има основни материјални средства за создавање едукативни и рекреативни можности и активности. И најважно од се да покажат љубов, нежност и поддршка. Треба да имаме предвид дека детската сиромаштија е од сиромаштијата кај повеќете во мислењата дека:
  - Децата има само една можност да пораснат;
  - Сиромаштијата предизвикува когнитивни и физички болести во животот и го попречува емоционалниот и интелектуалниот развој на детето.

- ***Родова нееднаквост -*** е една од најраспространетите форми на дискриминација. Глобално, во многу земји, девојчињата имаат помалку можности и тие често се повеќе изложени на насилство, експлоатација и злоупотреба. На девојчињата им се оневозможува пристап до образование и се присилуваат на брак на млада возраст. Иако родовата дискриминација врз девојчињата е почеста, сепак и момчињата може да се соочат со предизвици и малтретирање поради социјалните очекувања и норми. Таков пример се очекувањата да се одговори на прашањата за финансиска поддршка на семејството бидејќи тоа е „работа на мажот“, па следејќи го тој пример,некои  момчиња се под притисок да започнат да работат на рана возраст и да се справат со обврските на семејството.

- ***Деца со попреченост -*** Децата со попреченост често се занемаруваат главно затоа што лицата со попреченост во некои заедници не се секогаш прифатени; во некои дури и ги гледаат како проблем. Одредени социјални верувања и недостиг од соодветна информираност и знаење во заедниците придонесуваат кон маргинализирање и депривација на децата со попреченост.

- ***Децата од малцински или ранливи групи*** се изложени на:
  - *Недостаток на услуги* - Децата од малцински или ранливи групи имаат проблеми со соддветен пристап до здравствени, социјални и образовни услуги. Има деца, на пример, што не одат на училиштата поради големата оддалеченост помеѓу нивните домови и училиштата или поради недостатокот на достапно образование на мајчин јазик.

– *Јазична дискриминација* - Децата од овие групи доживуваат јазична дискриминација на училиште, ниски стапки на писменост, ниски стапки на запишување на училиште, високи стапки на напуштање на образованието и разлики во националните академски достигнувања.

## 6.2. *Идентификување и проценка на ризик*

Проценка на ризикот е собирање и анализа на информации за да се утврди степенот до кој клучните фактори се присутни во семејната ситуација или опкружувањето на детето што ја зголемуваат веројатноста за актуелно и/или идно занемарување, злоупотреба или изложеност на детето на семејно насислтво.

*Проценката на ризик во стручната работа со дете во ризик е дел од чекорот „проценка“ од методот на водење случај.* Вообичаено оди заедно со *проценка на безбедноста* и *проценка на потребите/силните страни на детето.* Општо земено, алатките за проценка на ризикот се формализиран метод кој обезбедува единствена структура и збир на критериуми за одредување на ризикот (Cicchinelli, 1995). Тие ги опфаќаат факторите на ризик/ци избран/и за проценка, техниките за собирање потребни информации што се користат за да се опфати и одреди ризикот (Schene, 1996).

НАПОМЕНА: Проценката на ризикот е дел од целокупната проценка (почетна и/или продлабочена) што вие како стручни работници ја спроведувате во вашата стручна работа; таа не се спроведува засебно од проценките: проценка на безбедноста и проценка на потребите/силните страни на детето. Практично, сите тие се составен дел од една единствена проценка за детето и неговото семејство.

За вас како стручни работници кои работат со деца во ризик е важно да го имате предвид и секогаш да се водите од критериумот за проценка: *Балансирана проценка на ризиците за детето и семејството, анализирани и востановени од перспектива која се базира на силните страни на детето и семејството.*

### *6.2.1.* Рамка за проценка на ризикот кај децата - *Што проценуваме во контекст на ризикот*?

- ***Штета*** – повреда, оштетување или загуба на детето
- ***„Тежина“*** – степенот или тежината на штетата што може да се случи или настанала („значителна штета“ – како мерка за сериозност – сугерира штета што е суштинска сама по себе или која има големо или трајно влијание)
- ***Веројатност*** – шанси или објективна можност нешто (штетно) да се случи,  да се развие и/или да се повтори

- ***Околности*** – услови под кои живее едно дете, што може да има штетно влијание, во зависност од отпорноста или ранливоста на засегнатото дете и други заштитни фактори во нивната ситуација
- ***Фактори на предодложување*** – аспекти на привидни условите во кои живее детето, кои, иако во моментов не предизвикуваат штета, може да направат штетен настан или редослед на настани за кои постои веројатнот да се случат
- ***Тригери/ Предизвикувачи*** – настани или форми на однесување од страна на друго лице, кои можат да предизвикаат (штетна) реакција или синџир на дејства од страна на поединец или група луѓе
- ***Заштитни фактори*** – аспекти на условите под кои живее едно дете – вклучително и личните сили на детето и семејството – кои ја намалуваат веројатноста за појава на штета, или преку намалување на веројатноста за штетни настани или преку однесувања и намалување на сериозноста на нивните влијание
- ***Ранливост*** – аспекти на едно дете кои може да ја зголемат сериозноста на штетата на некоја личност
- ***Отпорност*** – аспекти на едно дете што може да ја намалат сериозноста на штетата на некоја личност; издржливоста или ранливоста на детето може да се промени со текот на времето како одговор на неволја или штетни настани; други заштитни фактори може да го поддржат развојот на резилиентноста.

### 6.2.2. Техники/алатки за проценка/прибирање податоци за ризикот во стручната работа со деца во ризик

При проценка на ризикот може да се користат алатки и техники кои вообичано ги користите во вашата секојдневна стручна работа. Во овој дел само ве потсетуваме, ве насочуваме и ви даваме краток преглед на техниките кои со сигурност ги применувате во секојдневната практика и кои можат да ви бидат од корист во проценката на ризикот во стручната работа со деца во ризик.

#### 1) Генограм

Генограмот (исто така познат како студија на МекГолдрик-Герсон, шематска приказ на Лапидус или семеен дијаграм) е сликовит, визуелен приказ на семејните односи (види *Образец 1: Шаблон за Генограм*).

#### 2) Екомапа

Екомапата ги прикажува најважните односи на една личност со ресурсите во неговата/нејзината заедница - луѓе, групи и организации/институции - и како тие позитивно или негативно влијаат на тој поединец. Слична на генограм, оваа алатка за проценка е развиена од д-р Ен Хартман (Види *Образец 2: Шаблон за Екомапа*).

#### 3) Скали за проценка

Овие алатки за проценк вообичаено се во склоп на прашалници во кои се содражни сетови/групи прашања за прибирање податоци за проценка на ризикот кај децата. Теоријата и

практиката познаваат голем проj скали и прашалници за проценка на ризик; во овој прирачник ве упатуваме да го разгледате *Образец 3: Скали за проценка,* каде е прикажано кратко резиме на прашалници и скали за проценка на ризик кај деца и семејства, со пристап до овие инструменти[38].

### 4) Интервју

Интервјуто е техника која исто така во себе подразбира употреба на прашалник во кој се вклопени сетови/групи прашања за прибирање податоци за проценка на ризикот кај децата. Во основата на оваа техника се вашите комуникациски вештини и практиката во работата со деца во ризик, за што правиме краток осврт во тема 9: Комуникација во стручната работа со деца.

Теоријата и практиката на стручната работа со деца во ризик познава и применува многу техники и алатки конкретно во областа на социјална работа со деца. Во контекст на обуката, кон прирачникот можете да најдете дополнителен документ, со техники/алатки за проценка/прибирање податоци две специфични техники/алатки за проценка/прибирање податоци за ризикот во стручната работа со деца во ризик.

Преку проценката на ризикот треба да се добијаат и соодветни информации и за степенот на ризик на кој е изложено детето, па така разликуваме:

| | |
|---|---|
| **Низок ризик** | Кога детето и неговото семејство имаат капацитети за вклучување во надминување на ризик. |
| **Умерен ризик** | Кога детето нема доволно капацитети, а неговата средина (членовите на семејство, роднини, пријатели и социјалната средина) има капацитети да го/ја поддржат во надминување на ризикот со ваша поддршка како стручни работници. |
| **Висок ризик** | Кога и детето и неговата средина (членови на семејство, роднини, пријатели и социјалната средина) немаат капацитети за надминување на ризикот во кој се наоѓа детето и потребно е вклучување на поддршка од институции, даватели на услуги за задоволување на повеќе видови потреби на детето. |
| **Многу висок ризик** | Обично во практиката се наведува и четврто дополнително ниво кое се однесува на мал процент на деца, чија состојба е исклучително сложена и бара голем обем на ресурси и вклучување на повеќе даватели на услуги - здравствени услуги со различни специјалности, социјални услуги и интервенции. Нивото на интервенција се утврдува врз основа на ситуацијата и интересите на детето. |

[38] На Платформата постои Прирачник за проценка најдобриот интерес на корисникот/детето кој е прикачен и на web-страната на ЈУ Завод за социјални дејности достапен на следниот линк

## Завршни согледувања и заокружување на тема 6

- Концептот на „ризик“ во контекст на заштита на децата ги вклучува сите форми на: злоупотреба, закана, сомнителни околности на злоупотреба што можат да ја загрозат безбедноста и разввојот на детето.
- Во рамки на контекст на заштита на децата, се разликуваат: потенцијален и актуелен ризик.
- *Дете во ризик* е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, односно старателите, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питачење, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.
- Глобално, многу деца се соочуваат со повеќекратни, преклопувачки форми на дискриминација и депривација што се зголемуваат до одредени форми на исклученост на децата.
- Проценката на ризик во стручната работа со дете во ризик е дел од чекорот „проценка“ од методот на водење случај. Вообичаено оди заедно со проценка на безбедноста и проценка на потребите/силните страни на детето.
- Стручните работници кои работат со деца во ризик важно е секогаш да го имаат предвид и секогаш да се водиат од критериумот за проценка: Балансирана проценка на ризиците за детето и семејството, анализирани и востановени од перспектива која се базира на силните страни на детето и семејството.

# *ТЕМА 7: ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦА ВО РИЗИК*

**7.1. Што е проценка на потребите на деца во ризик?**

**7.2. Зошто ни е потребна проценката на потребите на деца во ризик во стручната работа?**

**7.3. Што проценуваме во рамки на оваа активност?**

**7.4. Како го спроведуваме процесот на проценка на потребите на деца во ризик?**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 7**



# ТЕМА 7: ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦА ВО РИЗИК

## Резиме на тема 7

Темата 7: *Проценка на потреби на децата во ризик* како составен дел од овој прирачник во суштина има цел да одговори на следните прашања поврзани со проценката на потребите на деца во ризик:

1) *Што е проценка на потребите на децата во ризик? – појаснување без да се навлегува во методолошката суштина на оваа постапка како чекор од методот на водење случај*;
2) *Зошто* ни е потребна проценката на потребите на деца во ризик?;
3) *Што* проценуваме во рамки на оваа активност во нашата стручна работа со деца во ризик?;
4) *Како* го спроведуваме процесот на проценка на потребите на деца во ризик?

## Цели на тема 7

Преку оваа тема очекувано е:

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за значењето на проценка на потребите на деца во ризик и нивните семејства;
- Да ги осознаете и да ги имате предвид знаците на занемарување и злоупотреба
- Да ја осознаете потребата од препознавање на незадоволена/и потреба/и и последиците кои ги предизвикуваат кај децата во ризик и нивните смејства;
- Да ги поврзете теоретските со практичните знаење и вештини за проценка на потребите кај децата во ризик преку примена на соодветни методи, техники и алатки во стручната работа.

## Содржина на тема 7

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **7.1. Што е проценка на потребите на деца во ризик?** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **7.2. Зошто ни е потребна проценката на потребите на деца во ризик во стручната работа?** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **7.3. Што проценуваме во рамки на оваа активност - проценка?** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **7.4. Како го спроведуваме процесот на проценка на потребите на деца во ризик?** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

| | | |
|---|---|---|
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## *7.1. Што е проценка на потребите на деца во ризик?*

Како што наведовме во претходната тема,при спроведување *проценка* како чекор во примената на методот на водење случај во вашата стручна работа, вие спроведувате едновремена проценка на ризикот на детето и семејството, проценка на безбедноста и проценка на потребите/силните страни на детето. Овие проценки се составен дел од од целокупната проценка (почетна и/или продлабочена) што вие како стручни работници ја спроведувате во вашата стручна работа со деца во ризик.

Проценката е процес на собирање, анализирање и синтетизирање на важни податоци кои ги опфаќаат следните димензии: 1. Природата на проблемот на корисникот, обрнувајќи посебно внимание на улогите на децата и нивни блиски личности вклучени во проблемот; 2. Функционирањето (силата, ограничувањата, недостатоците) на децата и значајните личности; 3. Мотивацијата на децата и семејствата да работат на проблемот; 4. Релевантните фактори од околината кои придонесуваат за појава и регистрирање на проблемот; 5. Додатните извори кои се достапни или потребни за да се надминат тешкотиите на децата во ризик. Проценката на состојбата и потребите на децата во ризик се врши за дефинирање на видот на помошта и поддршката кои се потребни и соодветни за надминување на нивните проблеми и задоволување на нивните потребите. При проценката треба да се земат предвид ранливоста, ризичните фактори, заштитните фактори, силите и резилиентноста (отпорност) на детето и семејството. Во методот на водење случаи, се спроведува почетна и продлабочена проценка[39]. Проценката е континуиран процес во стручната работа со децата во ризик.

Во спроведувањето на проценката важно е да се водите по основните пристапи и принципи на заштита на деца кои ги наведовме во тема 2 на овој прирачник и секако според законски пропишаните принципи во националната легислатива за работа со деца (вклучително и деца во ризик); особено треба да се водите и да ги применувате:

- Принцип на најдобар интерес на детето;
- Принцип на јакнење на детето и семејството;
- Принцип на партиципативност (активна вклученост на детето и семејството) во проценката (и во целокупната стручна работа);
- Принцип на доверливост;
- Принцип на недискриминација.

[39] Прирачник Интегрирано водење случаи (2019) Скопје достапно на линк

## *7.2. Зошто ни е потребна проценката на потребите на деца во ризик?*

Кога работиме со деца во ризик секогаш треба да имаме предвид дека тие ги имаат истите потреби како и сите останати деца, но поради одредени околности (ризици) во кои се нашле или се наоѓаат овие деца, нивните потреби остануваат или незадоволени или несоодветно задоволени. Целта на проценката во стручната работа со деца во ризик која треба да ја остварите како стручни работници е заедно со детето и семејството да донесете заедничка одлука за тоа:

- кои потреби на детето не се задоволени;
- кои се приоритетите на кои ќе работите понатаму (низ планирањето и спроведувањето на индивидуалниот план за работа).

Успешно спроведената проценка води кон успешно одвивање на понатаможните фази од стручната работа со деца во ризик, а со крајна цел да се постигне позитивна промена кај детето и неговото/нејзиното семејство, односно да се задоволат потребите, да се надминат предизвиците и да се поттикне понатамошниот раст и развој на детето.

## *7.3. Што проценуваме кога правиме проценка на потребите на децата во ризик?*

Во процесот на проценка како стручни работници кои работат со деца во ризик и нивните семејства, проценувате:

1) Потребите на детето - кои потреби се задоволени, а кои не се задоволени;
2) Капацитетот на детето самостојно да ги задоволи своите потреби;
3) Капацитетите на семејството и социјалната средина во функција на задоволување на потребите на детето.

### 7.3.1. Проценка на основните потреби и потреби во контекст на стручната работа со деца во ризик

Потребите на децата во ризик може холистички да се согледаат низ био-психо-социјалниот модел според кој се добива прегледна класификацијата на потребите на детето како поединец, ресурсите на семејството и социјалната средина. Најпознатата теорија за потребите е теоријата на психологот Абрахам Маслов[40]. Тој идентификува пет групи или нивоа на потреби, подредени хиерархиски, во вид на пирамида од долу нагоре. Потребите од повисокото ниво се јавуваат и се задоволуваат во зависност од тоа како и колку се се задоволени потребите од претходното/ите ниво/а. Според Маслов, за однесувањето на поединецот и објаснувањето на неговите/нејзините постапки, поголемо значење имаат мотивите кои се поблиску до врвот на хиерархиската

[40] „Абрахам Маслов"во Британика: www. britannica.com

пирамида, т.е. оние со кои се задоволуваат психолошките потреби на човекот, во случајов децата. Најголемо значење за секој човекот има мотивот за самоактуелизација/самоостварување.

***Слика бр. 4*** **Пирамида на нивоа на потреби (Абрахам Маслов)**




Многу е важно како стручни работници да бидете свесни за постоењето на овие потреби и да идентификувате дали и до кој степен се задоволени потребите на децата во ризик, затоа што:

| | |
|---|---|
| Незадоволени **ФИЗИОЛОШКИ ПОТРЕБИ** | Децата и семејствата кои живееат во екстремна сиромаштија, поради незадоволени основни потреби имаат потешкотии во останатите аспекти на функционирање и не можете од нив да очекувате да остварат промени во тие аспекти, додека не се задоволат соодветно основните потреби, односно додека живеат во сиромаштија. |
| Незадоволена потреба за **БЕЗБЕДНОСТ** | Децата и семејствата што живеат во несигурни, опасни делови, кои живеат со насилство, потечко ќе ги решаваат своите проблеми ако се со постојано чувство на несигурност за својот физички и психолошки интегритет. |

| | |
|---|---|
| Незадоволена потреба за **ЉУБОВ И ПРИПАДНОСТ** | Чувството на поврзаност и чувството дека детето е сакано му/ѝ помага да гради самопочит и самопрфаќање. Потребата за интимност подразбира афективно поврзување, љубов на детето, но и станување значаен/јна (важен/на) за другите. |
| Незадоволена потреба за **ПОЧИТУВАЊЕ/ УВАЖУВАЊЕ** | Поради незадоволени потреби од ова ниво ни се јавуваат корсниците во социјалниот ситем. Корисници на права и услуги на социјална заштита стануваат дел од системот поради потешкотиите со кои живеат или поради кризите со кои се се соочиле, во состојба на „научена беспомошност“, а самопочитта им е значително нарушена. |
| Незадоволена потреба за **САМОАКТУЕЛИЗАЦИЈА/ САМООСТВАРУВАЊЕ** | Последното ниво се остварува само и само ако се задоволат потребите на сите претходни четири нивоа. |

Од аспект на стручната работа, неопходно е да се додадат уште неколку детерминанти на потребите со кои вие како стручни работници се среќавате во секојдневната практика во работата со деца во ризик. За овие потреби, важно е нивното задоволување да биде најефективно доколку се реализира преку специјализирани социјални институции, служби или институции, како и преку посебни институционализирани системи на права и услуги.

| | |
|---|---|
| **1) Искуствени или изразени потреби** | Тоа се однесува на она што детето го чувствувало дека сака. Во овој случај, детето е свесно за својата потреба и способна да ја изрази. Меѓу можностите кои и се нудат, тој/таа го избира патот да си го оствари тоа што го посакува (изразено во куќата на соништата). |
| **2) Нормативни потреби** | Потреби кои се јавуваат кога постои јаз или недостаток помеѓу она што е пожелно (идеално) и она што всушност постои. Кога има „празнина“ има потреба. Потребата не ја подразбира ниту сегашната, ниту идната состојба, туку токму разликата меѓу нив - патот што треба да се помине за да се стигне од сегашната состојба до посакуваната состојба. Се мери степенот на растојание помеѓу посакуваната и моменталната состојба и го дефинира степенот на изразување на потребата. |
| **3) Компаративни потреби** | Потребите кои се јавуваат кога постоечките или изразените потреби се споредуваат со нормативни или стандардизирани потреби или преку споредување на потребите на различни општествени групи. |

### 7.3.2. Био-психо-социјален модел на проценка на потребите на децата во ризик[41]

Моделот на био-психо-социјална проценка многу сеопфатно и корисно ги класифицира потребите на децата во ризик, како и родителските капацитети, ресурсите на семејството и животната средина, по области и подобласти, што е многу корисно од аспект на реализација на процесот на оценување и дефинирање на незадоволени потреби на децата. Овој модел може да се користи и во стручната работа со возрасни.

***Слика бр. 5*** **Области и подобласти на процена на децата во ризик**




Триаголникот за евалуација го става детето и неговиот/нејзиниот најдобар интерес во центарот на различни фактори: лични, семејни и срединскиски. Секој од овие три сегменти е определен од посебни аспекти - подобласти на оценување. Ова се важни аспекти за разбирање на проблемот на детето во ризик и контекстот во кој се појавува проблемот. Со евалуација на сите аспекти - подобласти на секоја страница од триаголникот, доведување во врска и согледување како секој од овие аспекти е во корелација со детето.

[41]Framework for the Assessment of Children in Need and their Families Преземено од: Department of Health, Department for Education and Employment Home Office, 2000

Од одговорите на прашањата по области и подобласти, ќе се согледаат задоволените и незадоволените потреби на децата и нивните семејства. За утврдување на потребите на децата во ризик може да ја користите Матрицата на ресурси во која можете сумирано да ги внесете наодите од проценката со примена на био-психо-социјален модел.

***Табела бр.6*** **Матрица на ресурси**

| Област на Потреби | Искажана потреба | Можности за самогрижа | | Можности за заеамна грижа | | Можности за професионална грижа | | Други забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Силни страни | Ограничувања | Силни страни | Ограничувања | Силни страни | Ограничувања | |
| **Приход** | | | | | | | | |
| **Дом** | | | | | | | | |
| **Вработување** | | | | | | | | |
| **Здравје** | | | | | | | | |
| **Ментално здравје** | | | | | | | | |
| **Социјална состојба** | | | | | | | | |
| **Рекреација** | | | | | | | | |
| **Секојдневни активности** | | | | | | | | |
| **Правни прашања** | | | | | | | | |
| **Образование** | | | | | | | | |
| **Друго** | | | | | | | | |

## *7.4. Како го спроведуваме процесот на проценка на потребите на деца во ризик?*

Проценката на потребите се одвива едновремено со проценката на ризикот и проценката на безбедноста на децата во ризик. Па така може да ги користите истите алатки и техники кои наведени во тема 6: Проценка на ризик, Општи техники/алатки за проценка/прибирање податоци за ризикот во стручната работа со деца во ризик. Тука би надополниле уште и примена на

*набљудување, анализа на постоечката документација и теренски посети* (кои се користат како техники и алатки во целокупното спроведување на проценка).

## Завршни согледувања и заокружување на тема 7

- Проценката на состојбата и потребите на децата во ризик се врши за дефинирање на видот на помошта и поддршката кои се потребни и соодветни за надминување на нивните проблемите и задоволување на нивните потребите.
- Проценката е континуиран процес во стручната работа со децата во ризик на собирање, анализирање и синтетизирање на важни податоци кои ги опфаќаат следните димензии: 1. Природата на проблемот на корисникот, обрнувајќи посебно внимание на улогите на децата и нивни блиски личности вклучени во проблемот; 2. Функционирањето (силата, ограничувањата, недостатоците) на децата и значајните личности; 3. Мотивацијата на децата и семејствата да работат на проблемот; 4. Релевантните фактори од околината кои придонесуваат за појава и регистирање на проблемот; 5. Додатните извори кои се достапни или потребни за да се надминат тешкотиите на децата во ризик.
- Целта на проценката во стручната работа со деца во ризик која треба да ја остварите како стручни работници е заедно со детето и семејството да донесете заедничка одлука за тоа:
  - кои потреби на детето не се задоволени;
  - кои се приоритетите на кои ќе работите понатаму (низ планирањето и спроведувањето на индивидуалниот план за работа).
- Во процесот на проценка како стручни работници кои работат со деца во ризик и нивните семејства, проценувате:
  - Потребите на детето – кои потреби се задоволени, а кои не се;
  - Капацитетот на детето самостојно да ги задоволи своите потреби;
  - Капацитетите на семејството и социјалната средина во функција на задоволување на потребите на детето.
- Потребите на децата во ризик може холистички да се согледаат низ био-психо-социјалниот модел според кој се добива прегледна класификацијата на потребите на детето како поединец, ресурсите на семејството и социјалната средина.

# *ТЕМА 8: ИЗДРЖЛИВОСТ (РЕЗИЛИЕНТНОСТ) КАЈ ДЕЦАТА ВО РИЗИК*

*8.1.* **Дефинирање на издржливоста (резилиентноста) кај деца во ризик**

*8.2.* **Делата на Daniel и Wassell (и други) – приказ на модел на издржливост и релевантност за договарање**

*8.3.* **Користење на матрицата за издржливост за разбирање на проценката и согледување на потребите на децата**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 8**



# ТЕМА 8: ИЗДРЖЛИВОСТ (РЕЗИЛИЕНТНОСТ) КАЈ ДЕЦАТА ВО РИЗИК

## Резиме на тема 8

Темата 8: *Издржливост (резилиентност) кај децата во ризик* во себе содржи:

1) Дефинирање на издржливоста (резилиентноста) кај деца во ризик
2) Делата на Daniel и Wassell (и други) – приказ на модел на издржливост и релевантност за договарање
3) Користење на матрицата за издржливост за разбирање на проценката и согледување на потребите на децата

## Цели на тема 8

Преку оваа тема очекувано е:

- Да ги надополните вашите знаење и сознанија за значењето на издржливоста на децата во ризик;
- Да осознаете како да ги поттикнете силните страни кај децата во ризик во процсот на надминување на ризикот/ците;
- Да ја осознаете и разберете улогата на семејството, социјалната средина и заедницата во поддршката на децата во ризик.

## Содржина на тема 8

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **Активност 8**<br>**Низ ходниците на сеќавањата 2** | • Бура на идеи<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **8.1. Дефинирање на издржливоста (резилиентноста) кај деца во ризик** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **8.2. Делата на Daniel и Wassell (и други) – приказ на модел на издржливост и релевантност за договарање** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **8.3. Користење на матрицата за издржливост** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

**Активност 8**

## Низ ходниците на сеќавањата 2

Одговорете ги следниве прашања сами во однос на свои сопствени животни искуства. Обидете се да посочите моменти, места и луѓе што имале влијание.

- Кои се некои од искуствата во вашиот живот што ви помогнале да станете личноста која што сте? (На пример, обидете се да се сетите на нешта како што се одмори/патувања, хоби, активности, учество во спортски активности, пријателства)
- Имало ли некои посебни искуства што биле пресвртници во отворање нови опции, идеи или можности за Вас?
- Дали имало некои конкретни личности во различни моменти коишто имале влијание во Вашето запознавање со нови вештини или интереси и кои можеби Ви помогнале да согледате непрепознаени таленти што сте ги поседувале? (Имајте на ум дека не е неопходно ваквите личности да биле присутни долги периоди во вашиот живот за да бидат влијателни на овој начин!)
- Дали имало тешки времиња низ кои сте поминале, со посебна помош од одредени луѓе или поради начинот на кој се справувате со работите?
- Кои поуки би ги извлекле од вашите позитивни искуства додека сте растеле, а кои БИ МОЖЕЛЕ да бидат релевантни во вашата работа со деца во ризик?

**Цел: Преку лично искуство да осознаете и да го поврзете со Вашето стручно знаење и практика во делот на издржливост**

## *8.1. Дефинирање на издржливоста (резилиентноста) кај деца во ризик*

### 8.1.1. Вовед во поимот *„издржливост“*

Издржливоста може да се дефинира на следниов начин: *„Нормален развој во тешки услови“* (Fonagy *et al* 1994). Ова се однесува на внатрешните и надворешните особини кои ни помагаат да се справиме со потешкотии. Издржливост не значи справување со потешкотии на начин како што некои луѓе се справуваат со нивните проблеми со тоа што злоупотребуваат опојни средства, или со разбеснување. **Издржливоста значи да се најде начин за справување со потешкотијата на начин на кој можеме да се прилагодиме на тешките околности и сепак да се развиеме со целиот потенцијал.**

Има моменти кога ќе бидеме *издржливи* и ќе има моменти кога ќе бидеме *ранливи*, тоа зависи од многу фактори – негативни фактори може да бидат слабо здравје, немање поддршка, премногу промени одеднаш или немање контрола врз ситуацијата, а позитивни фактори може да бидат поддршката од семејството и пријателите, одмор или чин на љубезност.

Да се вратиме на Активност 8; Ве молиме одговорите на прашањата:

- Што добивте, а што изгубивте?
- Кои беа најважните личности во таа ситуација и зошто?
- Кои беа најважните активности во таа ситуација и зошто?

Ова е табелата на Гротберг (Меѓународен проект за издржливост - International Resilience Project, 1997). Истражувањата утврдиле пет составни делови на издржливоста:

**_Табела бр. 7_ Табела на Гротберг (Меѓународен проект за издржливост - International Resilience Project, 1997)**

| Составни делови | Ако ги поседувам овие составни делови, тогаш сум: | Ако ги поседувам овие составни делови, можам да: |
|---|---|---|
| **_1. Блиски односи на доверба со други_: родители, семејство, згрижувачи, наставници, пријатели** | *Некој што другите можат да го сакаат*: детето може да развие особини што им се допаѓаат на другите | *Комуницирам*: детето е способно да изразува мисли, и да слуша мисли од другите. |
| **_2. Структура_: јасни правила и рутини, правични санкции кога се прекршуваат, пофалба кога се следат.** | *Некој што може да сака* - детето може да изразува љубов кон други, и чувствува кога на другите им е тешко или се вознемирени. | *Решавам проблеми* - детето може да решава проблеми, да вклучува и други кога треба, и да биде упорно. |
| **_3. Примери за однесување_: родители, семејство, згрижувачи и други што даваат пример за добро однесување и морал.** | *Горд/а на себе* - детето смета дека има способност за постигнување и не се обесхрабрува. | *Ги контролирам моите чувства* - детето ги знае и разбира емоциите и го контролира импулсивното однесување. |
| **_4. Поттикнување на самостојност_: луѓе што ги фалат децата кога децата сами нешто ќе направат** | *Одговорен/на* - детето прифаќа и му се дава одговорност | *Ги разберам моите расположенија* - детето ја разбира сопствената личност и личноста на другите. |
| **_5. Добра здравствена заштита, образование, духовна и социјална грижа_: доследна посредна и непосредна заштита на физичкото и емоционалното здравје.** | *Исполнет/а со надеж и доверба* - детето има верба во институциите и луѓето, има оптимизам и може да ја искаже вербата во рамките на морална структура. | *Барам добри односи* - детето има способност да најде луѓе – врсници или возрасни – со кои може да развијат заемна доверба. |

## *8.2. Делата на Daniel и Wassell (и други) [42] - приказ на модел на издржливост и релевантност за договарање?*

Загрозените групи како што се децата и младите во алтернативни форми на згрижување често се посочуваат како пример за единки кои може да остварат корист од развивање на издржливост, бидејќи истата овозможува детето да преживее и да надмине потешкотии (Bostock, L 2004). Често се вели дека предност во фокусирањето на издржливоста е што го поместува вниманието на силата што ја развива детето, наместо на проблемите и дека ова ги надополнува вештините и знаењето што произлегува од пристапот кон образование. Издржливоста може да го надополнува фокусот бидејќи опфаќа целосен поглед на младата личност и нејзините односи и расположливи ресурси, на 3 нивоа. Постојат списоци за проверка што се однесуваат на аспекти на секое од овие нивоа. *Издржливоста се дефинира како 'способност да се надминат потешкотии - и може да биде водечки принцип кога се планираат активност за млади чиишто животи се нарушени од злоупотреба и/или запуштеност и кои треба да бидат згрижени надвор од нивниот дом.'* (Gilligan 1997).

Издржливоста поттикнува заштитни фактори кои поддржуваат позитивни резултати. Не се работи само за заштита, туку и за развој. Заштитните фактори на кои се прави осврт се поврзани со долгорочна социјална и емоционална добросостојба на сите нивоа на социјалната средина на младата личност. Постоењето на овие фактори може да помогне во објаснувањето зошто еден млад човек може подобро да се справи со тешки животни прилики од друг. Добро се опфаќа сфаќањето дека не постои дете само по себе, туку секогаш нужно се работи за односи со блиски згрижувачи и други лица. Ефектите од овие односи ги надополнуваат внатрешните особини на личноста и надворешните фактори.

Важно е да се забележи дека димензиите на рамката за издржливост овозможуваат проценка на неповолните и позитивните фактори на сите еколошки нивоа на социо-емоционалната средина на детето (Daniel, Wassell and Gilligan 1999). Овие димензии дејствуваат во насока на зголемување на заштитните фактори и со тоа ја зајакнуваат издржливоста кај детето.

Издржливоста е сложено прашање и треба да се внимава. На пример, можно е да изгледа дека една млада личност добро се справува со потешкотии, а всушност ги интернализира симптомите. Привидното справување не треба да се зема здраво за готово и многу е важно да се направи внимателна широка проценка. Списоците за проверка се пристапни и структурирани на начин што секогаш ќе помогне во составување на извештаи од страна на стручниот работник. Ако е потребно, истите може да послужат и за натамошни поподробни проценки.

[42] Daniel, B. and Wassell, S. (2002) Assessing and Promoting Resilience in Vulnerable Children, volumes 1, 2 and 3, London and Philadelphia, Jessica Kingsley Publishers Ltd.

Меѓународниот проект за издржливост (International Resilience Project) користи едноставен список за проверка со 15 ставки кои укажуваат на издржливост (Grotberg, 1997):

1) Детето има некој кој го/ја сака целосно (безусловно).
2) Детето има некој постар надвор од домот на кого може да му каже какви проблеми има и како се чувствува.
3) Детето добива пофалби кога самото прави одредени работи.
4) Детето може да смета на своето семејство кога има потреба.
5) Детето има личност-пример (сака да биде како него/неа).
6) Детето верува дека работите ќе испаднат добро.
7) Детето прави работи што им се допаѓаат на други.
8) Детето верува во сила повисока од она што може да се види.
9) Детето е подготвено да пробува нови работи.
10) Детето сака да постигнува успех во тоа што го прави.
11) Детето смета дека има влијание/придонес во тоа како ќе испаднат работите.
12) Детето си се допаѓа себеси.
13) Детето може да се фокусира на задача и да опстои на неа.
14) Детето има смисла за хумор.
15) Детето планира да направи некои работи.

Сепак, постојат 3 основни составни делови и National Center for Exellence in Residential Child Care - NCERCC[43] предлага да се истражи нивната примена како мерила за резултати, односно показатели за напредок на младата личност што е згрижена. Тие може да се применуваат со сите млади лица и теоретски пристапи за згрижување.

1) **Сигурна основа** – чувство на припадност и сигурност
2) **Самопочит** – внатрешно чувство на вредност и компетентност
3) **Лична ефикасност** – чувство на владеење и контрола, придружено со точно разбирање на своите силни страни и ограничувања. Важно е да се спомне дека и покрај тоа што издржливоста можеби нема секогаш да ја заштити младата личност од натамошни потешкотии, и дека можеби нема да биде изводливо да се обезбеди идеална средина за младите, сепак зајакнувањето на нивната издржливост ги подобрува изгледите за подобри долгорочни резултати. Ова ќе се постигне со заштитна мрежа и рамка за интервенирање каде фокусот ќе биде на проценка на потенцијални силни страни во целиот систем на младата личност.

[43] Достапно на следниот линк

**Преглед на фактори поврзани со издржливост за време на училишна возраст**

***1.*** *Индивидуални фактори поврзани со издржливост:*

- женски пол
- чувство на компетентност и лична ефикасност
- внатрешна точка на контрола
- сочувствителност со други
- вештини за решавање на проблеми
- вештини за комуникација
- Подготвеност за дружење
- Самостојност
- Промислен/а, не импулсивен/на
- Способност да се концентрира на училишната работа
- Самостојност (женски)
- Емоционално изразување (машки)
- Смисол за хумор
- Хоби
- Способност и волја за планирање

***2.*** *Семејни фактори поврзани со издржливост:*

- блиска врска со најмалку една личност
- нега и доверба
- да нема разделби
- да нема проблеми со ментално здравје или зависности кај родителите
- се бара помош
- поттикнување на самостојност (женски)
- поттикнување на изразување на чувства (машки)
- блиски баби/дедовци
- приврзаност кон браќа/сестри
- до четири деца или помалку
- доволни финансиски и материјални ресурси

***3.*** *Фактори од поширокага околина поврзани со издржливост:*

- поддршка од соседи и други лица што не се роднини
- контакт со врсници
- добри искуства од училиште
- возрасни што даваат позитивни примери

**Преглед на фактори поврзани со издржливост за време на адолесценција**

***1**. Индивидуални фактори поврзани со издржливост:*

- машки пол
- одговорност
- сочувствителност со други
- внатрешна точка на контрола
- социјална зрелост
- позитивно поимање на себеси
- ориентираност кон постигнување
- нежност, нега
- социјална перцептивност
- да претпочита структурираност
- вредности
- интелигенција
- способност и волја за планирање

***2.** Семејни фактори поврзани со издржливост:*

- блиска врска со најмалку една личност
- нега и доверба
- да нема разделби
- да нема проблеми со ментално здравје или зависности кај родителите
- се бара помош
- поттикнување на самостојност (женски)
- поттикнување на изразување на чувства (машки)
- блиски баби/дедовци
- семејна хармонија
- приврзаност кон браќа/сестри
- до четири деца или помалку
- доволни финансиски и материјални ресурси

***3.** Фактори од поширокатa заедница поврзани со издржливост:*

- поддршка од соседи и други лица што не се роднини
- контакт со врсници
- добри искуства од училиште
- возрасни што даваат позитивни примери

## *8.3. Користење на матрицата за издржливост за разбирање на проценката и согледување на потребите на децата*

Матрицата за издржливост која е направена, односно претставува скала за мерење резултати поврзани со издржливоста кај деца во ризик, се заснова на **4 заштитни фактори:**

***Слика бр. 6*** **Заштитни фактори**




Постоењето на заштитни фактори може да објасни зошто едно дете подобро се справува со тешки животни случки од друго. Нивото на индивидуална издржливост може да се претстави како точка во димензијата на издржливост и загрозеност (видете слика 7).

***Слика бр. 7*** **Димензија на која може да се лоцира индивидуална издржливост**




Оваа димензија обично служи за посочување на *вродените особини на поединецот*. Некои деца се природно поиздржливи од други поради цела лепеза на фактори. … На пример, ‘лесен’ темперамент се поврзува со издржливост во раното детство.

Дополнителна димензија за разбирање на индивидуални разлики е димензијата на *заштитнички и отежнувачки околини*; оваа димензија опфаќа надворешни фактори и затоа е лоцирана во деловите на Триаголникот на мојот свет што се однесуваат на поширокото семејство, училиштето и заедницата. Примери на заштитничка околина може да опфаќа возрасно лице во поширокиот свет на детето, како што е наставник или младински лидер, или баба или дедо (видете Слика 8).

***Слика бр. 8*** **Димензија во која може да се лоцираат фактори на издржливост во опкружувањето на младата личност на која може да се лоцира индивидуална издржливост**




Кога ќе се согледаат заедно, овие димензии даваат рамка за проценување на позитивни и отежнувачки фактори во секој дел од *триаголникот на мојот свет* (видете Слика 13).

***Слика бр. 9*** **Рамка за проценување на фактори на издржливост**




Двете димензии заемно дејствуваат, и зајакнување на заштитните фактори помага да се зајакне индивидуалната издржливост на детето. [44]

Daniel и Wassell укажуваат дека издржливоста е сложено прашање и ништо не може да се земе здраво за готово при проценувањето колку е издржливо некое дете. Иако можеби се присутни знаци на издржливост, истите треба секогаш да се разбираат во контекст на индивидуалната ситуација на детето. На пример, некои деца можеби на прв поглед изгледа дека добро се справуваат со потешкотиите, но можеби чувствуваат тежок стрес внатре (Daniel and Wassell 2002, p.12). Затоа е важно да се запознае детето во постапката на проценување и затоа вреди да се слушнат впечатоците за детето кај различни возрасни што го познаваат детето.

Постојат голем број на фактори поврзани со издржливост, но Gilligan (1997) сугерира дека постојат три основни составни делови на издржливоста:

1. Сигурна основа во која детето има чувство на припадност и сигурност.
2. Добро самопочитување, односно внатрешно чувство на вредност и компетентност.

---

[44] *Адаптирано од Daniel and Wassell, (2002) Assessing and Promoting Resilience in Vulnerable Children Vols. 1, 2 & 3, London & Philadelphia, Jessica Kingsley Publishers Ltd.*
*Видете и во:* Daniel, B., Wassell, S. and Gilligan, R. (1999) *Child Development for Child Care and Child Protection Workers*, London and Philadelphia, Jessica Kingsley Publishers Ltd.

3. Чувство на лична ефикасност, односно чувство на владеење и контрола, придружено со точно разбирање на сопствените силни страни и ограничувања.

**Како може да се користи матрицата на издржливост во *Точно за секое дете (Getting it right for every child)*?**

Практичарите ќе соберат информации околу *Триаголникот на мојот свет* и може да имаат и поспецијализирани информации за одредени аспекти на добросостојбата на одредено дете. Важно е да се разгледа секое дете во семејството како поединец, бидејќи различни деца може да ги доживуваат истите услови на многу различен начин.

Еден начин што практичарите откриле дека помага да се разберат сите овие информации и да се утврди издржливоста и загрозеноста, како и отежнувачките околности и заштитните фактори е да се земе празна матрица и на неа да се „обележат" силните страни и притисоците што ги чувствува детето во однос на двата вида фактори во секоја точка на матрицата. *Жолти 'post-it' лепенки се добар начин за запишување и групирање на информацииите.*

На оската на отежнувачки околности и заштитничка околина, сите фактори што даваат поддршка во околината, како на пример успех на детето во училиште, треба да се постават од центарот по должината на оската кон заштитничка околина. Слично, факторите во околината што претставуваат отежнување, како на пример недоволно пари или опасно соседство, треба да се постават од центарот по должината на оската кон отежнувачки околности.

Истиот процес може да се повтори за фактори поврзани со детето што поттикнуваат изджливост, и оние што придонесуваат кон загрозеност на детето. Подолу е даден образец за празна *Матрица за издржливост*.

***Слика бр. 10***


Триаголник „Мојот свет“
getting it right
Да бидам здрав
Да научам да бидам одговорен
Учење и успех
Да станам независен, да се грижам за себе
Да умеам да комуницирам
Да уживам во семејството и пријателите
Имам доверба во себеси
Како растам и се развивам
Што ми треба од луѓето што се грижат за мене
Насоки и поддршка за да направам вистински избор
Секојдневна грижа и помош
Да бидам безбеден
Да знам што ќе се случи и кога
Да се тука кога ми требаат
Да ја разбирам мојата семејна историја и верувања
Игра, охрабрување и забава
Мојот свет
Мојот поширок свет
Поддршка од семејството, пријателите и другите луѓе
Училиште
Доволно пари
Работни можности за моето семејство
Локални ресурси
Удобен и безбеден дом
Припаѓање
Целото дете или младо лице: физички, социјален, образовен, емотивен, духовен и психички развој

***Слика бр. 11*** **Матрица на издржливост, за анализирање на информации**




Постојат некои фактори што може да бидат и заштитни и истовремено да укажуваат на загрозување или отежнување. Во одлучувањето каде да се постават ваквите информации, каде значењето можеби не е така едноставно, практичарите треба самите да определат како да се толкуваат овие различни аспекти на информациите и да ги одмерат спротивните влијанија. Ќе треба според своја проценка да одредат кои фактори се најважни. Ќе биде полезно и да се разгледаат интеракциите помеѓу факторите, бидејќи и ова може да биде димензија што определува дали влијанието е позитивно или негативно.

Откако ќе се направат овие согледувања, ќе биде можно да се види што треба да се направи за да му се помогне на детето и семејството со цел да се зајакнат заштитните фактори и издржливоста и да се намалат отежнувачките околности и загрозеноста. Постигнување мали подобрувања е добар начин да се акумулира успех, наместо да се поставуваат преамбициозни цели.

Откако ќе се постават факторите на матрицата и ќе се размисли за потребите на детето и можни мерки, потребите и мерките може да се споредат со осумте показатели на добросостојба - безбедност, здравје, постигнување успех, добро одгледан/а, активност, предмет на почит, одговорност и вклученост. Можеби нема да има потреба од мерки по секој показател и помошта треба да е сразмерна со секој од утврдените проблеми.

Анализата претставува основа за дискусија со детето, семејството и други практичари за тоа што да се внесе во планот за детето. Ова опфаќа што треба да се презема и кој ќе ги презема тие мерки.

Прегледот на напредувањето на детето ќе биде клучен дел од планот. Во некои околности, особено во сложени случаи, може да биде полезно да се навратите на *Матрицата на издржливост* при разгледувањето на напредувањето на детето.

**Референци**

Daniel, B., Wassell, S. and Gilligan, R. (1999) *Child Development for Child Care and Child Protection Workers*, London and Philadelphia, Jessica Kingsley Publishers Ltd.

Daniel, B. and Wassell, S. (2002) *Assessing and Promoting Resilience in Vulnerable Children, volumes 1, 2 and 3*, London and Philadelphia, Jessica Kingsley Publishers Ltd.

Fonagy, P., Steele, H., Higgitt, A. and Target, M. (1994) The Emmanuel Miller Memorial Lecture 1992: 'The theory and practice of resilience', *Journal of Child Psychology and Psychiatry,* 35, 2, 231-257.

Gilligan, R. (1997) 'Beyond Permanence? The importance of resilience in child placement practice and planning', *Adoption and Fostering,* 21,1,12-20.

*Getting it right for every child*: Using the resilience matrix to make sense of assessment information and evaluate children's needs
03/09/08 – V1.0 Scottish Government

**Активност 9**

## Работа со деца кои биле злоупотребувани или запуштени

**Цели:** Вие треба…

- **да научите за потребите на децата**
- **да научите како да ги поврзете овие сознанија со својата пракса**
- **да научите како да им помогнете на децата кои доживеале злоупотреба, траума или запуштање.**

Погледнете ги составните делови според Гротберг што претходно ги работевте и размислете за своите сопствени искуства.
Некои прашања за разгледување:

1. **Блиски односи полни со доверба**
   - Дали детето има блиски односи?
   - Дали детето има пријателства?
   - Има ли некои докази дека на родителите/згрижувачите им се допаѓаат пријателите на детето?
   - Има ли некои докази дека родителите/згрижувачите поттикнуваат пријателства?
2. **Структура**
   - Има ли докази за јасна структура во домот?
   - Има ли докази дека детето се чувствува сигурно/несигурно?
   - Има ли докази дека родителите/згрижувачите поставиле сигурна основа за развој на детето?
   - Дали околината ги исполнува потребите на детето да се чувствува сигурно и безбедно?
3. **Личности-примери за однесување**
   - Дали детето има личности-примери за однесување?
   - Дали детето има значајни луѓе во неговиот живот?
   - Дали детето бара помош ако доживее стрес?
4. **Поттикнување на самостојност**
   - Дали родителите/старателите на детето поттикнуваат самостојност кај детето?
   - Дали родителите/старателите покажуваат самоконтрола во нивното однесување?
5. **Добра здравствена заштита, образование, духовна и социјална грижа**
   - Дали се исполнети здравствените потреби на детето?
   - Дали детето учествува во некои активности во заедницата?
   - Дали се чини дека детето е среќно на училиште?
   - Има ли докази дека родителите/згрижувачите имаат активен интерес за образованието на детето?
   - Дали детето ужива да учи?

Запомнете дека активностите за развивање на издржливост може да бидат многу мали, но да имаат огромни ефекти! Градење на издржливоста е како градење на кула!

## Завршни согледувања и заокружување на тема 8

- Издржливоста кај деца во ризик значи да се најде начин за справување со потешкотијата на начин на кој можат да се прилагодат на тешките околности, а при тоа сепак да се развијат со целиот потенцијал.
- Издржливоста поттикнува заштитни фактори кои поддржуваат позитивни резултати. Заштитните фактори се поврзани со *долгорочна социјална и емоционална добросостојба* на сите нивоа на социјалната средина на младата личност.
- Матрицата за издржливост која е направена, односно претставува скала за мерење резултати поврзани со издржливоста кај деца во ризик, за заснова на 4 заштитни фактори: силни страни и потешкотии, образование, самопочит и лична ефикасност;
- Постојат голем број на фактори поврзани со издржливост, но Gilligan (1997) сугерира дека постојат три основни составни делови на издржливоста:
  - Сигурна основа во која детето има чувство на припадност и сигурност.
  - Добро самопочитување, односно внатрешно чувство на вредност и компетентност.
  - Чувство на лична ефикасност, односно чувство на владеење и контрола, придружено со точно разбирање на сопствените силни страни и ограничувања.
- Матрицата на издржливост, за анализирање на информации се сосотои од следните „полиња“:




- Со примена на алатката *Триаголникот на мојот свет,* стручните работници можат да соберат поспецијализирани информации за одредени аспекти на добросостојбата на детето во ризик. Важно е да се разгледа секое дете во семејството како поединец, бидејќи различни деца може да ги доживуваат истите услови на многу различен начин.

# *ТЕМА 9: КОМУНИКАЦИЈА ВО РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК*

*9.1.* **Градење релација/однос**

*9.2.* **Поставување прашања**

*9.3.* **Околина**

**Завршни согледувања и заокружување на тема 9**



# ТЕМА 9: КОМУНИКАЦИЈА ВО РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК

## Резиме на тема 9

Темата 9: *Комуникација со деца во ризик* е всушност заокружување на прирачникот. Ова е многу важна тема и е всушност клучна во спроведувањето успешна соработка и работа со децата во ризик. Темата е прикажана како кратко потсетување за вас за значењето на ефективната комуникација со децата во ризик, што подразбира таа и кои се најзините најзначајни сегменти – градење однос, поставување прашања и овозможување соодветна (безбедна) околина во која се одвива вашата комуникација како стручни работници со децата во ризик.

## Цели на тема 9

Преку оваа тема очекувано е:

- Да се потсетите и да ги надградите вашите знаења и вештини за комуникациајта со деца во ризик.
- Да се потсетите и да осознаете причините, елементите и целите на ефективната комуникација со деца во ризик.

## Содржина на тема 9

| | Метод/Техника | Ресурси |
|---|---|---|
| **9.1. Градење однос** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **9.2. Поставување прашања** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Активност 10**<br>**Трансформирајте ги прашањата за да добиете поголема претстава за децата во ризик (нивната состојба, ризик, силни, слаби страни, опкружавање и сл).** | • Бура на идеи<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **9.3. Околина** | • Презентација<br>• Индивидуална работа и индивидуална рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |
| **Завршни согледувања и заокружување на темата** | • Презентација<br>• Рефлексија | PPT презентација<br>Прирачник за обука |

## *9.1. Градење релација/однос*

За да им се овозможи на стручните работници да разберат како минатите искуства и настани влијаат врз животот на детето, стручните работници треба да комуницираат на начин што покажува дека ставовите на детето се важни. Можно е детето да било игнорирано или да не му се посветувало внимание во неговата околина, па можеби не е навикнато некој да го слуша или да го сфаќа сериозно.

Стручните работници треба да имаат способност да изградат добар однос со детето во ризик во опкружување што овозможува безбедност и доверба, за детето да знае дека некој го слуша и сфаќа сериозно.

За да избегне преоптоварување на детето, стручниот работник не треба првиот разговор да го почне со голем број прашања, треба да почне со објаснување, соодветно за возраста на детето во ризик, за тоа кој се тие и зошто се таму. Ова треба да опфати љубезни забелешки за задоволство од средбата и желба да се слушнат ставовите на детето. Важно е стручниот работник да одвои доволно време да го изгради овој однос и да овозможи детето да се чувствува пријатно со него/неа.

Стручниот работник треба да биде *искрен/а* и да *прифаќа*, да покаже *сочувствителност* и *да покаже дека може да му/ѝ се верува*. Исто така, треба да биде *трпелив/а* - веројатно е дека дете со тешко минато можеби не ги рабира сопствените чувства и можеби не ги знае зборовите за да опише како се чувствува.

Детето треба да биде уверено дека може слободно да зборува и затоа стручниот работник треба да се постави *афирмативно* и *уверувачки*.

Можно е детето да знае некои возрасни на кои не требало да им верува или можеби доживеало злоупотреба; ова задолжително треба тоа да се има на ум. Можеби некој му/ѝ кажал на детето да не им верува на службени лица; можеби смета дека не може да му/ѝ верува на стручниот работник. *Стручниот работник треба да работи според темпото на детето.*

Децата обично знаат кои се нивните потреби и во околина со безбедност и доверба ќе може да ги искажат. Стручниот работник треба да може да ги ислуша, да покаже дека слуша и да ги прераскаже на детето за да покаже дека се разбрале. *Стручниот работник треба да има способност да разбира и невербална комуникација*, говорот на телото на едно дете може многу да каже.

Методата што стручниот работник ја користи во комуникација со детето ќе зависи од неговата возраста, полот, развојна фаза, попреченост/инвалидитет социо-културно потекло, негативни искуства, преживеани трауми и вештини со кои располага професионалецот . Некое дете можеби повеќе сака да комуницира преку игра, уметнички творби или дискусија. Детето има

потреба да се чувствува сигурно и безбедно и да му верува на стручниот работник и затоа е важно во стручната работа да се користата методи и техники што се соодветни за детето.

Ако стручниот работник користи цртање или други творби за да комуницира со детето, но не му/ѝ е лесно да работи со тој медиум, најверојатно детето ќе ја почувствува напнатоста.

Стручниот работник треба да има способност да ги препознае и надмине сопствените ставови и ограничувања, со што ќе му овозможи на детето во ризик да се чувствува пријатно и безбедно..

НАСОКИ ЗА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ: Корисно е да се изградите ‚инструментариум’ од методи и техники за комуникација што вие ќе го користите во вашата стручна работа со деца во ризик. Ова ќе ви овозможи лесно да се снајдете со алатките кои ќе треба да ги користите за полесно да комуницирате со детето во ризик.

## *9.2. Поставување прашања*

Кога се поставуваат прашања на дете во ризик, стручниот работник треба да внимава да не зборува во име на детето или своеволно да ги толкува мислите на детето. Затворени прашања се прашања на кои се даваат одговори ‘да’ или ‘не’ и понекогаш може да послужат ако на стручниот работник не му/ѝ требаат многу информации или гледа дека детето почнува да се оптоварува. Истите треба да се користат на планиран начин.

Во комуникацијата со деца во ризик, почесто треба да се користат отворени прашања почнуваат со ‘како’, ‘кога’, ‘каде’, ‘кој‘ и ‘што’ и обично следуваат подолги одговори со повеќе информации.

Важно е да се користат вештини на активно слушање.

Прераскажете му го на детето она што сте го слушнале за да се уверите дека добро е разбран исказот на детето. Децата во ризик може да имаат свои посебни зборови за некои работи и затоа *стручните работници треба да даваат повратна информација* за детето да знае дека стручниот работник ги разбира.

**Активност 10**

**Трансформирајте ги прашањата за да добиете поголема претстава за темата за која се интересирате**

- Дали часовите ти се интересни?
- Дали ви се допаѓа да одиш на училиште?
- Дали ги пишуваш домашните работи?
- Дали се согласуваш со родителите?
- Дали уживаш во пушењето?

- ✓ Преформулирајте ги прашањата за да избегнете да почуваат со „зошто“
- ✓ Поставувајте едно по едно прашање
- ✓ Почекајте да добиете одговор пред да поставите друго прашање
- ✓ Поставувајте прашања кои поттикнуваат длабоко размислување
- ✓ Настојувајте да поттикнете разбирање и согледување
- ✓ Прашувајте и слушајте ги и фактите и чувствата кои се изразуваат
- ✓ Реагирајте на невербалната комуникација со фидбек
- ✓ Користете невербална комуникација за поставените прашања да немаат призвук на испрашување
- ✓ Одете од општо кон конкретно
- ✓ Спротивставете се на претпоставки и генерализирање.

## *9.3. Околина /опкружување*

Стручниот работник треба да има способност да покаже безусловно позитивна наклоност , односно детето треба да знае дека може да ги изрази своите чувства, ставови и потреби без да биде критикувано и/или осудувано.

Тешко е за било кој да изразува чувства ако смета дека не е прифатен/а. Исто така, важно е да се постават граници со коишто ќе се стави на знаење дека однесувањето е тоа што е неприфатливо, а не детето. *Поставување граници создава безбедна средина.*

Треба да се размисли за местото, понекогаш ова не е под контрола на стручниот работник, но кога е можно местото треба да е удобно и по мерка на детето. Во идеални услови при рака треба да има ресурси како што се книги со приказни, моливи, играчки, материјали за изработка, компјутерски игри и пластелин. Децата учат низ играње и тоа за нив е медиум за комуникација. Не

се работи секогаш за толкување на нивното играње, понекогаш се работи само за градење однос, разбирање на детето и како се изразува.

Децата во ризик имаат потреба да знаат дека тоа што им се случило не е по нивна вина. Ако имале тешки искуства, може да им е тешко да ги искажат/изразат и стручниот работник треба да им покаже разбирање дека е тешко да се зборува за такви настани.

Стручниот работник треба да создаде клима на доверба и безбедност и никогаш не треба да даде ветување на детето што не може да го исполни.

Важно е на почетокот на односот стручниот работник да каже дека можеби ќе треба некои информации да пренесе на други. Стручниот работник треба да објасни зошто има потреба од тоа и кога ќе се случи и добро е да им се кажува на децата дека информациите што ги даваат можеби ќе треба да се пренесат на трети лица.

**Предуслови за успешна комуникација:**

- лично ангажирање
- доследнсот
- пристапност
- флексибилност и отвореност
- чувство за хумор
- истрајност
- почитување на детето
- желба за ислушување
- љубезност и трпеливост
- способност за прифаќање на различни гледишта

***Комуникација преку активно слушање***

- молчење
- разбирање и уважување на тоа што го кажува детето
- охрабрување на дијалог
- поставување прашања
- давање фидбек
- следење и инерпртирање на говорот на телото и гласот на детето
- одржување контакт со очи
- задржување на сопствените мисли и чувства
- слушање без нудење решенија

***Комуникација преку давање фидбек заради:***

- заемно разбирање
- пофалби за определено однесување
- треба да бидете непосредни (потенцирајте го моментнот кога прават нешто добро); да бидете искрени и конкретни (концентрирајте се конкретно на тоа што е направено, а не на генерализирање); покажете ја корисноста, изјавете ги сопствените реакции, прашајте дали може да помогнете, давајте пофалби јавно, а критикувајте во четири очи)
- коригирање со нежно насочување
- поттикнување на напорите на детето за решавање проблем
- добивање фидбек од детето во ризик.

## Завршни согледувања и заокружување на тема 9

✓ Стручните работници треба да имаат способност да изградат добар однос со детето во ризик во опкружување што овозможува безбедност и доверба, за детето да знае дека некој го слуша и сфаќа сериозно.

✓ Стручниот работник треба да биде искрен/а и да прифаќа, да покаже сочувствителност и да покаже дека може да му/ѝ се верува. Исто така, треба да биде трпелив/а - веројатно е дека дете со тешко минато можеби не ги рабира сопствените чувства и можеби не ги знае зборовите за да опише како се чувствува.

✓ Стручниот работник треба да има способност да ги надмине сопствените ставови и напнатости и да му овозможи на детето во ризик да се чувствува удобно.

✓ Во комуникацијата со деца во ризик, почесто треба да се користат отворени прашања почнуваат со ‘како’, ‘кога’, ‘каде’, ‘кој’ и ‘што’ и обично следуваат подолги одговори со повеќе информации.

✓ Во стручната работа со деца во ризик, важно е да се користат вештини на активно слушање.

✓ Стручниот работник треба да има способност да покаже безусловно позитивна настроеност, односно детето во ризик треба да знае дека може да ги изрази своите чувства, ставови и потреби без да биде критикувано.

✓ Стручниот работник треба да создаде клима на доверба и безбедност и никогаш не треба да даде ветување на детето што не може да го исполни.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1) Cherry, K. (2022) Psychosocial Development Guide, Erikson's Stages of Development
2) Child Protection Guidelines The North East of Scotland Child Protection Committee, June 2011
3) Dan Hughes (2012) Parenting Matters: Parenting a child with emotional and behavioural difficulties, British Association for Adoption and Fostering
4) Daniel, B. and Wassell, S. (2002) Assessing and Promoting Resilience in Vulnerable Children, volumes 1, 2 and 3, London and Philadelphia, Jessica Kingsley Publishers Ltd.
5) Daniel, B., Wassell, S. and Gilligan, R. (1999) Child Development for Child Care and Child Protection Workers, London and Philadelphia, Jessica Kingsley Publishers Ltd.
6) Donahue, J.J. (2020). Zeigler-Hill, V.; Shackelford, T.K. (eds.). "Fight-Flight-Freeze System". Encyclopedia of Personality and Individual Differences: 1590–1595.
7) Fonagy, P., Steele, H., Higgitt, A. and Target, M. (1994) The Emmanuel Miller Memorial Lecture 1992: ‘The theory and practice of resilience’, Journal of Child Psychology and Psychiatry, 35, 2, 231-257.
8) Getting it right for every child: Using the resilience matrix to make sense of assessment information and evaluate children’s needs 03/09/08 – V1.0 Scottish Government
9) Gilligan, R. (1997) ‘Beyond Permanence? The importance of resilience in child placement practice and planning’, Adoption and Fostering, 21,1,12-20.
10) Jenkins, S. (2004). Developing a Residential Programme for Children in Response to Trauma-Related Behaviours. Children Australia, 29(3), 22-29.
11) Pecora, PJ, Whittaker, JK, Maluccio, AN, Barth, RP, & Plotnick, RD (2000). Предизвикот за заштита на децата (второ издание). Њујорк, Њујорк: Алдин де Грујтер; Zlotnick, J. (2000). Кои се основните надлежности за практичарите во агенциите за заштита на децата? Во H. Dubowitz & D. DePanfilis (Eds.), Прирачник за пракса за заштита на децата (стр. 571-576). Thousand Oaks, CA: Sage.
12) raisingchildren.net.au. (2021). Good mental health for children: 3-8 years. Достапно на следниот: линк.
13) Rauch, JB, North, C., Rowe, C., & Risley-Curtiss, C. (1993). Компетентност за разновидност: Водич за учење. Балтимор, д-р: Универзитет за социјална работа во Мериленд.
14) Treadwell, J., Perez, R., Stubbs, D., McAllister, J., Stern, S., & Buzi, R. (2015). Case Management and Care Coordination: Supporting Children and Families to Optimal Outcomes. Springer International Publishing.
15) UN General Assembly: 3rd Committee – Topic Area A 4
16) Walter Bradford Cannon (1915). Bodily changes in pain, hunger, fear, and rage. New York: Appleton-Century-Crofts. p. 211.
17) World Health Organisation. (2018). Nurturing care for early childhood development A global framework for action and results. Достапно на следниот линк.
18) АНАЛИЗА на состојбата со правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија 2021, ООН Северна Македонија достапно на следниот линк
19) Богоевска,Н., Димитријоска, С. (2020) Заштита на деца, Униврзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Филозофски факултет, Скопје

20) Годишен извештај за остварени резултати на ООН во Северна Македонија за 2021, достапно на следниот линк
21) Годишен извештај на Канцеларијата на УНИЦЕФ во земјата за 2021 година Северна Македонија, достапно на следниот линк
22) Народен правобранител, Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021, достапно на следниот линк
23) Пери Б (Perry B) (2002) Генетски потенцијал: Што запоставувањето во детството ни кажува за наследеното и наученото однесување (Genetic Potential: What Childhood Neglect tells us about Nature and Nurture) Мозок и ум (Brain and Mind) 3: 70- 100
24) Прирачник Интегрирано водење случаи (2019) Скопје

**ПРАВНА РЕГУЛАТИВА**

1) Устав на Република Македонија, Собрание на Република Македонија (Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија 1991, Одлука за прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија 1992, 1998, 2001, 2003, 2005, 2009, 2011).
2) Конвенција за Правата на детето, Генерално собрание на ОН, Резолуција 44/25 од 20.11.1989.
3) Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19).
4) Закон за семејството („Службен весник на РМ“, бр.153/2014, пречистен текст)
5) Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник“ бр. 138/14, 33/15, 150/15).
6) Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19).
7) Законот за установите („Службен весник на РМ“ бр. 32/2005, 120/2005 и 51/2011).
8) Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. бр. 5/2002).
9) Закон за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/2009).
10) Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11, 55/16).
11) Закон за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ“ бр.63 /2007, 187 /2013, 43/2014, 215/ 2015).
12) Закон за вработување инвалидни лица („Службен весник на РМ“ бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/15, 147/15, 27/16).
13) Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/2016).
14) Закон за превенција и заштита од дискриминација („Службен весник на РМ“ бр. 50/2010, 127/10, 44/14, 150/15).
15) Закон за инвалидски организации („Службен весник на РМ“ бр. 89/08, 59/12, 23/13).
16) Закон за наследување („Службен весник на РМ“ бр. 47/96).

17) Закон за работни односи – пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 167/2015, 27/2016).
18) Закон за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019).
19) Закон за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18).
20) Закон за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015).
21) Закон за здравствено осигурување – пречистен текст („Сл. Весник на РМ“ бр. 142/2016).
22) Закон за кривична постапка („Службен весник на РМ“ бр. 150/10, 100/12, 142/16, 193/16, 198/18).
23) Закон за правда за деца („Службен весник на РМ“ бр.148/2013).
24) Закон за медијација („Службен весник на РМ“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16).
25) Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ“ бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11).
26) Кривичен законик („Службен весник на РМ“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002,43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011,142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр.220/2000 од 30 мај 2001 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2001; У. бр. 210/2001 од 6 февруари 2002 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2002; У. бр. 206/2003 од 9 јуни 2004 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2004 и У. бр. 228/2005 од 5 април 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2006) .
27) Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 2/2006, 57/2010, 170/2013, 43/2014, 166/2014, 33/2015, 98/2015 и 11/2016). Одлуки на Уставниот суд: У. бр. 9/2006 од 10 мај 2006 година, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 65/2006 и У. бр. 146/2011 и У. бр. 179/2011 од 2 мај 2012 година, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 68/2012).